**УНИВЕРЗИТЕТ „Св. КИРИЛ И МЕТОДИЈ„**
**ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ**
**ИНСТИТУТ ЗА СОЦИОЛОГИЈА**

# ИНФОРМИРАЊЕТО НА ПЕЧАТЕНИТЕ МЕДИУМИ ЗА СОВРЕМЕНИТЕ МОРАЛНИ ПРЕДИЗВИЦИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**(докторска дисертација)**

**Ментор**
**проф.д-р Зоран Матевски**

**Кандидат**
**м-р Александра Жежова**

**2010, Скопје**

# ВОВЕД

Етиката или моралот, без оглед на формата во која се појавуваат, се важен дел од составот на идеи, кои се својствени за човековите општества. Тие всушност ни овозможуваат да ги оправдаме правните правила и да одредиме што во општеството е дозволено или забрането. Притоа ги вклучуваат и подрачјата кои не потпаѓаат директно под удар на законите, но исто така ја истражуваат и смислата на различните правни и општествени норми изнесувајќи ги на виделина вредностите кои тие норми ги прават не само задолжителни, туку и привлечни и мотивирачки за било кој субјект. Етиката и моралот успешно се наметнуваат на човечките општества токму поради таа своја заедничка способност да ја изразат смислата и вредностите на одреден нормативен поредок на општествениот живот.

Некои автори, поимот „морал„ го резервираат за цврста точка која ги сочинува нормите и чувството на обврски, додека етиката според нив му претходи на моралот или го создава неговото настанување (Riceur, 2001:58-89). Во актуелната употреба моралот често се однесува на однапред воспоставен нормативен поредок, додека етиката повеќе се однесува на прашањата и несигурноста на субјектот кој се наоѓа пред практичен избор. На пример, се зборува за „етичка цел„ за да се опише состојбата на свеста на субјектот кој се обидува да го направи најдобриот морален избор. Но, постои и деонтолошка употреба на поимот „етика„ кој напротив, повеќе се однесува на правилата, отколку на субјективната ориентација.

Во одредена употреба, етиката исто така се појавува како некој вид на наука или дискурс за моралот, и на тој начин се приближува до она што го нарекуваме филозофија на моралот.

Предметот на нашето истражување, е да се утврди улогата и значењето на медиумите, особено на печатените медиуми во информирањето на јавноста за современите морални предизвици (абортусот, хомосексуалноста, евтаназијата и клонирањето) во македонското општество.

Во тие рамки ќе биде истражено до кој степен македонските медиуми информираат за овие морални предизвици. Исто така, еден дел од истражувањето

се однесува на теорискиот осврт на современите морални предизвици, (односно нивното разгледување од религиски аспект, од аспект на човековите права и нивното законско регулирање.

Во општеството може да се констатираат реални состојби, тенденции за овие морални предизвици и се поставува прашањето како медиумите, односно дневниот печат ја отсликуваат таа состојба во општеството, а од друга страна како таа медиумска слика влијае врз општеството, односно во тие области.

Медиумските информациски презентации и природата на мас-комуникациските содржини веќе одамна не се плод на едноставна прибирачка и опишувачка дејност која дава само елементарни известија и описи на социјалниот живот.

Низа чинители на современото општествено живеење им овозможија на медиумските активности да ги преобразат сопствените комуникациско-информациски содржини од чиста колекционистичка и дескриптивна емулзија во една целесообразна општествена дејност, во една хумана активност. Комуникациско-информациската содржина и самата медиумска пракса се надгради и конституира како нешто повеќе од прибирање на факти, нешто повеќе од опишување на настани.

Поточно, медиумите и нивните комуникациско-информациски содржини добија влијателна и вредносна стандардизација, концентрирајќи се во единствената современа дејност, која ќе ја нагласува и афирмира потребата за етичката борба на човештвото за заштита на животот и живиот свет. Можеме да зборуваме за активност, која ќе го нагласува и негува сознајниот, моралниот и истражувачкиот капацитет на своите содејственици, но и професија која ќе се залага за промена (револуција или еволуција) на политичките и економски облици на општествената организација на владеењето и произведувањето на облици кои ќе го отуѓат човекот од сопствената природа, кои се нехумани во однос на универзалните етички стандарди.

Медиумите денес со своите дејанија овозможуваат пренабрегнување на вредносната неутралност на дескрипцијата и премин кон интелектуално

ангажирана комуникациска порака, кон комуникациска порака со кодиран морален скандал.

Наравоучението на басната, моралната поука на митот, етичката порака на литературата во ерата на информациското и информатичкото општество, во ерата на глобализацијата го изгубија приматот да пренесат и разнесат една морална идеја или концепт.

Затоа, денес и медиолошко-журналистичкото творештво сосема суверено и вредносно подеднакво ја шири интересноста, ексклузивноста, значајноста, трогателноста или доблесноста на етичките собитија и поуки.

Медиумите и комуникациско-информациските системи се врзани со моралноста. Од една страна медиумската подготовка на известувањето треба да ја следи моралноста како деонтологија низ стандарди на откривањето, прибирањето, бранењето и пласирањето на вистината, на информацијата во јавноста, но истовремено од друга страна медиумската структура неверојатно плодоносно треба да влијае во продуцирањето на моралноста, односно да и даде морално значење на пораката, и етичко сомневање на самите општествени настани.

Медиумите живо влијаат врз етичките системи и нивните формално правни апликации во еден res legis токму преку моралните реконструкции, моралните димензионирања, моралните скадали и моралните телоси на медиумско-новинарскиот потфат.

Штом медиумите се креатори на моралноста, тогаш сосема е оправдано едно истражување на медиумското информирање кај нас, за некои од современите морални предизвици. Анализата на комуникациските содржини при известувањата за правната можност за хомосексуални бракови, како и можноста за посвојување на деца од страна на истополови брачни партнери, формално-правната забрана на абортусот, наспроти формално-правната дозвола на евтаназијата може да посочи како и колку македонските информациски системи допринеле за био-етичките и танато-етичките морални скандали на етаблираната морална свест и совест.

# ПРВ ДЕЛ

## ГОЛЕМИТЕ СОВРЕМЕНИ ЕТИЧКИ РАСПРАВИ

### Разни аспекти на актуелните расправи

Во современите општества, етиката или моралот, кои заземаат посебна положба, поради очигледното отстапување помеѓу принципите на слобода и еднаков дигнитет и почит кон личноста, се чини дека се универзално прифатени, додека посебните морални сфаќања не се предмет на никаква општа согласност. Таа ситуација сведочи, во најмала рака, за недовршениот карактер на секуларизација на моралот, кој во најголем дел останува работа на приватната или исповедна свест.

Всушност, религиите отпрвин ја изразувале смислата и вредностите, почнувајќи со давање одговор на темелните метафизички прашања: „Од каде доаѓаме?” „Зошто живееме?” „Што постои после смртта?”, извлекувајќи од тие погледи некои практични заклучоци за однесување во животот. Специјализираното филозофско размислување за тоа, особено во модерното време, појавата на одлучни критички и лаички мисли довеле до барање на изворот на смислата и вредностите на други подрачја, а не во божјата или надправната димензија. Со почетокот на 19 век, стана вообичаено, напредокот кој произлегува од спонтаниот тек на историјата да се смета за главен извор на човечката смисла и вредности (Burley, 1999:35-41).

Првите еволуционистички мислители инсистирале на внесување на моралот во законите на природната еволуција, сметајќи дека етиката и цивилизацијата се еден вид на повисок облик на биолошкото прилагодување. Како што знаеме, 20-от век кој се карактеризира со низа научни откритија и политички ужаси, претставува силно искушение за вистинитоста на сите тие визии за смислата и вредностите.

Традиционалните религии, како и модерните политички или научни идеологии, морале своите рецепти да ги усогласат со случувањата на овој непредвидлив свет. Се потешко можело да се смета на судбината, која божеството,

историјата или природата однапред го поставила, и на тој начин би се одредила смислата и вредностите на човечкиот животен поредок.

Тоа губење на илузија не го спречило постојаното враќање на понекогаш екстремните религиски движења во современиот свет, како ни политичките идеологии, кои и покрај се сé трудат да ја пронајдат смислата на историските движења, кои, се чини се извлекуваат на неговите сопствени содејственици (соучесници).

Во големиот идеолошки хаос на модерниот свет во кои не успева да се наметне ниту еден особен морал, етиката на човековите права и демократија - што во суштина е и главна лекција која од варварството на последниот век ја извлековме - сеуште се јавува како последно прибежиште на човечката свест.

Меѓутоа, ако е полесно да се согласиме за некои принципи кои се универзални, и околу кои е постигната согласност, многу е потешко да се согласиме за нивната примена во одредени ситуации.

Повеќеструката несигурност за современите етички дебати не резултираа со недостаток на општоприфатени темели, што во иднина тие темели би изгледале прифатливи заедно со принципите за човековите права и еднаквост, туку со тешкотија дека од тие темели би можеле да се извлечат правила за дејствување кои ќе бидат универзално прифатени како праведни (Burley, 1999:63-86).

Всушност таа нејаснотија на практично размислување на секој поединец може најдобро да ја оправда социологијата на моралот, која е способна да ги објективизира моралните чинители, а притоа да не ја сведе ниту на општествени причини, кои наводно се независни за било каква нормативна пресуда, како ни на филозофски прашања кои се одвоени од желбите за објаснувања, зависни од различноста на нормативната позиција.

Проблемот всушност не претставува само дополнување или реформулација на постоечката социологија врз основа на новите податоци за етиката, ниту потхранување на расправите за моралната филозофија, туку разбирање на начинот на кои општествените субјекти можат да завземаат некое морално стојалиште во однос на сопственото дејствување, водејќи сметка за природните и општествените услови со кои се подвргнува нивниот секојдневен живот.

Со други зборови, се работи за тоа да дознаеме во кои облици и во која мера моралните предвидувања можат да бидат детерминирани од општествениот живот, а кои не можат да се сведат на било која друга скриена детерминанта, како што се на пример, функционалната прилагоденост за промена на околината.

Тој проблем во исто време е и филозофски и социолошки, кој имплицира објкетивизирање на концептуалната смисла за моралноста (што е филозофски проблем) и нејзиното запишување како општествен факт (што претставува социолошки проблем).

Во секој случај, неопходно е тоа да го имаме на ум, кога им пристапуваме на големите проблеми од светската политика, употребата на научни, технички или еволуциски проблеми на кои е сосредоточена современата етичка расправа.

Кога се работи за овие прашања, итноста и несигурноста во донесувањето одлука, доведува до тоа дека се поголема важност се дава на одговорноста и слободата на моралот на секој човек. Покрај мноштвото природни и општествени фактори на моралните субјекти, не знаеме во целост, до која мера таа автономија е можна.

На политички план, особено универзалната потврда на демократскиот модел тежнее кон тоа, секој човек да го направи актер, чиешто дејствување може да биде важно за општата еволуција на човековото општество.

Модерниот демократски субјект не само што има лични права, кои мора да ги брани, туку мора и да бдее за еднаква распределба на тие права околу себе. Во однос на разликата на поединечните морални сфаќања се чини дека перцепцијата на политичката актуелност во главно претпоставува согласноста за некои основни морални принципи, чиешто отфрлање секој поединец го смета за неправедно.

Така на пример, некоја афера за политичка корупција ги полни страните во печатот, поради тоа што граѓанскиот морал начелно исклучува таков вид пракса. Исто така, вестите за бројот на мртви и гладни од земјите на светскиот Југ или Исток, чувството на ужас кое се јавува, обично се засноваат на заедничкото уверување за постоење на правото на секој човек за лична сигурност и храна.

Разни аспекти на актуелните расправи за глобализацијата, се врзуваат за етичко-политичката одговорност. Тоа е на пример, случај кога ќе се запрашаме за

условите за интеграција на најсиромашните земји во меѓународната трговија. Всушност, истата желба за универзална политичка одговорност ја направи исто така популарна идејата за меѓународниот данок за движење на капиталот. Мобилизацијата за или против ангажманите во одредени светски судири, исто така ја илустрира тежината на секој граѓанин за секое осетливо политичко прашање да го прифати гледиштето на некои видови универзални моралисти.

Кога судирот со традиционалните и верски идеологии или оние кои проповедаат враќање на традицијата не е веќе така жив, можеме да стекнеме впечаток дека етиката ослободена од секоја трансцедентна или партикуларистичка укотвеност, всушност станува втемелена во модерната политичка идеологија.

Општиот напредок на знаењето, ги зголеми средствата на дејствувања на природата подлабоко, менувајќи го материјалното окружување на човековото општество, предизвикувајќи во исто време низа еколошки препреки за нивната иднина. Всушност, на тие препреки се обидуваат да одговорат актуелните размислувања за „принципот на внимателност„ кои пред се претставуваат само начин на инсистирање на важноста на човечката одговорност (Jonas, 1979:56-59).

Но таа призната нужност од внимателно дејствување во сите подрачја, кои се однесуваат на иднината и интегритетот на човековиот вид има за последица и нагласување на нови зависности од природното окружување, и политичко и економско.

Претпоставуваме, дека човекот не само што може да дејствува на својата природна околина, што е случај и со другите животински видови, туку и дека интелигентно управува со тоа, во согласност со виталните интереси на видовите. Но, ако човековиот вид се чувствува се поодговорен за својата идна еволуција, нема причина тој своето делување да го ограничи на уредување и зачувување на материјалното окружување во кое може да се живее. Исто така, човековиот вид може да ги промени и сопствените специфични особини со што би ги намалил ризиците на одредени болести. Таквата можност е зголемена со актуелниот напредок на биолошките и медицинските знаења.

**Еволуција на човековиот вид**

Биолошките и неврофизиолошките откритија кон крајот на 20 век го ставаат човекот пред ново преиспитување за сопствената специфичност во животинското царство и за евентуалното право на користење на техничките средства. Всушност и на тој начин овие откритија би дејствувале на таа човечка специфичност.

Денес постои можност за предвидување на одредени биолошки карактеристики на неродени деца и дејствување на механизмите на прокреација со помош на одредени техники, како што се прекин на бременост, ин витро оплодување, генетски манипулации или во поблиска или подалечна иднина, клонирање на човечки суштества.

Напредокот на медицината од друга страна открива нови перспективи како што е лечење на предвидливи болести на подолг рок, генетска терапија или ширење на извори на органи за пресадување од човечки или не-човечки материјали (Bateman-Novaes,1991:24-29).

Додека природната селекција на животинските видови обично се заснова на индивидуалната мутација и влијанието на средината на која видот во принцип има тек со доста ограничена моќ, човечките суштества се сѐ поспособни во моделирање на сопствената биолошка еволуција. Исто така може да влијаат на сопствената физиолошка структура, која би ја усогласиле со сопствените желби или да ја прилагодат на условите на средината која ја создале (Habermas,2001).

Се чини дека со новите медицински техники може да се заобиколат дури и границите за кои сметавме дека се недопирливи, како што се границите кои се однесуват на разликите помеѓу половите или прокреативните функции.

Не е случајно дека современите етички расправи најпрвин се појавија на полето на биомедицината, а потоа се проширија и на другите подрачја како што се политиката и економијата. Биомедицинските техники, всушност му нудат на човечкото размислување низа неочекувани ситуации за кои традиционалниот морал моментално нема одговори. Но, тие зад себе имаат и контраверзно минато, поради тоа што ги користеле нацистите, но и поради одредени размислувања на

социјалниот дарвинизам и политичкиот еугенизам, што би требало да поттикнува на внимателност. (Harris, 2001:53). Исто така, може да се забележи дека техничкиот напредок во биомедицинските подрачја се одвива паралелно со постојаниот напредок на знаења за биолошката и когнитивната адаптација на човекот со природните услови во средината. Но и тие знаења исто така го сочинуваат моралното промислување за еволуцијата на човечкиот вид.

Кога се работи за насока на еволуцијата, за која луѓето денес се способни и сами да дадат сопствени специфични карактеристики, одеднаш имаме причина за загриженост. Имаме случај кога би можеле да веруваме дека е легитимно се што е во согласност со законите на природната еволуција. Со други зборови, секој облик на живот, е легитимен доколку би успеал да исплива во економското, политичкото или биомедицинското подрачје. Или, пак напротив, би требало да се смета дека секоја човечка интервенција на условите на сопствената околина, а со самото тоа и на сопствените специфични црти има некоја смисла која не може да се сведе на обична игра на природните услови?.

Очигледно е дека современите етички расправи се темелат пред се на таа хипотеза. Но, сепак треба да може да се оправда претпоставената неспоивост на смислата и вредностите на човечкиот живот на каузалните механизми на природната еволуција. А тоа не е саморазбирливо, особено поради тоа што се смета дека постојат мноштво изрази на смисла и вредности, кои се својствени на разните видови на граѓанскиот морал. И далеку од тоа дека тие секогаш се меѓусебно компатибилни.

## Слобода и избор против традицијата и природата

Современите етички расправи кои се однесуваат на абортусот, хомосексуалните бракови, евтаназијата, клонирањето и другите прашања, се обидуваат да ги интегрираат овие морални предизвици во мноштвото облици на граѓанскиот морал, додавајќи дека тоа мноштво го структурира всушност принципот на слободен избор на лицата. На ваквите сфаќања им се спротивставуваат аргументите на религиската традиција или натуралистичкото

поимање на животот. Повикување на слободен избор на поединецот во повеќе случаи всушност претставува напредок на правата во однос на арбитрарните одлуки, кои, кога се работи за брак, полова ориентација или користење на сопственото тело, се наметнува семеен или верски авторитет.

Имаме причина да веруваме дека повикот на природата не е доволно, за да се втемели моралот, помеѓу останатото, но и поради тоа што природната еволуција претставува случаен феномен чија реализација може да биде многу крута, но и многу сурова.

Дури и кога би претпоставиле дека е можен некој морален натурализам, како што мислат некои филозофи, прашањето за неговите практични последици и понатаму би било широко отворено, но во секој случај мала е веројатноста дека поборниците на традиционалниот модел се негови најверни толкувачи.

Од друга страна, разгледувањето (промислувањето) на моралот, секогаш мора приправно да реагира на знак за паника, кој го даваат човечките ситуации. Луѓето како биолошки суштества се слаби, склони кон страдање, и поднесување на разни видови физички и морални притисоци од страна на околината, а притоа не им се нудат средства за „слободен„ избор (Rawls,1993).

## Различноста и објективноста на граѓанскиот морал

Современата етичка дебата и понатаму длабоко останува заробеник на неусогласената смисла и вредности кои ги раздвојуваат посебните облици на граѓанскиот, приватниот и верскиот морал. Воопшто не е лесно да се уредат големите прашања на човечка одговорност или правилата на еволуцијата од оправдувањата на актуелните општествени правила, осигурување на правда помеѓу луѓето или давање смисла на напорите и обврските на секојдневниот живот.

Посебните облици на граѓанскиот морал се нивните различни и делумно противречни филозофски, религиски или културни рамки кои всушност ги филтрираат современите етички расправи. Научните знаења, врз кои тие расправи се потпираат, во принцип нудат единствена и универзално прифатена рамка за

размислување. Всушност, не е доволно научните знаења да бидат заеднички, за да различните облици на морал, успеат меѓусебно да се сложат.

Истите можности кои ги отвора научниот напредок и техники можат да доведат до мноштво ставови, на пример, оние кои начелно се спротивставуваат на било каков облик на клонирање на луѓе, понатаму оние кои мислат дека клонирањето овозможува терапевтски ресурси од кои неможеме да се лишиме, или пак мислења, кои пред се гледаат економски предности на генетската манипулација на растенијата и оние кои за тоа не сакаат ни да чујат.

Моралните позиции имплицираат вредносни судови или нормативен ангажман, кои очигледно не можат да бидат предмет на објективните знаења. Секој морален став кој се смета за научен, му се заканува голема опасност, во својата суштина да биде некој вид догматизам.

**Објективноста на моралот и социологијата**

Потребно е да се запрашаме, што во граѓанскиот морал или во завземањето на некој став во етичка расправа може да се смета за објективно, притоа земајќи ја во обѕир различноста на изразите, смисла и вредности. Се работи ли навистина за вистинска објективност, која ќе доведе до зависност на моралните ставови за одреден број независни природни или општествени услови, или за правна објективност која ќе овозможи компаративна проценка на различните морални ставови, или, пак за некој облик на посебна објективност, која ќе успее да ги спаси двата претходни облици ?.

Моралот отсекогаш претставувал важен дел од социолошките истражувања, од своите британски претставници, како што се, Дејвид Хјум, Адам Смит, или француските втемелувачи, особено делата на Огист Конт, па се до современиот период. Како посебно подрачје на социолошките истражувања, социологијата на моралот се соочува со одреден број на преобразби, уште од своето појавување 1896 година, во списанието L'Annèe sociologique, Емил Диркем, во кое, социологијата на моралот заедно со правото го сочинувале третиот дел „Анализа и библиографски бележници,,. И самиот Диркем чиешто дело започнува и завршува со промислата за

„научноста на моралот„ секогаш придава значење на проучување на моралните факти. Меѓутоа, никогаш во целост не успеа да ја разреши дилемата помеѓу дескриптивното проучување на обичаите и општествените притисоци од една страна, т.е. земањето во обѕир на субјективната автономија, која му се чинела како составен дел на моралните факти, на која имплицира извесна нормативна проценка и методата на познавање на моралните субјективности од друга страна (Isambert-Andre,1986:83-103). За да го направат помалку проблематично знаењето за обичаите, на неговите наследници, им било доволно во социолошка анализа да ја исфрлат димензијата на морална автономија. Всушност, тоа се случувало во периодот на социологијата, до таа мера, што всушност се сметало дека социологијата на моралот, исчезнала, како „подрачје„ на академската социологија. Тоа замрачување на социологијата на моралот како дисциплина, не смееме да го помешаме со исчезнувањето на моралот или етиката во социолошките истражувања во 20-от век.

Во американската социологија, водечка улога има влијанието на делата на Талкот Парсонс, кои осигураа континуитет на социолошките истражувања во етичка и нормативна димензија на социолошки факти, особено во социологијата на девијации (Ogien,1995:73) и во етнометодологијата. Сепак, останува фактот дека почнувајќи од 50-те години, моралот, повеќе немал толку големо влијание на аналитичките социолошки категории, особено во Франција, каде што влијанието на марксистичките идеи во основа го преферира надворешно-политичкиот пристап на општествените феномени.

Кон крајот на 70-те години можеме да забележиме повторно јавување на социологија на моралот, со појавата на „социологија на етиката„ која произлегла од социологија на религијата, а која сакале повторно да се занимава со моралната димензија на општествените факти. Појавата на „етичка„ тематика во јавни расправи, а особено во биомедицинската етика, одигра значајна улога во повторното појавување на социологија на моралот во Франција и во светот (Genard,1992:110-118).

Едно од прелиминарните прашања на социологија на моралот, е на кој начин социологијата може да се занимава со субјективните и нормативни прашања,

кои се својствени за општествените факти. Всушност, социологијата на етиката или моралот, неминовно станува морална социологија од моментот кога ќе одлучи да се занимава со психолошките и логичките делови на моралното искуство. На крај следува круцијална расправа за тимот на објективноста, кој може да го искористи социологијата на моралот, која не може да се ограничи на посматрање на надворешните услови на моралниот живот.

Кога настојуваме да ги објективизираме моралните ставови, или моралниот живот, можеме всушност да замислиме повеќе насоки на истражување, зависно од тоа дали не интересира само објективниот факт за појавата или изразениот морален став. Според првата насока на истражување, која во социологијата е најконвенционална, се работи исклучиво за споредба на разликите на смислата и вредностите, разлика која различни поединци или општествени групи ја придаваат на аналогните феномени или пракса, обидувајќи се утврдените отклонувања да ги објаснат со помош на разликите во социокултурната средина.

Во тој сучај објективноста на моралните ставови се меша со нивната положба во составот на општествена „диоба„ независно од психолошката преживеаност или од содржината на нивните вредности.

Според другата насока, истражувањата на социокултурните разлики би требало одново да се сместат во поопшта студија, која содржи практично завземање на ставови и на тој начин би ја објасниле внатрешната рационалност, или евентуално одредени природни психолошки механизми, чии причини на дејствување на крајот ќе бидат меѓузависни. Објективноста на моралните ставови, на тој начин би била својствена на одредени рационални или психолошки структури на мислење и дејствување, а не само на нивната културна дистрибуција.

Објективната споредба и проучувањето на моралните факти и нивните општествени „диоби„ би требало да ги посматраме како нешто што е својствено на социологијата, додека барањето на рационалните критериуми или специфичните психокогнитивни механизми, би била задача на филозофијата или психологијата. Но, всушност социологијата, многу тешко ќе се ограничи само на социокултурните споредби на моралните ставови, бидејќи смислата и вредностите, кои се сами за

себе апстракција, не можат да се разликуваат и споредуваат независно од логичката и психолошката анализа на сопствената содржина.

На пример, фактот дали е некој за или против абортусот, не може да се разбере, независно од причините, поради кои тие го завземаат ставот. Но, тие причини не можат да се сведат на некоја посебна социокултурна ситуација или, напротив, да се разберат само доколку се земат во предвид логичките и органските врски кои што луѓето ги имаат со своето тело и со својот начин на бременост.

Би било залудно да се изучува делбата на причините за или против абортусот, а притоа да не се обидеме да навлеземе во нивната внатрешна логика, што за социологот исто така имплицира прифаќање на дилема својствена за тој тип на расправа, на пример, за статусот на фетусот и правото на жената за располагање со сопственото тело.

Од друга страна споредбата на моралните разлики помеѓу културите и општествата воглавно се оправдува со експликативен проект, во кој се опишува таа споредба. Социокултурните објаснувања стануваат интересни само ако се повикуваат на набљудување на содржината. На пример, некои религии или култури се поотворени од другите кон терапевтската употреба на делови од човечко тело, поради тоа што имаат мала важност за телесната „прекривка,, на личноста.

## Објективизација на смислата и вредностите

Гледајќи ги работите на тој начин, незабележливо приоѓаме од првата кон втората насока на истражување, кои се состојат од анализа на когнитивната и нормативната содржина на смислата и вредноста во однос на објективниот свет, кој може да оправдува или објаснува појава на извесни морални ставови.

Оваа втора насока вклучува барем две поднасоки. Во зависност од тоа дали придаваме поголемо внимание на содржината или постапките на моралното размислување кое се забележува само за себе, станува збор за пристап кој може да се окарактеризира како рационалистички или акционистички. Доколу се обидеме да го објасниме со некоја подлабока природна психологија, упатува на пристап кој би можеле да го наречеме натуралистички.

Во двата случаи, истражувањата во подрачјето на социологија на моралот, мора да вклучуваат промислување на објективноста на содржината на смислата и вредноста (Garfinkel,1967:54-68). Тоа размислување, може да се однесува на психолошко ниво, кога, на пример, прашуваме што можело да ја одреди или мотивира појавата на извесна содржина, но и нормативните димензии, или пак кога веруваме дека откриваме некои некохерентности или грешки на практично размислување. Нема сомневање дека социокултурните теории, поголемо внимание обрнуваат на општествената делба на смислата и вредноста, додека акционистичките теории повеќе се занимаваат за логичната структура или практичната реализација на моралните содржини. Посматрањето на просторната, временската и социјалната поделба на смислата и вредностите, претставува повик за подлабинско истражување, објаснување и оправдување на моралните факти.

Што се однесува до многубројните филозофски пристапи, кои можат да поттикнат размислување за смислата и вредностите на општествениот живот, тие многу често се сместуваат со прецртување на овие две насоки.

Всушност, само строго натуралистички пристапи, кои се обично надвор од социологијата, начелно го минимизираат учеството на социокултурните разлики. Социологијата на моралот во крајна линија претпоставува извесна интеграција на различни пристапи, бидејќи објективизирањето на смислата и вредностите мора да води сметка, како за потполно заслепените причини од гледиште на субјектот, без разлика дали тоа се културни или природни, така и за оние кои попримаат облик на причината која за субјектот на дејствување или за набљудувачот можат да бидат предмет на нормативно вреднување.

Моралното искуство, моралната зафатеност или моралната расправа може да се појави било каде во општествениот живот. Меѓутоа, мора да се признае дека сите општествени факти, не се морални факти, односно дека нивната средба со моралните аргументи може да поприми разни облици, кои не произлегуваат нужно од моралот, на пример, кога самите се залажуваме или кога не сме искрени во своите намери.

Без тоа признание се изложуваме на ризик да го одржуваме она што би можеле да го наречеме „илузија на универзалниот моралист„. Според него се што

се случува во општествениот живот, и доколку луѓето би биле доволно разумни би требало да се управува со морални аргументи.

Во суштина, голем дел од човечкиот живот, реално, го избегнуваат моралот, на пример, во подрачје на политиката, економијата или сексуалноста, и тоа не поради тоа што овие пракси би биле имуни на моралниот суд. Напротив, оправдано би можеле да мислиме, дека во освојување на политичка моќ, во војна или во тежнеење за богатење, секогаш постои ризик од неморално однесување. Во прв случај затоа што треба да се каже или да се биде доволно лукав за да се дојде до саканата цел, во друг случај треба да се убијат луѓе, кои тоа не го заслужиле, па макар да се работи за борци, и во трет случај збогатување на поединецот, дури и на штета на нивни конкуренти кои немаат доволно среќа.

Сепак, можеме да имаме добри причини, кои не мораат нужно, секогаш да бидат морални, но можат да бидат морални, за да се занимаваме со политика, да учествуваме во војна или да се збогатиме.

## Социокултурната теорија на моралот

Социокултурните теории понекогаш се сметаат и за холистички теории, бидејќи во пристапот на општествените фактори, привилегија и даваат на анализата на големите општествени текови и организирани дејствувања, а не на индивидуалните чинови. Кога се работи за морални прашања, тие најпрво се занимаваат за социјалната диоба, смислата и вредностите, а не за нивниот особен концептуален извештај. Социокултурните теории посебно се занимаваат со начинот на кој институциите и општествените групи можат да ја конституираат и обликуваат смислата и индивидуалните вредности, како би се осигурала одредена општествена стабилност.

Иако принципите се осетливи на релативниот карактер на посебност или на моралната конструкција својствена за секое општество, социокултурните теории не го лишуваат a priori секое нормативно вреднување на општествените ситуации кои ги разгледуваат. Тоа особено е вредно за критичката социологија, која произлегла од марксистичката традиција, но исто така и за Диркемовата социологија, бидејќи и

самиот Диркем, предложил морални реформи за целото општество, на пример во облик на зајакнување на асоцијативните структури и моралниот развој.

Социологија на моралот, или поточно, проектот на позитивните знаења за моралот, завземаат средишно место во секое Диркемово дело. Диркем имал амбиција, традиционалната филозофија на моралот да ја замени со вистинско знаење за моралот, кое не би се темелело на метафизика, туку на разгледување, посматрање на општеството. За Диркем, моралните факти создаваат поткласа на општествените факти, кои општеството им ги наметнува на индивидуалните субјекти присилно, манифестирајќи ги во обичаите.

Според Диркем, моралот произлегува од општеството како целина и најнапред надворешно влијае на општествените субјекти, пред да се интериоризира, и на крај да стане посакуван од страна на истите тие субјекти. На тој начин постои зачудувачки паралелизам помеѓу причинското дејствување на општествените чинители кое се врши присилно и моралната присила која исто така почнува да се извршува однадвор на поединецот преку правила и обврски, односно под заканувачка присила (Goldhagen,1996:113-127).

Стастистичките податоци, се најдобар начин за да се покажат темелните состави на општеството кое што се проучува, како што се доминантните обичаи и главните општествени текови. Тие овозможуваат, врз основа на т.н. методи на конвергентни варијации, да се објаснат посебните општествени конфигурации, споредувајќи ги со низата на варијации, чии членови се меѓусебно поврзани.

Всушност, програмата на поимното разгледување на фактите, е дадена во Диркемовата докторска теза, „За поделба на општествениот труд„. Тој текст, се уште е под големо влијание на Спенсеровата еволуционистичка теорија, кој всушност го поврзува општествениот морал со интензитетот и дистрибуција на врски на општествената блискост. Двата вида на солидарност, кои Диркем ги разликува- во примитивните и механичките општества, со т.н. репресивни санкции во случај на навреди нанесени врз колективната свест, или органска, во напредните општества, со т.н. реститутивни, различни санкции во зависност од функцијата- истовремено претставуваат и морални и функционални, духовни и материјални поими кои се апстрактни и запишани во материјално мерливи односи.

Од духовна и морална страна, всушност моралните правила искажуваат услови за општествена солидарност. Духовната или моралната димензија како таква не може да се посматра. Функционалниот аспект е тој кој што овозможува и мерење на солидарноста, која понатаму се сфаќа во нагласени физички термини, промена на големината и густината на општеството, во облик на урбана концентрација, на пример. Диркем може да заклучи дека секој пораст на функционална активност, одредува пораст на солидарноста.

Одек на таа постапка, повторно среќаваме во анализите во „Самоубиства,, бидејќи во разните типови на самоубиства (егоистичко, аномистичко и алтруистичко), ја објаснува преслабата, или напротив пресилната општествена интеграција, т.е во крајна линија, степенот на присуство на општеството во поединците. Таквото присуство на општеството, понекогаш се сфаќа во смисла на непосреден контакт, па дури и контаминацијата, што на пример, го објаснува фактот, дека жените што имаат помал ангажман во општествениот живот, можат да избегнат одредени самоубиствено-општествени судири. Диркем исто така го поцртува фактот дека всушност моралната конституција својствена за секое општество, продира во поединецот, и на тој начин го одредува контингентот на оние кои умираат своеволно.

Дури и во своето дело „Правила на социолошкиот метод,, Диркем ја отфрла секоја идеја за внатрешно разбирање на општествените факти, дефинирајќи ги како „ствари,, особено оние општествените, како „секој предмет на знаење, до кој нашата интелигенција, не може природно да продре,, означувајќи ја на тој начин својата различност од социолошките струи, кои наспроти тоа се темелат на внатрешното разбирање, т.е. од Verstchen традицијата. Но, овој пример не е лесно да се примени, бидејќи податоците на општествената статистика, сигурно се однесуваат на физичките својства: возраст, пол, место на живеење или работење, смрт, движење на населението или на поединци, облека, апарати за домаќинство, но се однесуваат и на семантичките и моралните содржини како што се: мислење, верување, тврдење, изјави, правни врски и тн.

Но овие факти може да влезат во општествената статистика, само поради тоа што ја поседуваме нивната внатрешност, а не само надворешното разбирање-со

други зборови бидејќи ја знаеме нивната смисла. Тоа значи дека почетниот проблем на објективизација на идеите и моралот, не можеме да го сметаме за решение на тој начин.

Со текот на работењето на историчарите и социолозите, гледаме дека исто однесување, исти изрази на мислење, тие исти емпириски документи може да предизвикаат целосно спротивни историски интерпретации. На пример, некои историчари на нацизмот и антисемитизмот, дури и повикувале на исти емпириски документи кои се однесуваат на масовни убиства од страна на германската полиција во Полска 1942 година, конкретно, на записниците од судските процеси одржани 60-те години, за одбрана на две спротивставени хипотези за интерпретација.

Според една е германската полиција која ги убивала Евреите, која во основа поттикнува германски секуларен антисемитизам (Goldhagen,1996:98-114), додека оние по другата хипотеза се вовлечени во злосторство поради општествено-психички воени причини и практична солидарност за злосторничката целина.

Гледаме дека социолошкото отчитување на историскиот процес, тесно зависи од делот што го признаваме на идеологијата и моралните (неморалните) идеи во функционалните механизми, кој се темели на процесите за кои станува збор. Едноставното изучување на емипириските документи не ни овозможува да се одлучиме помеѓу две спротивставени толкувања.

Тешкотијата која Диркем никогаш не успеал да ја разреши во суштината, почива на неможноста да се поклопи емпириското посматрање и моралната анализа. Од емпириско гледиште, во одредени случаи како што се силувањето, убиството, непружањето помош во критична стуација, свесно или однапред планирано понижување, сигурно не е тешко да се утврди дека некој прави зло.

Но, не е еднакво лесно да дознаете дали некој почитува, некој кој привидно не крши никакво постоечко правило, морални принципи, или пак се работи само за стратегиска пресметливост или конформизам, кој е впишан во неговите природни или општествени способности. Но, дури и да претпоставиме дека почитува некои морални принципи, веројатно дека тешко само со надворешно набљудување ќе дознаеме кои се тие принципи. За да дознаеме нешто повеќе, би можеле да го

прашаме субјектот, која е смислата на неговото дејствување, но дури и тоа нема да ни биде доволно, бидејќи субјектот не мора да биде искрен во поглед на неговите мотиви, или едноставно не мора да биде во ситуација да ги изрази. Всушност, тоа е и една од причините кои повикуваат, дека моралниот факт мора да се посматра со ставање во однос на нејзината претпоставена мотивација со оправдувања и можни приговори, за да се обидеме да дознаеме во која мера мотивацијата произлегува или не произлегува од моралот или подлабоки причински механизми.

Диркем го читал Кант, и притоа сакал да се ослободи од радикалната одвоеност, што тој филозоф ја воспоставил помеѓу моралното подрачје, со кое управува слободата, и подрачјето на природната причина, која единствено може да биде предмет на научните знаења. Диркем всушност не ја задржал темелната Кантова дистинкција помеѓу природниот закон, која спаѓа во теориско знаење и моралните закони, кои спаѓаат само во практичното знаење. Но, дури и ако немаме Кантовци, ни се чини тешко да го поистоветиме моралот со функционално прилагоденото однесување или со однесувањето со кое управуваат природните причини.

Всушност, што би можело да биде морално или неморално во дејствувањето на субјектот, кое во целост би било потчинето на природните причини?. А дури и под претпоставка дека тие причини попримаат облик на уредно покорување на моралната сила на општеството.

Се чини дека етиката претпоставува спонтана наклонетост на субјектот кон она што се нарекува негова должност или она што претпоставува добро. Доколку таквата наклонетост е можна, таа исто така мора да биде во можност и да се ослободи, барем во одредена мера, со одредени природни или општествени одредници, кои го сочинуваат обичниот живот на луѓето. Ништо не не присилува, моралот да го поврземе со колективната сила на општеството. Тука навистина се работи за многу силна теза на Е.Диркем, кој мислел дека се помош на социологијата и надворешното објаснување, ќе разреши голем број на тешки филозофски проблеми.

Според негово мислење, всушност колективната сила на општеството, од која неговите членови сепак се плашат, ги одредува појавите на верските и

моралните категории, како што се категорија на почитување, а со нив и категориите на целокупното сознајно и логичко знаење. Но, ако Диркем уверливо покажува дека моралот изразува некој вид на рефлексивност на општеството за самото себе, бидејќи општеството е всушност привилегирано подрачје на примена на моралот, тоа сепак сеуште не докажува дека општествениот живот ќе биде одлучувачка причина за моралната способност.

На крај, целиот Диркемов проблем се состои во тоа да се објасни субјективната приврзаност на поединецот со моралната слика, која најпрво им доаѓа однадвор со помош на општествени правила или присила, иако притоа ја доживуваат како внатрешна присила и внатрешен импулс. За да го разреши тој проблем, Диркем најпрвин инсистирал на улогата на распрскани или организирани, позитивни или негативни санкции.

Но, ако санкциите се единствен услов за почитување на моралните обврски на општествениот живот, тие не би го обврзувале субјектот да им се потчинува во случај кога не му се заканува никаква санкција, во што и се состои целиот проблем за објаснување на моралот со помош на „интериоризација„ на надворешни норми. Но, факт е дека членовите на општеството често ги почитуваат правилата и обврските, дури и кога не им заканува никаква санкција (Hacking, 1999:18-31).

Диркемовата социологија на морал, нужно наидува на следнава дилема: ако општеството е извор на севкупниот морал, тогаш субјективната автономија само може да се прилагоди на општествените правила, што ја лишува од нејзините обележја на автономија. Ако субјективната морална автономија, мора да има предност над општествените закони, тогаш на тезата, според која моралот произлегува од силата на општеството, и прети рушење.

Социологот Талкот Парсонс, без сомнение еден од највлијателните американски социолози на минатиот век, исто така се соочил со проблемот на социолошкиот екстернализам, т.е. предложил решение врз основа на обидите на синтезите на Диркемовите и Веберовите постапки.

За разлика од Диркем, Парсонс најповеќе се задржува на функционалниот пристап на општествените фактори, додека од Вебер ја превзема предноста на концептот за дејствување во социолошките објаснувања. Врз основа на тоа,

Парсонс се обидел да ја разреши Диркемовата дилема, задржувајќи ја двоструката врска помеѓу моралот со културата и со субјективниот избор, притоа задржувајќи се на социолошката анализа за начинот на функционално дејствување на членовите на општествениот состав. Според него, моралот тежнее кон идентификација со функционалната интерпретација, што очигледно ја отежнува анализата на „неморалните„ факти.

Поимот општествен состав, според Парсонс, се однесува на различните интеракции и ситуации кои го вклучуваат другиот, како и на заедничките цели и вредности. Составот на особености, се однесува на индивидуалниот субјект, посебно на потребите и способностите на меѓусебната поврзаност, интеграцијата и организацијата на неговите посебни дејствувања.

Културниот состав кој е најпостојан упатува на организација на нормите, вредностите и симболите за дадена култура, т.е. на логичката структура на неговиот состав на верување (Parsons, Shils,1951:55-56, превземено од Hacking,1999:63). Самите вредности се сметаат за елемент на заедничкиот симболички состав, кој служи како критериум или стандард за избор на практичното насочување. Тие ја создаваат значајната врска помеѓу општеството и културниот состав. И всушност низ повеќе или помалку хармонично поврзување на тој состав се остварува интеграцијата на поединецот во општеството.

Поаѓајќи од тоа, Парсонс, осврнувајќи се на Фројдовото дело, се обидел да конструира социолошка теорија на општествено формирање на субјективните особености, каде што најголемо внимание придава на релациskiот состав кој ги поврзува човечките организми. Функционалната интеграција на поединецот во општествениот состав се заснова на неговите наследни биолошки обележја, особено на неговата интериоризација со институционалните модели.

Институционалните модели ги дефинираат целите кон кои поединците се стремат, во зависност од разните општествени улоги. Врз основа на тоа на секој му овозможуваат реципрочна општествена контрола. Секој член во општеството треба другите да ги поттикнува, да не се впуштаат во девијантни појави.

Всушност, тој механизам на општествена контрола го темели моралот на обичниот општествен живот. Таа контрола воопшто не значи промислена

политика, туку пред се спаѓа во она што Парсонс го нарекува „латентна функција„ која на секого му наметнува ставови и однесување кои се подразбираат, т.е. се прифатени како готови факти (taken for granted).

Интеграцијата на поединецот во општествениот состав е нужна за нивната лична стабилност и правилно функционирање на општеството. Сепак, според Парсоновото мислење, усогласеноста помеѓу општествениот состав и составот на поединецот не се подразбира сама по себе. Според тоа, помалата интеграција на поединецот во стабилните институционални модели, која во модерните општества се повеќе се зголемува, претставува извор на несигурност и аномија.

Аномијата е поим кој Диркем го користел за да покаже некои типови на самоубиство, предизвикани од чувството на незадоволство од постоечките правила, а американската социологија од него направила привилегиран инструмент за анализа на феноменот девијантност. На пример, класичната студија на Роберт Мертон за механизмот на „нелегитимна прилагодба„ се обидува да покаже како девијантните поединци кои ги асимилирале културните критериуми за успех (кои во општественото опкружување имаат голема вредност), но кои не ги интернизирале моралните норми меродавни за пристап на средствата за тој успех, на крај се обидуваат да дојдат до тие вредни цели занемарувајќи извесен број на законски ограничувања (Besnard,1987).

Всушност тој тип на искуства ја доведува во прашање општествената интеграција на субјектот и улогата која би требало да ја има во општеството. Всушност на тој начин Парсонс се обидува да објасни некои проблематични феномени како што се: фундаментализам, ксенофобија и фашизам, кои се последица на општествената дестабилизација, а ја преживеале некои поединци, особено во ниските средни класи, за кои рационализацијата на современите општества претставувала закана за традиционалните вредности.

Таа постапка, на крај доведува до строго функционални теории на нормативната интеграција на индивидуалните субјекти во општеството, кои на одреден начин може да го лишат истражувањето од нејзините морални димензии во вистинската смисла на зборот. Не треба да се чудиме, како Парсонс, прифаќа извесен етички релативизам, кој се темели на прилагодување на моралот на

проблемите на интеграција, кои се специфични за секој состав на дејствување. „Различни се видовите на моралот„ вели Парсонс, во таа смисла релативни, и додава: „Живееме со култура во која стандардите, воглавно, се „универзални„ па тежнееме моралниот стандард да разгледуваме, како да трансцедентира во составот на дејствување, својствен за општеството во кое се отчитува.

Една од оригиналностите на Парсонс е фактот што многу подобро од Диркем умеел психологијата да ја интегрира во социолошката анализа, предлагајќи примери, од прилично прецизна теорија на можна поврзаност, помеѓу присилата која општествените норми можат да ја спроведуваат над поединците, и нивната субјективна приврзаност на тие норми.

За да ја востанови таа врска помеѓу општествениот карактер на обврски и неговото психичко влијание, Парсонс прибегнува кон психоаналитичка теорија, која му дава задоволувачко објаснување на субјективната мотивација на функционалната интеграција.

Според негово мислење, не станува збор за страв од санкцијата, она што субјектот го наведува на интериоризација на институционалните модели на општеството и на прилагодување на вообичаените правила на групата на која и припаѓа. Всушност, многу повеќе се работи за страв, дека родителите нема повеќе да го сакаат, особено мајката, кога не би ги почитувал нормативните налози, кои му се „испоставуваат„. Според Парсонс, мајката е главниот актер на морално прилагодување на поединецот, бидејќи тие ги учат децата да ги почитуваат општествените норми (Nagel,1991:146-153).

Промената помеѓу институционалниот карактер на моралните правила и нивната мотивациска улога за секој субјект е исполнет со функционална анализа на чувства, кои се предмет на општествениот притисок врз средината на детето. Сепак, тој резултат е постигнат дури и по цена на хипотезата, условувањето на моралното чувство од институционалните норми кои се доминантни во некое општество. Стравот дека нема да бидеме сакани, може да навести да прифатиме било каква норма, која би била единствен критеириум за моралните ангажмани.

Функционалната анализа на општественото дејствување исто така овозможува појава на општествениот поредок на смисла и вредности, втемелени во

составот на меѓусебните општествени односи на субјектите. Според Диркем, општествениот поредок на вредности и норми, го конкретизира предметот на социологија на моралот и овозможува отфрлање на биолошката редукција. Сепак, функционалната анализа се занимава со нормативниот поредок врз основа на збирот на индивидуални практични ставови, кои се интегрираат во зависност од други индивидуални практични ставови, но кои можат да се анализираат независно од својата семантичка или морална содржина.

Културата е речиси во средината на сите пристапи, но која е всушност објективната реалност на културата?. Јасно е дека културата има материјална димензија, на пример, во техничките објекти или практичните навики. Но, таа има и духовна димензија, која е поврзана со смислата и вредностите која самата ги пренесува. Културалистичките теории во главно имаат тенденција да ја објаснат духовната димензија со материјалната димензија, т.е во тој поглед ја следат марксистичката традиција.

Интеракционистичките или феноменолошките струи, би можеле да се најдат околу она што станало некој вид на социолошки слоган: „општествена конструкција на случувања„. Тие струи понекогаш се јавуваат како прекин во однос на другите функционалистички или структуралистички модели. Всушност, како заслуга им се признава аспектот на создавање интеракција или општествена интерсубјективност. Придавањето смисла и вредности од страна на општествените актери, всушност ќе биде главниот вектор на објективна конструкција на различните општествени случувања, без оглед дали се работи за деликвенција за теоретичарите labelling (етикетирање) или за теоретичарите на општествената феноменологија.

Тезата за општествената конструкција на случувањата не претставува, прекин со културалистичката теза. Таа сугерира дека условите на средината ги одредуваат обичаите и идеите кои го обезбедуваат нивниот пренос низ генерациите. Конструкционистичката теза ја нагласува улогата на интерсубјективноста во развојот на сите аспекти на една култура, но сепак не ја негира нејзината структурирачка моќ. Пред се, би се работело за некој вид на двосмерни услови на општествената структура со помош на човечките способности

да се даде смисла на било кој феномен, а за возврат да се обликува со помош на општествените структури.

Оваа идеја е особено присутна кај авторите Питер Бергер и Томас Локман, кои се повикуваат на феноменолошката социологија на Алфред Шат, но значајно ја прошируваат рамката на социологијата, која зафаќа разумна структура од општествениот свет. „Специфичните агломерации на „случувања„ и „спознанија„ велат припаѓаат на специфичните социјални контексти и додаваат: „Она што е „случување„ за тибетантскиот свештеник, не мора да биде „случување„ за американскиот бизнисмен (Latour, Woolgar,1979:115-123).

Бергер и Локман, исто така изложуваат прилично широка концепција на институции, кои според нивно мислење се засновани на типизација и седиментација на секое вообичаено дејствување, така што дури и секојдневните активности, може да станат институции. Објективноста на општеството во тој случај зависи од субјективноста која го конструира, и тоа благодарение на мноштвото институции на општествениот живот.

Бидејќи и самиот човек е производ на одредена култура и општество, можеме со право да мислиме, дека неговата сопствена објективност има општествен карактер и во фигуративна смисла може да се заклучи дека: „Човекот е општествен производ„ (Berger, Luckmann,1987).

Од друга страна, тезата за општетвената конструкција и нејзините продолженија во праксата на обичниот јазик, општо се темелат на скептичната концепција за функцијата на вистинитост, која се чини доволно оправдана поради очигледните неможности за донесување одлуки за некои тешки морални или политички тврдења.

Исто така сметаме и на функцијата на вистинитост во многу случаи, кои моралната проценка ја ангажираат на целосно драматичен начин. На пример, принесувањето на човечки жртви, силувањето, малтретирањето или геноцидот, може се „конструирани„ како легитимни во некои култури и општества, но сепак се работи за реалности, кои треба да се посматраат и проценуваат од различно гледиште.

Нема сомневање, дека не можеме да негираме, дека некои општествени реалности, како што се позитивното право или политичките идеологии, техничките објекти, па дури и некои психолошки реалности, се „конструирани„ и тоа во сосема банална смисла, и дека без човечка интервенција, тој тип на реалност не би постоел (Hacking,1999:34-47).

Но таа здраворазумска и совршено прифатлива теза, станува проблематична, кога сметаме или кога ќе кажеме, дека не само што сите општествени реалности се конструирани, туку како да се имуни на секоја друга причина, освен на човечката одлука. Но човечките постапки и дела се особено ограничени и условени со материјалните рамки во кои се развиваат. Кога се еднаш произведени, нивната реалност и објективна вредност повеќе не зависат од некое посебно културно или интерсубјективно гледиште.

**Акционистички пристапи**

Пред да ги ставиме, смислата и вредностите, во однос со социокултурните услови и присили, можеме да развиеме интерпретативен или аналитички пристап на нивната улога со оглед на дејствувањето: мотивација или оправдување, израз или атрибуција, услов или причина?. Всушност, тоа го работат социолошките пристапи кои се темелат на дејствување. Акционистичките пристапи, концентрирајќи се на многустраните врски, смислата и вредностите ги одржуваат со човечкото дејствување.

Акционистичките пристапи често се поврзани со она што се нарекува „теорија на рационалниот избор„ која се фокусира на максимализација на индивидуална корист, особено влијанието во економијата. Сепак, ако темата на дејствување неминовно ја вклучува и темата на рационалност, таа може да доведе до сфаќања кои се прилично различни од претходниот модел, инспирирани од Кантовата филозофија.

Во социолошката традиција, како зачеток на акционистичката струја, се зема делото на Макс Вебер, но за неа репрезентативни се и делата на Георг Зимел и симболичкиот интеракционизам. Во текот на втората половина на 20 век,

социологијата на дејствување, на големо се хранела со трудовите кои произлегувале од аналитичката филозофија, што кај некои социолози, предизвикало навраќање на нивните дисциплини кон филозофските извори (Blumer,1969).

Во одредени аспекти, Веберовиот модел може да се смета како целосна спротивност на Диркемовата програма, кој од гледиште на смислата е причински и екстерналистички, додека Веберовиот модел, напротив инсистира на интерпретативен статус на смислата и на внатрешниот карактер на разбирање.

Вебер, всушност не гаел никакви илузии за можноста за објективизирање на смислата и вредностите, само со посредство на емпириско посматрање на обичаите и облиците на општествениот живот, ниту пак верувал дека статистичките средства би можеле да ги откријат мотивите на дејствување. Тој само ја забележувал неможноста за занимавање со логичките и морални својства, како осетливи податоци.

Сепак, останува фактот дека и Вебер, како и Диркем, го нагласува средишното место на моралот во општествениот живот, т.е. дека и двајцата, во организираното општество или култура, виделе одлучувачки фактор на нормативна насоченост на дејствувањето. Она што Вебер го нарекува „однос кон вредностите„ и што секогаш го сместува во одреден историски и културен контекст, всушност, воопшто не е далеку од „општествените струи„ кои се наоѓаат во средиштето на Диркемовата социологија. Од друга страна, иако Вебер смета дека само со внатрешно разбирање, можеме да ја сфатиме надворешната смисла на дејствување на другиот, тој сепак не отстапува од интеграцијата на смислата и вредностите во општествено-историските објаснувања.

Кога Вебер анализира историска појава на практичната рационалност, која се наоѓа во средиштето на целото негово размислување, тој не ја смета за функционална или спонтана еманципација на историската еволуција, туку пред се како резултат на еден морален процес (Ladriere, 2001:68-74).

Познато е дека Вебер меѓу одредниците на општественото дејствување, покрај оние кои зависат од обичаите или чувствата, разликува и два темелни облици на рационалност кои се темелат, или на барање средства кои се најповеќе

во согласност со целите (целна или инструментална рационалност), или пак во согласност со некои вредности, без оглед на последиците (вредносна или морална рационалност). И во двата случаи практичната рационалност имплицира извесно размислување и избор од страна на општествените субјекти, што оди понатаму од обичниот функционален механизам на прилагодување на барањата од околината.

Темелното прашање кое се поставува во делото за протестантската етика е разбирање на внатрешните артикулации на различните аспекти на рационалното дејствување. Според Вебер, моралната рационалност историски му одговарала на развојот на инструменталната рационалност, но оваа со својата победа во модерните општества на крајот ја ослабнала моралната рационалност. Односот на овие два вида, нема да биде тешко да го пронајдеме во современите операции, помеѓу принципиелниот пацифизам и поборниците за одлучна акција против групи или држави, кои го подржуваат тероризмот.

Бидејќи не постои никаква научна метода да го одредиме доброто на едната или на другата „етика„ т.е дека етиката не е кочија, која може да се менува, според желбите, Вебер заклучува дека секој според сопственото гледиште, мора да избере една етика. „Политеизмот на вредности„ е исто така непосредна последица на некомпатибилноста на крајните гледишта, кои се изразуваат во „вечната борба, која боговите меѓусебно ја водат„.

Меѓутоа, тој политеизам на вредности не е последниот збор на етиката на Вебер, пред сé, поради тоа што, тој помеѓу етиката на уверување и етиката на одговорности, кои тој ги смета за комплементарни, во суштина се одлучува за етика на одговорноста.

Постои еден Веберов излез од политеизмот на вредностите, а тоа е научната работа, која ги истакнува универзалните вредности, но и ги зајакнува логичките методи кои можат „поединците да ги присилат да станат свесни за крајната цел на сопственото дејствување„.

## Автономија на етиката и објективизација на субјективното

Во социологија на етиката, општественото дејствување се претставува пред се́, како интерпретативна постапка, кое сака да ја обелодени етичката димензија на општествените чинители, кои се појавуваат во секојдневниот живот или во големите општествени расправи, како на пример, абортусот, евтаназијата, клонирањето и други.

Херменевтичката анализа на дејствување, на текстови и дискурси, се обидува да ја истакне етиката, таму каде што се појавува, а сепак останува скриена,, откривајќи ја на тој начин нормативната и аксиолошката димензија на општествените факти. Објективизацијата на вредностите, во основа се докажува преку нивното влијание на општественото однесување и способноста, однесувањето да го насочат во нова насока (Isambert,1982:39).

Како што напоменува Исамберт, „објективизацијата на субјективното претставува постојана квадратура на кругот,, бидејќи секогаш можеме да погрешиме за добрите намери на дејствување кои всушност ги следат стратешките или инструменталните цели, а да не спомнуваме дека и самиот етички дискурс може да биде лажен. Токму и поради тоа, секој обид за објективизација на смислата и вредностите е секогаш изложен на ризикот да ја промаши моралната димензија на дејствување и во најдобар случај да дојде до опис на нивната нормативна функција, а да им го одземе она што ги чини нивната морална посебност.

Продолжувајќи го Веберовото размислување, Франчоис Исамберт, смета дека решавањето на проблемот на крајот се наоѓа во конституција на моралниот субјект, кој истовремено размислува за самиот себе и за моралната димензија на културниот објект.

Овој вид на преокупација својствена за социологијата на моралот, ја олеснува појавата на оригиналните социолошки размислувања за новите нормативни проблеми, кои ги поставува развојот на биолошките и медицинските знаења. На пример, кога се работи за прашања поврзани со техниките за интервенција за размножување, социолошките постапки кои се задоволуваат со забележување на ставовите на актерите и нивните општествени дистрибуции, се

само од ограничен интерес. Социологот, напротив мора да биде во можност да ја поврзе содржината на поставените етички проблеми со практичните можности кои ги отворила медицинската техника.

Етнометодологијата на Харолд Гарфинкел, предлага сосема оригинално, но за жал скептично решение за проблемот, објективизација на смислата и вредностите на дејствување. Таа струја, истовремено се вклопува во традицијата на американскиот прагматизам, симболичкиот интеракционизам, на Парсоновата социологија, која сакала да ги утврди нормативните обрасци, што актерите ги стекнале во зависност од своето место во општествениот состав (Bateman-Novaes,1991:118).

**Нормативниот и моралниот поредок на практичното делување**

Гарфинкеловиот скептицизам не иде до таму, за да го негира постоењето на општествениот поредок, кој и за него, претставува морален поредок, кој делува исклучително принудно на општествените актери. Ако нормативните институционални обрасци, кои ги замисли Парсонс, не можат да се објаснат, а притоа, веднаш да не ја изгубат практичната автентична смисла, тие се сепак постојано присутни во заедничките активности на општествените субјекти. Но таа присутност на нормативен поредок, воглавно е имплицитна, прагматична и подложна на практичната инвентивност на општествените субјекти.

Според него приврзаноста на членовите на нормативниот поредок на општеството не е исклучиво пасивна туку дека истата имплицира усогласени работи и нивно одржување. Едно од емпириските подрачја во кое Гарфинкел, го развил тој тип на увид, е на пример, работата на судската порота, која не ги познава правните прописи, односно ги реконструира преку своето колективно дејствување во донесувањето пресуди. Друг пример, кој се движи во иста насока, е случајот на транссексуалка, која мора да применува женски правила на однесување, иако претходно не ги стекнала, а притоа добро се снаоѓа (Garfinkel,1967:43, превземено од Bateman-Novaes,1991:122-135).

Во одредени аспекти етнометодолошкиот модел, не е многу оддалечен од моделот социологија на етиката, бидејќи и во него смислата и вредностите не може да се објективизираат врз основа на постоечките категории, кои би им барале дефинирано место во општеството или природниот свет. Објективизацијата, првенствено се одвива во рамки на општата теорија, која не се обидува да ги издвои поединечните значења, туку индивидуалните или колективни дејствувања, кои ја уредуваат моралната структура на општествениот свет. Етнометодологијата спаѓа во некој вид на морален дескриптивизам, кој го апсорбира субјективното искуство и предлага рамнодушност и отклонување од прашањата, кои се најосетливи на нормативен план.

# ВТОР ДЕЛ

# МАСМЕДИУМИТЕ И СОВРЕМЕНОТО ОПШТЕСТВО

## Значењето на информацијата и процесот на комуникација

Едно од основните обележја на современото општество се масовните медиуми кои се составен и многу значен дел на цивилизицијата и современата култура. Во изминативе две децении речиси ниедна општествена наука не доживеала толку силен развој како што е науката за комуникација или науката за медиумите.

Информациските потреби на современиот човек веќе не можат да се задоволат без постоење на медиумите, кои всушност и самите претставуваат едно од основните обележја на современото општество, како составен дел на цивилизацијата и современата култура.

Воопшто не е спорна големата важност на информацијата, која е предмет на проучување и во природните и во општествените науки. Во истражувачките зафати е откриена природата на феноменот информација, нејзините облици, начинот на појавување, манифестирање, влијанието врз животниот процес и воопшто врз животниот пат на една човекова единка.

Наједноставната дефиниција за информацијата е дека таа претставува содржина на секое новостекнато сознание, пренесено со најразлични облици – во писмена или говорна форма, со гест, знак, симбол. Она што треба да се потенцира е моментот на новото, што треба да го донесе понудената содржина за да биде информација.

Вториот момент се однесува на фактот што се создаваат широки можности за применети начини, облици низ кои ќе биде пренесена информативната содржина за да дојде до човековите сетила, а потоа и во контакт со човековото знаење. И трето, се воопштува значењето на новото за човековото однесување, што значи дека ги опфаќа и информациите кои му помагаат или му се неопходни на човекот

во неговото снаоѓање во животните процеси, но и информациите кои немаат таква улога.(Андревски, Ж.1995:5-7).

Ако информирањето е процес на пренесување на информативни содржини од изворот до реципиентот што ги врадува во себе и моментите на организација на тој процес, комуницирањето претставува збир од информациони процеси во двата правца. Меѓутоа, таквата поврзаност не е проста, механичка. Резултатот е сосема нов квалитет. Во процесот на информирање, изворот си останува на таа позиција, во надреденост, во комуницирањето ја променува – станува и реципиент, значи се наоѓа и во подреденост; истовремено – примачот на пораката од „објект„ врз кого се насочува определена информативна содржина, станува субјект кој испраќа информација.

Комуницирањето е сложен, повеќеслоен феномен. На прв поглед во комуницирањето се разменуваат искази во најразлични облици, кои во позадина го имаат мислењето на носителот, а во основа на мислењето е неговиот став, кој што, пак свој корен има во интересот на субјектот на комуникацијата. Претпоставка е дека постои усогласеност меѓу исказот и интересот, што говори дека преку комуницирањето (во неговиот идеален модел) во интеракција доаѓаат интересите на луѓето.

Информирањето на јавноста е една од основните преокупации на системот на односи со јавноста, но не и единствена активност на овој систем кој, покрај информирањето на медиумите, ги опфаќа и следниве активности: советодавни работи (за ориентација на човекот во општеството), анализирање на идните трендови, истражување на јавното мнение, ставовите и очекувањата, утврдување и одржување на двонасочната комуникација, заснована врз вистинска и целосна информација.

Ако до пред извесно време социјалното комуницирање беше значајна нишка која луѓето ги поврзуваше не само во интимна заедница, туку ги обединуваше сите заедници. Денес модерните комуникации го носат со себе меѓународното, придонесувајќи за надминување на затвореноста на светот и во отворање на неговите граници.

## Масовната комуникација-карактеристика на современото општество

Еден од видовите на социјалното комуницирање претставува масовното комуницирање, кое што во развиена форма е карактеристика на современото општество. Брзите социјални промени, бројните иновации, подобрување на квалитетот на животот, и опаѓање на некои традиционани форми на контрола и на власт и др. го следаат и влијаат на развојот на масовните комуникации, а сето тоа доведува до формирање на еден посебен однос со јавноста.

Комуникацијата е една од карактеристичните концепти на 20-от век. Таа стана централна во размислувањата за демократијата, љубовта и нашите менливи времиња. Некои од главните дилеми на нашето време, и јавни и приватни, се насочуваат кон комуникацијата или кон неуспешната комуникација.

Прифатливи се дефинициите кои медиумите ги определуваат како посредници за дистрибуција на искази до широката неприсутна публика. Но техничките средства кои го прават преносот на информациите помеѓу човекот и машината или преносот на сигналите помеѓу машините не спаѓаат во овој поим, и тие се нарекуваат линкови, интерфејси, модеми или збирно се нарекуваат хардвер.

Со оглед на фактот што токму преку нив се дистрибуираат содржини до масовната публика, која е неприсутна, непозната, затоа се употребува синтагмата медиуми за масовно комуницирање или колоквијално масовни медиуми. Со оглед на големиот број на учесници, субјекти во комуникацијата, висока е и скалата на нивната социјална припадност, општествен статус, широка е лепезата на вредносните системи, образовноста, припадноста на различни групирања и групации и сл.

Под масовна комуникација се подразбираат сите облици на комуникација при кои јавно се дистрибуираат искази со помош на технички средства за дистрибуирање (медиуми), индиректно (т.е. при просторно-временска оддалеченост меѓу партнерите во комуникацијата) и еднострано (т.е. без промена на улогите меѓу оној што искажува и оној што прима) до дисперзната (наспроти присутната) публика.

Иронично, концептот на масовна комуникација, како што беше изразен во 50-те години на 20-от век, укажуваше само на она што на масовните медиуми изгледа дека им недостасуваше при директниот разговор: голема публика, еднострани пораки и нелично обраќање (Питерс, 2003:104).

Процесот на масовна комуникација не е реципрочен, како што е процесот на комуникација, но поаѓајќи од интенцијата, масовната комуникација е насочена кон други индивидуи (реципиенти), иако не е директно ориентирана кон нивното дејствување. Од тој аспект само радиото, телевизијата, печатот и филмот се третирани како медиуми или средства за масовна комуникација.

Ваквата дефиниција не одговара на „новите медиуми„ (на пр.видеото, кабелската ТВ), затоа што веќе не може да се говори за истовремено дистрибуирање на стандардизирани содржини за еднонасочност.

Следствено на ова, под средства за масовна комуникација (медиуми) се подразбираат технички средства за распростанување на содржини до публиката. Намерно овде не се нагласува масовното дистрибуирање до дисперзна публика, бидејќи развојот под влијание на т.н. „нови„ медиуми води од мас-комуникација до индивидуална комуникација, дури и кон „комуникација по желба„. (Кунчик, Ципфел,1998:30-31).

Сеге зборот масовна не е компатибилен со новонастанатата ситуација во комуницирањето, затоа што се повеќе зема замав индивидуалната комуникација или комуникацијата по желба. Поединецот на своја иницијатива и по сопствена волја се впушта во јавно или приватно информирање и се поврзува со извесни банки на податоци. Овој начин на комуникација или информирање го менува класичното сфаќање на масовната комуникација, а има и големи општествевни консеквенци бидејќи во новонастанатата ситуација, поединецот има можности да се здобие со еден нов квалитет на знаење и да го проширува според своите сопствени потреби и интереси.

Ефектот од комуникацијата, е збогатување на голем број сознајни фондови, во некои случаи истовремено и побудување на многу различни реакции, лепеза на начините на доживување, претпоставената и реално огромната енергија што се покренува, се иницира или може да се покрене, белезите на општествениот набој,

можното однесување што може да се предизвика, што се сугерира, како и создавањето на нова клима, односно атмосфера.

Во клучните концепти на комуникациите (T.O`Sullivan, J.Hartley, D.Saunders,M.Montgomery, J.Fiske.1995:176.) медиумот е определен како посредна агенција, која ја овозможува комуникацијата. Понатаму, се истакнува дека поспецифично, овој поим е определен како технолошки развиток, кој ги проширува каналите, дометот или брзината на комуникацијата. Како медиум на комуникација во поширока смисла е опфатен и говорот, пишувањето, гестовите, личните истражувања, облеката, глумењето и играњето. За било кој од нив да станува збор, е способен да пренесува кодови низ каналот или каналите.

Маршал Меклуан (Marshall McLuhan, 1994:7-21.), познат по неговата максима „медиумот е порака„ смета дека личните и социјалните последици на новиот технолошки медиум сам по себе е повеќе значаен, отколку употребата во кои всушност се ставени. Тоа значи, дека според него, на пример, постоењето на телевизијата е повеќе значајно, отколку содржината на нејзините програми.

Меклуан прави една дистинкција на медиумите на топли и ладни медиуми. Топлиот медиум продолжува, „една единечна смисла„. Со „висока дефиниција„ е тоа што топлиот медиум е исполнет со податоци, затоа што гледачите се восприемливи или пасивни. Ладниот медиум има ниска дефиниција и спроведува ограничени податоци, така да гледачите треба да учествуваат, да бидат активни за да ги дополнат пораките.

На пример, фотографијата е окарактеризирана како топол, додека цртаниот филм како ладен медиум, филмот е топол, ТВ е ладна, радиото е топло, телефонот е ладен.

Сите обиди, па дури и оние најамбициозните за да се обезбеди пообјективно информирање, а притоа да не се изгуби „правецот„ се судираат со истата препрека: механизмите за остварување на слободниот печат. Се поставува прашањето: Зошто служи регулирањето, ако притоа и самото допринесува да биде жртвувана индивидуалната слобода, подредување на слободата на информирање и трагање за вистината, остварување на целите кои се јасно дефинирани.

Денес, луѓето најголем дел од своето време, покрај професионалните обврски трошат пред медиумите (Корни, 1997), и тие „не само што влијаат на нашите ставови на еден специфичен начин, туку и претставуваат и инструменти за доаѓање до знаење од кое зависат многу општествени активности" .

Постојано се случуваат нешта што се од важност за луѓето, па заради тоа го привлекуваат нивното внимание. Информациите претставуваат исконска општествена потреба. Нивното ширење се овозможувало на најразлични начини, преку бројните средства и на тој начин придонесувале да се остварува социјалната комуникација.

Само да напоменам, дека дистрибуцијата на информации била карактеристична за сите периоди од развојот на човековата цивилизиција, но со текот на времето, го менувала интензитетот (Груевски, 1999.).

## Влијанието на медиумите и средствата за јавно информирање

Поделени се мислењата околу позитивното и негативното влијание на мас-комуникацијата врз формирањето на јавното мислење.

Нема сомневање дека медиумите се главниот двигател врз креирањето на мислењето на луѓето во едно општество. Но, за да се оствари влијанието мора да се напомене дека во зависност од темата постојат различни можности за влијание. При тоа, важи правилото дека, колку што се помали примарните искуства на консументите или капацитетот на информациите, толку е поголема можноста за влијанието на медиумите. Колку повеќе за некој настан, проблем или појава се известува, тоа толку повеќе ја провоцира јавноста и го задржува интересирањето на највисок ранг.

Медиумите влијаат врз процесот на структурирање на темите во јавното мислење, кога за тоа постојат услови. Тука под услови се подразбираат: разликите помеѓу медиумите; значењето на одредени теми; развојот на темата и интензитетот на известување. Медиумите се навлезени во целото општеството, во сите нејзини институции и вистинските вредности и реалности се избришани. Влијанието на медиумите е насекаде околку нас, тоа е дел од нас.

Мас-медиумите се дефинираат како медиуми кои имаат соодветна програма и сопствената публика. Масовните медиуми имаат програма: пакет содржини кои ги дистрибуираат според некој суштински режим и некој временски распоред - се тие медиуми за масите на значења. Во поглед на публика, техничките барања и можностите на масовните медиуми ги скицираат границите на нивната употреба, така што, во принцип, тие се достапни за секоја член на еден народ или заедница јазик, отколку за социјално ограничена групи.

Средствата за јавно информирање, се разликуваат од индивидуалните медиуми, како книга, писмо, на телефон и на интернет. Значењата на поединечни медиуми се произведени од страна на лицата поединечно. Тие се добиени според личните потреби и имаат мала, социјално ограничена публика, како што се пријателите, семејството, професионална и интелектуална група на врсници.

Мас-медиумите се закотвени во националното општество; поединечни медиуми се вкотвени во - како што е тоа интернет жаргон - "Заедници", која се темели врз лично, иако не лице-во-лице, односи (Hallin, Daniel, Mancini Paolo, 2004: 26.). До сега, современите општества имаат само три категорија: (дневни) весници (вклучувајќи периодика), кои датираат од 17 век; радиото, со потекло од 1920 година; и телевизијата, во 1950 година. Интернетот, сепак, нема да се занимава со тоа колку е индивидуален отколку масовен медиум.

Тоа е техничка платформа, која примарно се користи за личната комуникација и за лични услуги, но исто така може да се користи со цел да се дистрибуира трите погоре масовни медиуми. Поради тоа, беше наречена "обединет медиум "(PricewaterhouseCoopers 2007:53). Медиумите имаат ориентирана перспектива за производство на програма за публиката.

За соодветен метод за анализа на производство на медиумските програми е анализата на содржина. Нејзините теми можат да бидат групирани во две класи: *анализа на информации за структурата* и *анализи на области кои третираат социјален проблем* (Bonfadelli, 2002:33, превземено од Heiner Meulemann, 2009.).

Според првата класа намерата е да се испита дали медиумите ја исполнуваат нивната општествена функција, односно дали со информациите ги задоволуваат потребите на публиката. Според втората класа имаат намера да се испита, дали

медиумите дискриминираат одредени социјални групи, или ги застапуваат соодветно. Прашањето тука е, дали социјалните групи се одразуваат адекватно во медиумската содржина.

Постои периодична проверка и селекција на поединци или групи кои заслужуваат посебно внимание, за кои обично се верува дека претставуваат предизвик или закана за постоечкиот морален ред. **Примери:** Хомосексуалците, барателите на азил, педофилите. Терминот морална паника често се применува за ненадејни ерупции на загриженост во врска со одредени социјални проблеми. Алтернативните објаснувања на моралните паники се фокусираат на тоа како се одразуваат вредностите во вестите.

Моралните паники вклучуваат индивидуи или групи кои се насочени за специјален третман од страна на медиумите. Ова често се случува за време на социјални кризи или промени и, секако, претставуваат обид да го ограничат влијанието и темпото на таквата промена.

Во одредени периоди медиумите се користеле да го свртат вниманието на луѓето од реалните проблеми во општеството (високо ниво на невработеност, социјални немири и др.) со теми кои што би предизвикале морална паника.

Драматична, сензационална приказна може да се користи за да се зголеми рејтингот или публиката. Главен интерес на истражувачите е дали масовните медиуми се пристрасни во нивната селекција и презентирање на вестите. (Meulemann, 2009:79).

Производството на вредности се однесува на *квалитетот* на производот, кој и се претставува на публиката. Во различни форми на медиумите програмските трошоци се разликуваат и ова оди на некој начин кон утврдување на тоа, колку содржина е избрана и претставена. Во одредени медиумски форми (како на пример, печатените медиуми) постои влијание за селекција и презентација на содржината. Карактеристично за печатените медиуми, на пример, е фактот што имаат ограничување на просторот, кој не се применува на новите медиуми (како што се веб-сајтови).

## Претпоставената и вистинска улога на медиумите во модерната демократија

Низа од различни научни дисциплини се тестирани за тоа што тие би можеле да придонесат за разбирање на економските и другите фактори кои влијаат врз медиумите, и како медиумите влијаат на политичката клима и на демократскиот процес во современите демократии. Придонесите од различни дисциплини се комбинираат во еден интегриран модел на причинска мрежа.

Овој пробен модел покажува дека жестока е економската конкуренција помеѓу медиумите кога треба да создадат забавни приказни кои ќе допрат до емоциите на луѓето. Приоритетните теми вклучуваат опасност, криминал, и катастрофи, за кои медиумите избираат начини за публиката да го согледа светот поопасен отколку што е (Saviotti, 2003:14.).

На повеќето весници, радио-и телевизиските станици нивните приходи се од реклами и спонзорство. Медиумите сакаат со тоа оптимално да ги задоволуваат интересите на нивните рекламни, кои не секогаш се совпаѓаат со интересите на читателите, слушателите и гледачите (Beker, 1994:79-83).

Комерцијалните медиуми не се многу наклонети за покривање на контроверзните прашања на избалансиран начин. Медиумите се склони да изберат страна во контроверзноста, и доколку доказите се во корист на спротивната страна, тие веројатно ќе молчат за ова прашање. Колку повеќе медиумите ќе создадат консензус во врска со одредено прашање ќе има помалку пристрасно покривање. Поддржувачите на спротивното гледиште кои ќе сакаат да има баланс на прашањето, ќе имаат повеќе препреки за добивање на пристап до медиумите.

Печатените медиуми не можат да се натпреваруваат со способноста на електронските медиуми кои можат да ја маѓепсаат својата публика со силни чувства на впечатоци. Тие сакаат да имаат секој ден нов скандал на насловната страна. Радиото и телевизијата, врз основа на рекламирањето користат помалку ефекти на ужас, бидејќи би дошле во судир со расположението на нивните гледачи. Социјалните проблеми поврзани со страв и опасност се многу привлечни за медиумите и како теми често го сочинуваат значителен дел од приказните

(Altheide,David.2002:116). Прекумерното фокусирање на страв и опасност може да доведе до одредени политички импликации.

Медиумите може да не објават некоја приказна, ако не се вклопува во постоечката форма или ако тоа не се однесува на веќе постоечка тема. Медиумите играат клучна улога во јавни дебати за одрдени ризици и опасности, но нивната покриеност е многу селективна. Тоа треба да биде вистински настан чии теоретски дискусии може да се поврзани со вистински луѓе и да им даде димензија на интерес за човечката филозофија.

Според Niklas Luhmann, комуникацијата ја смета како основен процес во секој општествен систем. Комуникацијата е под голема контрола од медиумите во современото општество. Luhmann ги опишува мас-медиумите како авто-референцијални и самостојно одржувани, речиси како автономен систем (Luhmann, 2000).

За жал, Luhmann не оди многу далеку во својата анализа за тоа како овој медиумски систем е интегриран во поголемиот социјален систем. Тој утврдил дека најважните критериуми за избор на медиумите се следниве: изненадувачки вести, актуелни настани, конфликти, квантитативни податоци, локално значење, скандали како и прекршување на норми во врска со индивидуалните актери и морални пресуди.

Luhmann не е јасен во прашањето за тоа дали медиумите ги изобличува реалноста, бидејќи нагласува дека не постои објективна мерка за оценување на медиумите "против". Тој се обидува да го избегне проблемот со кажување дека медиумите се обвинети за манипулирање, а притоа вели дека и со нив се манипулира. Ние, исто така, мора да прифатиме дека медиумите се вклопуваат во рамките на одредена реалност, бидејќи не постои друга опција.

Многу социолози наведуваат како одредени социјални проблеми се надуени во хистерична размери, само поради начинот на кој тие се изложени во медиумите (Glassner, 1999:46). Медиумите се обидуваат да генерираат чувство на лична близина. Политичките несогласувања се претставени како судир меѓу личностите, отколку помеѓу идеолошките принципи. Рекламните медиуми претпочитаат мека забава и избегнување на контроверзност. Релаксирачката забава не може да биде

доволна за привлекување на вниманието на гледачите или читателите. Фактот дека темите кои се однесуваат на страв и опасност истакнати во медиумите бараат посебно внимание.

Оваа позиција е толку атрактивна што бројни интересни групи се натпреваруваат жестоко за стекнување признание за нивните конкретни социјални проблеми, да бидат поставени што повисоко на медиумската агенда. Соработката на медиумите со еден вид на таквата интересна група може да биде доста профитабилна. Се стартува со емотивна кампања за одреден социјален проблем. Не е исклучок, ситуацијата наскоро да се развие во морална паника.

Сега кога имаме идентификувани некои од најважните фактори кои влијаат на формата и содржината на масовните медиуми, време е да се анализира колку овие медиуми влијаат на гледачите, слушателите и читателите. Фактот дека најголемо внимание - изборот на теми како истакнато место во медиумите, неизбежно ќе има силен ефект.

Друга тема, која често се користи за фаќање на внимание, е очигледно, полот. Приказните за секс може да бидат и позитивни ("Сексот е добар") или негативни ("Сексот е лош и опасен"). И двата вида на приказните се подеднакво добри за привлекување на вниманието, а притоа да влијаат на сексуалниот морал на општеството во либерална или рестриктивни насока, во зависност од тоа кој вид приказни најдобро се вклопуваат во агендата на времето.

Медиумски создадените стравови понекогаш можат да се развијат во морална паника, како резултат дека принципите на човековите права, граѓанските слободи и фер судења, да се уништат. Општеството може да се фокусира на зголемување на социјалните проблеми под овие услови, но би се намалиле способностите на системот да ги реши овие проблеми.

Концептот за „масовно општество„ се поврзува со концептот за масовна култура, и тој долго време беше главна тема во расправите за природата на модерните медиуми. Од крајот на шеесеттите години, овој концепт го губи статусот на ексклузивитет: го заменуваат нови ознаки за да го опишат работното општество преку новите технологии за информација и комуникација.

Во седумдесеттите години, важните односи за иднината на „информациското општество„ се зголемуваат во големите индустриски земји. Во 1978 година, се појавува информатизација на општеството, напишано од Симон Нора и Алан Минк. Тие сметаат дека новите технологии на информацијата и комуникацијата можат да овозможат излез од економската и политичката криза опишана како „цивилизациска криза„.

Благодарение на еден „нов глобален начин на уредување на општеството„ и на силниот систем на организации во целото општество„ требаше повторно да се изгради еден неформален плоштад, проширен и наменет за модерната нација и да се овозможи една „раздвиженост на граѓанското општество„.

Враќањето кон историјата на комуникацијата ќе започне во деведесетите години. Историчарите ќе ги сместат медиумите и мрежите во центарот на нивните прашања. Истражувачите во науките за комуникација ќе изградат една проблематика околу начините на изградба на уреди и мрежи, како и околу нивната примена. (Мателар, 2003:98-100).

Популарните медиуми можат да направат груб поглед на комплексни идеи и морални размислувања, но тоа исто така може добро да и послужат биоетиката. Каква е функцијата на медиумите во усогласување на прашањата на вниманието на јавноста и во зајакнување на биоетиката како поле?. Постои незадоволство со медиумите во рамките на полето на биоетика.

И покрај тоа што, популарните медиумите дадоа значителен публицитет во текот на изминатите две децении за биоетичките прашања, научниците во биоетика често се загрижени со медиумската покриеност но и загрижени за своите недостатоци. Можеби овие сомневања се неизбежни. (Simonson, 2002:17).

## Средствата за јавно информирање денес: Улогата на медиумите

Функционалистичката социологија се развива во седумдесетите години преку етнографските студии и преку движењето наречено Примени и наградувања, кое се интересира за „задоволствата на корисниците„ поставувајќи го прашањето: што прават медиумите од луѓето? (Katz, 1975, превземено од Matelar, 2003:75). Елиу Кац (Elihu Katz), една од важните фигури на ова социолошко движење, го изнесува своето размислување за оваа проблематика. Тој се оддалечува од теориите за директните ефекти„ (бихејвиористичката хипотеза и нејзините варијанти) и се обидува да ги надмине „теориите за индиректните ефекти и ограничувања„ а особено дифузионистичката теорија и „студиите за регулирање„.

Според нив медиумите не го презентираат она што го мислат, туку она што треба да се мисли; тие играат улога на „церемонијален мајстор„ или пак улога на огласна табла на која се запишуваат проблемите што треба да се предмет на расправа во едно општество. Овие теории уште се наречени и „теории на лимитирани ефекти„ бидејќи правилото за „дневен ред„ не ги спречува мрежите на интерперсоналните односи да ја играат својата посредничка улога.

Практично, дадена е предност на: анализата на ефектите и во тесна заедничка врска со ова, на анализата на содржината која му доставува на истражувачот елементи што можат да го насочат неговиот пристап кон публиката. Влијанието на медиумите е ограничено („селективноста„ на примачите прават пречки); тоа не може да биде директно (има начин на организација); не може да биде непосредно (влијанието е прашање на време).(Van Dijk, A. 1991:98-113).

Масовните медиуми со својот новинарски и уреднички став, со интерпретацијата и коментарите овозможуваат разбирање на настаните, проблемите и процесите во општеството и светот. Тие можат точно да ги прикажат и вреднуваат настаните, критично да ги расветлат, да предупредат на актуелните општествени проблеми. Со коментирањето на настаните и проблемите овозможуваат нивно подобро разбирање, ги поттикнуваат луѓето да воспостават интеракција со соопштението, да формираат ново сознание, да реагираат на настанот во околината, да создадат суд за настанот и да прифатат одредена одлука.

Моќта на масовните медиуми преку методот на хиерархија на објавување на информациите, коментарите, да доделуваат статус на одредени проблеми, теми, личности, организации и социјални движења, како и да го зголемат и намалат нивниот углед, авторитет и влијание во јавноста. Значи, наметнуваат општествени норми и можат да започнат организирана општествена акција, со тоа што ќе ги „соголат„ оние односи и појави што не се совпаѓаат со јавниот морал. (Шопар, 2003:292-295).

**Развојот на науката за комуникациите**

Во 19 век, кога беа пронајдени основните технички системи на комуникацијата врз принципот на слободна размена, се создаде претстава за комуникацијата како фактор за интеграција на човекот во општеството. Најпрво насочен кон прашањето на физичките мрежи и создаден во самата суштина на идеологијата на развојот, поимот комуникација со определени функции, на крајот на векот го опфати и самиот човек.

Формулата која што го прославува Ласвел (Lasswell) во 1948 година „Некој кажува нешто, преку некој канал, некому и со некоја цел„ претставува идејна рамка на функционалистичката социологија на медиумите. Претставена преку сектори на истражување, би изгледала вака: „анализа на контролата„ „анализа на содржината„ „анализа на медиумите и подршката„ „анализа на аудиториумот„ и „анализа на ефектите„. (Мателар.2003:29).

Во практиката на две точки им се дава предност: на анализата на ефектите и во тесна заедничка врска со ова, на анализата на содржината, која му доставува на истражувачот елементи што можат да го насочат неговиот пристап кон публиката. Оваа истражувачка техника се однесува на објективниот, систематскиот и квантитативниот опис на содржините искажани преку комуникациите (Berelson.1952, превземено од Мателар.2003:30).

Од комисијата „Истражување на ефектите„ составена од германски комуниколози, во 1986 година, добиена е проценка дека сеуште малку се знае за поврзаноста помеѓу масовната комуникација и општеството, за закономерностите

на влијанието на медиумите. Голем дел од постоечките истражувачки трудови се разновидни, но истовремено и противречни. Во една таква ситуација на податоци, не може да се помислува на теоретска интеграција на многубројните поединечни резултати. Барањето за единствена теорија за влијанието на медиумите не може да се исполни во целост, затоа што медиумите и нивните содржини премногу се разликуваат. Всушност и условите во кои дејствуваат медиумите се премногу комплексни.

Американскиот социолог Роберт К.Мертон, се обидува да ги разработи суштинските причини за недостиг на теорија, споредувајќи ја европската социологија на мас-комуникациите и американската комуникациска наука. Според него, решавачка е позицијата на истражувачите: социолозите се карактеризираат како неопределена интелигенција, која се наоѓа на работ од повеќе општествени системи и која ги прифаќа разновидните духовни перспективи на различните општествени групи. Наспроти ова, комуникологот се карактеризира како мобилен научник во рамките на еден економски или општествен систем. Тој собира факти, што им се потребни на оние кои водат организации, бараат пазари или контролираат луѓе. Комуникациската наука се занимава со брзо и ефтино собирање факти за донесување краткорочни одлуки, при што не се прашува „зошто„ односно не се поставува прашањето за општествените извори за пронаоѓање на вистината (Ципфел, Кунчик,1998).

Според Мертон социологијата на комуникациите е самостојна и не подлегнува на (методолошка) веродостојност. За разлика од неа комуникациската наука претставува работна област на научно-истражувачките групи кои се под голем притисок за веродостојност. Анализите на масовната комуникација, кои се темелат врз општо-општествена одредишна рамка се сеуште ретки.

Би било сосема неоправдано, доколку не се спомене и позната формула на Харолд Ласвел, публикувана во 1948 година, во една статија под наслов: „Структурата и функцијата на комуникацијата во општеството„. Преку оваа формула, која се однесува на процесот на комуникацијата како комуникација во еден правец, Ласвел ги одреди истражувачките полиња на комуникациската наука

(Кој: испитување на контролата; Што: анализа на содржината; Канал: анализа на медиумите; Кому: анализа на аудиториумот; Ефект: анализа на ефектите.

Бидејќи не се поставува и прашањето-Зошто-комуникацијата, Мертон гледа добра причина да ја критикува оваа формула. Со таквото поставување на прашањата се стекнува впечаток дека комуникацијата се состои од одделните елементи, на чија заемна зависност не може да се обрнува внимание, односно дека општо-општествената меѓузависност и импликациите на мас-комуникацијата, како предмет на истражувањето, веројатно остануваат надвор од вниманието. (Ципфел, Кунчик,1998.).

Влијанието на формулата на Ласвел се гледа и од фактот што првобитната статија беше отпечатена во голем број изданија, беа направени голем број обиди за нејзино дополнување и што по неа се систематизирани многу книги и прилози, како и области на истражување.

## Функционалната анализа - обид за објаснување на односите помеѓу мас-медиумите и општеството

Функционалистичките зачетоци за објаснување на односите меѓу мас-медиумите и општеството претставуваат обид за утврдување на придонесот на потсистемот на масовните комуникации за функционирањето на целокупниот систем. Карактеристична во однос на тоа е оценката на Ласвел од 1948 година. Тој ја потенцира функцијата на комуникацијата за стабилизацијата на системот (наречена „идеологија„) што ги зајакнува доминантните вредносни структури. Како функции на мас-комуникацијата Ласвел ги разликува набљудувањето на средината преку собирање и ширење на информации (надгледување), уредничката работа на одбирање и коментирање на информации, односно создавање и усогласување на мненија (корелација меѓу деловите на општеството во однос на околината) и пренесувањето на културата. Оваа листа на функции Чарлс Р.Рајт ја проширува со забавната функција и го формулира „класичното„ поставување на прашањето на функционалистичка наука за комуникацииите: „Што претставуваат манифестните (и латентни) функции (и дисфункции) на масовното комуникациско

набљудување (вести), уредничката работа, пренесувањето на културата и забавата за општеството, за одделните подсистеми, индивидуи и културни системи?„.

Целта на функционалната анализа се состои во тоа да се прикаже колку деловите (потсистемите) на еден систем придонесуваат, односно не придонесуваат за неговото функционирање. Се поставува прашањето, до какви последици доведуваат одредени процеси (на пример, на масовната комуникација) во системи кои сами се управуваат. Не се прават обиди одреден општествен феномен да се објаснува со неговите причини, туку се поставува прашањето, кои функции треба да бидат исполнети за да се обезбеди одржувањето и стабилноста на системот.

Функционалната анализа не е насочена кон откривањето на причините на општественото делување, туку утврдување на значењето на делувањето за одржувањето на системот. Се анализираат, односно телеолошки се интерпретираат (во поглед на придонесот кон стабилноста на системот) последиците, а не причините на делувањето. Структурно-функционалната појдовна точка, која испитува институционализирани (што редовно се повторуваат) начини на однесување, тргнува од постоењето на еден општествен систем, што се состои од подсистеми со заемно влијание. Притоа, се поаѓа од фактот што секој систем поседува одреден број основни потреби, што треба да бидат исполнети за да не се распадне системот. Структурално-функционалната анализа го поставува современото променливо однесување (функции) во однос на еден стабилен систем (структура), што се одликува со одредени потреби и механизми.

Слабоста на структурално-функционалната анализа се состои во недостаток на критериуми за давање одговор на прашањето што е функционално, а што не. Затоа, секогаш, од решавачко значење може да биде *вредносниот систем на* соодветниот истражувач.

Нагласувањето на рамнотежата на системот имплицира опасност функционалната анализа во себе да носи status quo. Ако одреден општествен систем, без оглед на степенот на социјална неправда што тој го содржи, се разгледува во состојба на рамнотежа, тогаш немирите, бунтовите и револуциите можат да се сметаат за нарушувачи на рамнотежата и да се квалифицираат како дисфункционални.

Во меѓувреме, во литературата можат да се најдат редица листи на функциите на мас-медиумите, кои не се само значајни како новитети, туку и како парадигми, односно тежишта во истражувачката дејност, а исто така и претходно ја структурираат медиумско-политичката дискусија. Се нагласуваат, на пример, функциите на артикулирање на мнението, создавањето на јавноста, контролата врз политиката, образованието и воспитувањето, политичкта социјализација, создавањето на фокусирана јавност, со други зборови, комуникацијата меѓу групите што активно учествуваат во политичкиот процес, здруженијата по основ на интереси, партиите и тн.

## Краток осврт на теориите за печатот

Масовното комуницирање, всушност, започнува да постои со појавата на печатот. Комуникацијата ја обезбедува претежно со вербално – лингвистички симболи-зборови, со напишан текст, односно пишана комуникација. Гледано пошироко, како подлога за својата комуникација со публиката (читателите), користи и ликовно-графички симболи, слики, фотографии, карикатури, со што освен поимањето на пораките со нивно читање-со логичко разбирање и интелектуално просудување, испраќа и пораки, кои се примаат со перцептивна, запазувачка аналогија.

Целта е да се создаде претстава за моментот што се третира преку печатот, за да може да се изврши реконструкција и реинтерпретација на настанот. Задача е да се понудат елементи и претпоставки за подоцна низ размислата да се догради, дополни сознанието, да може да се размисли, а потоа да се суди, просудува и заклучува, да се изведуваат оценки. Клучна карактеристика на комуницирањето преку печатот е фиксноста на пораката и можностите таа да се прими тогаш, кога се сака, како и можностите за навраќање на неа безброј пати. Може да се оценува тоа што е кажано и тоа на што се однесува кажаното, да се утврдува како е вреднуван настанот, а вреднувањето да се доведува во врска со општиот вредносен систем во општеството.

Една од најстарите теории, која потекнува од 16 век, која истовремено се смета за авторитарна теорија за печатот, е изведена од државната филозофија на апсолутизмот. Познавањето на „вистината„ им се дозволуваше само на малкумина „мудреци„ кои требаше да бидат во состојба да извршуваат водечки функции. Печатот требаше да ја подржува политиката на владата и да и служи на државата. Издавачите се контролираа преку доделување на лиценци и цензура.

Основна претпоставка на авторите е тезата дека печатот, односно, мас-медиумите, секогаш ја попримуваат формата и колоритот на општествено-политичките структури во кои се вградени. Фредерик С.Зиберт, Вилбур Шрам и Теодор Петерсон, во својата книга „Четири теории за печатот„ ги разработува нормативните претстави за тоа како функционираат мас-медиумите во различните типови на општества. (Ципфел, Кунчик, 1998).

Со зголемувањето на политичките, верските и економските слободи, во периодот на просветителството се појави и барањето за едно ново поинакво сфаќање на печатот. Се создаде либералната теорија за печатот, која својот процут го доживеа во 19-от век. Луѓето беа сметани за рационални суштества, кои се во состојба да ја разликуваат вистината од невистината. Во потрага по вистината, печатот требаше да ја исполнува функцијата на партнер во расправата, а не инструмент на власта, со кој таа може да врши влијание. Барањето од печатот да ја контролира власта изникна во контекстот на оваа теорија.

Поимот „четвртата власт„ почна да се користи за печатот (покрај законодавната, извршната и судската власт). Печатот требаше да се ослободи од влијанието и контролата на власта. Оваа теорија за печатот е најјасно формулирана во Првиот амандман на американскиот устав (Keane,1992:114).

Теоријата за општествената одговорност и советско-комунистичката теорија, се смета дека се продолженија и модификации на досега наведените две теории. Теоријата за општествената одговорност се разви врз основа на сознанието, дека претпоставките на либералната теорија се премногу едноставни. Проблемите на внатрешната слобода на печатот беа исто толку малку разгледувани во контекстот на либералната теорија, колку и процесите на концентрацијата на печатот.

Теоријата за општествената одговорност е реакција на залудното очекување медиумскиот пазар самиот да се регулира и контролира. Медиумите организирани во приватниот сектор не ја исполнија својата двојна задача: од една страна, постигнување на поголема заработувачка за сопствениците, а од друга, на јавноста да и служат како „четврта власт„.

Теоријата за општествената одговорност се базира врз идејата за слободен печат. Слободата на печатот е секогаш поврзана со одредени одговорности во однос на општеството. Се разликуваат шест одделни функции: (Ципфел, Кунчик, 1998:49-50).

1. Да му служи на политичкиот систем, со што ќе се овозможи пристап до информациите, дискусиите, објаснувањата на општествените прашања.
2. Да се просветува јавноста, во однос на нејзиното лично и активно учество во решавањето на прашањата од општествено значење.
3. Да ги заштитува правата на поединецот, при што мас-медиумите настапуваат во улога на „чувари„ во однос на власта.
4. Да му служи на економскиот систем, при што на пример, преку рекламите ќе ги соедини интересите на купувачите и продавачите.
5. Да пружа забава (при што се мисли само на „добра„ забава, независно од жанрот).
6. Да се грижи за одржување на финансиска автономија, за да не биде зависен од посебните интереси и влијанија на одделните спонзори.

Според советската теорија, главната задача на мас-медиумите е да придонесат кон зачувување и напредок на социјалистичкиот систем и неговата водечка партија. Медиумите ги контролира државата и се дефинираат како нејзина продолжена рака. Денис Мек Квејл на овие четири теории додава уште две: Развојната теорија за медиумите, која посебно се однесува на помалку развиените земји, на кои им недостасуваат следните обележја на еден развиен комуникациски систем: комуникациска инфраструктура, професионални новинарски способности, производни ресурси (Мек Квејл утврдил дури и недостаток на културни ресурси) и масовна публика. Во држави со толку неразвиени комуникациски системи, развојот

би требало да се смета за примарна цел, при што политичарите од различни земји би станале свесни за својата положба.

Суштинскиот нормативен елемент на една ваква развиена теорија би бил, дека медиумите во согласност со политиката би се користеле за унапредувањето на националниот развој, за автономијата и културниот идентитет на одделните земји.

Мек Квејл изречно и го допушта правото на државата на цензура на медиумите, во интерес на достигнувањето на целите на развојот. Една ваква оправданост на цензурата и директната контрола на медиумите, во ниеден поглед не прилега на успешното спроведување на процесите на планираната општествена преобразба (McKvejl, 1994).

Демократско-партиципативна теорија за медиумите, се искристализира во развиените либерални општества како реакција на комерцијализацијата и монополизирањето на приватно-комерцијално-организираните медиуми, како и на централизмот и бирократијата на јавните радио-телевизиски установи, кои беа уредени според нормите на општествената одговорност. Последниве се сметаат за премногу патријахални, елитни, премногу тесно поврзани со основачите, за лесно попустливи под политички и економски притисок, за премногу монополизирани и професионализирани.

Разнообразноста, раситнетоста, локализираноста и размената на улогата на комуникаторот и реципиентот се нагласуваат, исто како и претставата за хоризонталната поврзаност на комуникацијата. Централни елементи на новата теорија за медиумите се потребите, интересите и целите на реципиентите во едно политизирано општество.

# МЕТОДОЛОШКА ПОСТАВЕНОСТ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

## Предмет на истражување

Предметот на нашето истражување, е да се утврди улогата и значењето на медиумите, особено на печатените медиуми во информирањето на јавноста за некои современи морални предизвици во македонското општество. Во тие рамки ќе биде истражено до кој степен македонските медиуми информираат за овие морални предизвици. Исто така направено е и компаративно истражување за моралните предизвици во современото општество (абортусот, хомосексуалноста, евтаназијата, клонирањето),односно нивното третирање од аспект на религијата, современиот концепт за човекови права, и нормативната регулатива за некои од нив.

Во општеството може да се констатираат реални состојби, тенденции за овие морални предизвици и се поставува прашањето како медиумите, односно дневниот печат ја отсликува таа состојба во општеството, а од друга страна како таа медиумска слика влијае врз општеството, односно во тие области.

Медиумските информациски презентации и природата на мас-комуникациските содржини веќе одамна не се плод на едноставна прибирачка и опишувачка дејност која дава само елементарни известија и описи на социјалниот живот.

Низа чинители на современото општествено живеење им овозможија на медиумските активности да ги преобразат сопствените комуникациско-информациски содржини од чиста колекционистичка и дескриптивна емулзија во една целесообразна општествена дејност, во една хумана активност. Комуникациско-информациската содржина и самата медиумска пракса се надгради и конституира како нешто повеќе од прибирање на факти, нешто повеќе од опишување на настани.

Поточно, медиумите и нивните комуникациско-информациски содржини добија влијателна и вредносна стандардизација, концентрирајќи се во единствената современа дејност, која ќе ја нагласува и афирмира потребата за етичката борба на човештвото за заштита на животот и живиот свет, активност, која ќе го нагласува и негува сознајниот, моралниот и истражувачкиот капацитет на своите

содејственици, но и професија која ќе се залага за промена (револуција или еволуција) на политичките и економски облици на општествената организација на владеењето и произведувањето на облици кои ќе го отуѓат човекот од сопствената природа кои се нехумани во однос на универзалните етички стандарди.

Медиумите денес со своите дејанија овозможуваат пренабрегнување на вредносната неутралност на дескрипцијата и премин кон интелектуално ангажирана комуникациска порака, кон комуникациска порака со кодиран морален скандал.

Наравоучението на басната, моралната поука на митот, етичката порака на литературата во ерата на информациското и информатичкото општество, во ерата на глобализацијата го изгубија приматот да пренесат и разнесат морална идеја или концепт.

Затоа, денес и медиолошко-журналистичкото творештво сосема суверено и вредносно наеднакво ја шири интересноста, ексклузивноста, значајноста, трогателноста или доблесноста на етичките собитија и поуки.

Медиумите и комуникациско-информациските системи се врзани со моралноста. Од една страна медиумската подготовка на известието треба да ја следи моралноста како деонтологија низ стандарди на откривањето, прибирањето, бранењето и пласирањето на вистината, на информацијата во јавноста, но едновремено од друга страна медиумската структура неверојатно плодоносно влијае и во продуцирањето на моралноста, да и даде морално значење на пораката, и етичко сомневање на самите општествени настани.

Медиумите живо влијаат врз етичките системи и нивните формално правни апликации во еден res legis токму преку моралните реконструкции, моралните димензионирања, моралните скадали и моралните телоси на медиумско-новинарскиот потфат.

Штом медиумите се креатори на моралноста, тогаш сосема е оправдано едно истражување на медиумското информирање кај нас за некои од современите морални предизвици. Анализата на комуникациските содржини при известувањата за правната возможност на посвојувањата на деца од страна на истополови брачни партнери, легализацијата на постморталното дарување на органи или формално

правната забрана на абортусот, наспроти формално-правната дозвола на евтаназијата може да посочи како и колку македонските информациски системи прословиле за био-етичките и танато-етичките морални скандали на етаблираната морална свест и совест.

## Дефинирање на основните поими во истражувањето

**Медиуми** или **масовни медиуми** е термин кој најчесто се користи за да се означи, како класа, оној дел од медиумите чија намера е да допре до многу голема публика (обично барем населението на една национална држава). Терминот бил искован во 20 тите со појавата на националните радио-мрежи и весниците и списанијата со масовна дистрибуција.

**Печатени медиуми** (весници) се медиуми кои објавуваат разни вести од општествениот, политичкиот и спортскиот живот, извештаи од дневните случувања, донесуваат приказни, романи и стрипови, објавуваат огласи, реклами итн.

Новинарските жанрови се прифатени според нивната глобална класификација (нивно појавување во општа форма), а во основа подразбираат:

**Вест** (кратка новинарска форма, која донесува еден или ограничен број податоци и информации),

**Извештај** (жанр кој пошироко известува за текот на настаните, со повеќе елементи од нивната структура),

**Интервју** (разговор кој соговорникот одговара на неколку прашања на дадена тема),

**Коментар** (аналитички жанр кој содржи вреднување и суд за одделни појави, настани и процеси),

**Статија** (пошироко аналитичко и експликативно согледување за одделен проблем, со повеќе соговорници и повеќе извори на информации),

**Изјава** (форма низ која на краток начин определени субјекти изнесуваат конкретни мислења за даден проблем или настан).

Под поимот **морал** се подразбира посебен (издиференциран) обик на општествена свест што произлегува од заедничкиот живот, а претставува поврзан систем на ставови, мислења и верувања најчесто изразени како правила за она што е добро или лошо за човекот и општеството. Оној дел од човековата свест изразен во определени норми што го регулраат поведението на човекот, неговите постапки во општествениот живот како упатства и директиви дека нешто треба да се направи или како забрана нешто да не се прави.

Поимот **современи морални предизвици** се однесува на некои расправи за абортусот, хомосексуалните бракови, донирањето органи, евтаназијата и други кои го структурираат принципот на слободен избор на лицата на кои им се спротивставуваат аргументите на религиската традиција.

**Абортус** е прекин на бременоста. За абортусот на постои единствено гледиште. Бранителите на абортусот своето гледиште го темелат на тоа дека жената има неотуѓиво право на своето сопствено тело. Темата на абортусот е централна во феминистичката теорија и во политиката. Аргументите за абортусот се темелат на ставот дека жената треба да има контрола над своето тело и моќ за самоопределување, бидејќи тие се најпогодени од репродукцијата и тие треба да одлучат; според други гледишта абортусот претставува убиство. Општествената прифатеност за абортусот како контрола на порастот на бројот на жители.

Општествената прифатеност на абортусот како средство за контрола на порастот на бројот населението варира од период до период и од подрачја во текот на целата историја. Абортусот реално бил користен како метод за ограничување на бројот на членови во семејството во грчко-римскиот свет. Со појавата на христијанството, абортусот бил строго забранет, а оние кои го применувале ризикувале да бидат отфрлени од црквата. Во текот на 19 век се применувале строги казни се со цел да се намали бројот на абортуси, но тие казни во многу земји се ублажени во текот на 20 век.

Денес во многу земји намерниот абортус е дозволен со закон, додека во други, законодавството дозволува намерен прекин на бременоста само под одредени улови: ако е загрозен животот на мајката, ако бременоста е поселдица од силување или инцест, ако се сака да се спречи раѓање на детето со медицински

проблеми или ако мајката мисли дека не може да го одгледа детето. Во САД во 1972 година донесена е одлука за легализирање на абортусот во текот на целото траење на бременоста. Од тогаш се водат жестоки расправи помеѓу приврзаниците и противниците за либрализација на абортусот.

Под **хомосексуалност** се подразбира сексуална наклоност и сексуален живот со личност/и од ист пол. Хомосексуалните бракови подразбираат животни заедници на лица од ист пол. **Хомосексуалноста** стана посебна тема кон крајот на 19 век, во време кога психологијата почнува да се развива и да се интересира за човечката сексуалносот. Во исто време (крајот на 19 век) се јавуваат заговорниците на тезата дека хомосексуланоста е пореметување, како и оние кои заговараат општествена толеранција и прифаќање на хомосексуалните личности. Денес хомосексуалноста е тема за широки научни расправи од областа на биологијата, психологијата, политиката, генетиката и историјата, кои настојуваат да ја разберат целокупната човечка сексуалност и различната сексуална практика. Законската и општествената положба на хомосексуалците во светот се разликува од држава до држава.

Односот на општествата спрема истополовите односи како и општествената пракса на гејовите и лезбејките се менува со текот на времето. Денес повеќето држави не ги забрануваат доброволните сексуални односи помеѓу полнолетните личности од ист пол. Сепак, во светот се уште постојат држави во кои ваквите односи се казнуваат со закон, а во некои од тие држави се предвидува и смртна казна. Наспроти тоа, постојат држави во кои законот признава еднакви права на гејевите и лезбејките, ги штити од дискриминација и законски ги препознава истополовите семејства, вклучувајќи ги тука и браковите или регистрираните заедници, родителството и посвојувањето деца.

**Евтаназија** е усмртување од милосрдие. Терминот евтаназија произлегува од старогрчкиот збор (euthanasia) и во буквален превод означува лесна и убава смрт. Денес се користи како поим за безболна смрт, причинета со цел за ублажување на страданието и прекинување на животот на луѓето кои се неизлечиво болни. Повеќето правни системи ја сметаат за убиство, иако во многу јурисдикции лекарот може законски да одлучи да не му го продолжи животот на пациентот или

да издаде лекови кои ги ублажуваат болките, дури и кога му го скратуват животот на пациентот. Здруженијата кои се залагаат за законска евтаназија постојат во многу земји. Евтаназијата може да биде: 1.волева евтаназија кога самата личност бара евтаназија, сметајќи дека нејзиниот живот е недостоен за живеење, 2.неволева евтаназија, кога личноста не е во состојба сама да одлучи дали сака евтаназија или не, 3.евтаназија против нечија волја, кога волјата на личноста воопшто не се зема во предвид. Треба да се направи разлика помеѓу евтаназија и асистирано самоубиство. Евтаназијата претставува акт на прекинување на нечиј живот од страна на лекарот, а асистирано самоубиство е кога лкарот обезедува средство со кое личноста ќе коже сама да го изврши самоубиството. Во првиот случај улогата на лекарот е активна, а во другиот пасивна. Од аспект на православното христијанство, евтаназијата е целосно неприфатлива постапка. Господ го создал човекот. Телото е храм на Светиот Дух, па според тоа секој атак на човечкиот живот претставува и атак на самиот Бог. Заговорниците за легализација на евтаназијата обично наоѓаат оправдување за својот став во постоењето на терминални болни, но вистина е дека денес во ера на современта медицина, болките моѓат да се елиминираат со лекови и хируршки методи.

**Клонирањето** е процес на копирање на генетски материјал од жив организам. Во биологијата, процедурата на репродукција на организми врз основа на нуклеусот на една келија, која резултира на организам со ист генетски состав како и дарателот на генот. Додека клонирањето на животни се смета за особено важно поради зачувување на ретките видови, клонирањето на луѓе се смета за високо неморално и со закон забрането во развиените општества. Последниве години во некои земји се признава можноста за клонирање на само поедини органи за медицински цели.

Поимот **морална паника** може да биде корисен за осветлување на облици на однесување и обрасци на случувања кои се се поприсутни во медиумската презаситеност (или медиумското богато) модерно општество.

**Општиот, генералниот став** е сублимиран врз основа на афирмираните вредности, односи и процеси, односно врз основа на негирање и неприфаќање на определени состојби и движења за современите морални предизвици.

Како **позитивен став** за современите морални предизвици се оценува промовирањето, подржувањето и проектирањето на односи на толеранција, почитување на човековите права.

Како **негативен став** се смета промовирањето на нетрпеливост и нетолеранција, како и сите оние акции насочени кон стигматизација на одредени појави.

**Неутрален став** се изведува врз основа на строго придржување до фактите (случувања, изјави, податоци) и нивен коректен распоред и пласман во медиумското организирање и објавување на содржините.

Ставот кон современите морални предизвици се одредува според истите критериуми како и кај генералниот став кон современите морални предизвици, со таа разлика што „позитивниот„ став кон современите морални предизвици има поинаква конотација-означува фаворизирачки, или глорифицирачки однос кон тие појави.

**Уредувачката политика** се подразбира како остварување на општата концепција на весникот содржана според времето и зачестеноста на неговото излегување и глобалниот приод во третирањето на темите и содржините. Така уредувачката политика произлегува од претежната/нагласената информативна функција кај дневните весници и аналитичкиот пристап кај неделникот.

Уредувачката политика се состои во изградувањето и применувањето принципи за избор на содржини кои се објавуваат во весникот, за начинот на нивната професионална обработка/оформување и пласман според обем, страница и место на неа, како и ликовно графичките елементи кои обезбедуваат определени димензии на значењето на одделните прилози.

Тука спаѓаат и критериумите, вредностите, аголот на гледање од кој се поаѓа во оценувањето на состојбите, односите и процесите, посебно во изразувањето на редакциски/авторски став во аналитичките новинарски жанрови.

## ЦЕЛИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Во таа смисла целите на истражувањето се да се фрли поголема светлина врз современите морални предизвици, но и на општествените услови кои ги генерираат, како и на сферите на животот во кои тие најчесто се појавуваат, како и на неговите носители кои се фокусираат низ медиумите. Се разбира ќе биде укажано и на правните и моралните аспекти на овој феномен.

Поконкретно целите на ова истражување, низ теоретска и емпириска разработка се:

- Да се даде теоретски осврт на современите морални предизвици, од религиски аспект, од аспект на современиот концепт за човекови права, како и законската регулатва.
- Да се утврди **местото и улогата** на медиумите во известувањето за современите морални предизвици во Република Македонија;
- За кои **видови** современи морални предизвици медиумите најмногу информираат;
- Во кој **обем** печатените медиуми опфатени со истражувањето ги третирале прашањата во врска со современите морални предизвици;
- Во кои **жанровски категории** најчесто се обработуваат современите морални предизвици;
- На кои **области и теми** се однесуваат новинарските текстови во кои се допираат овие современи морални предизвици;
- Каков е **приодот** во медиумските текстови и во пренесените изјави кон современите морални предизвици;
- **Во која мера** медиумските текстови или изјавите (на експерти, претставници на граѓански здруженија, граѓани) содржат **негативни ставови** и **стереотипи** за современите морални предизвици.

## ХИПОТЕЗИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

### Општа хипотеза

Печатените медиумите во Република Македонија влијаат во профилирањето на јавното мислење во однос на современите морални предизвици, кои се се поприсутни во македонското општество.

### Посебни хипотези

- Различниот степен на развиеност на печатените медиуми условува и различен степен на информирање за современите морални предизвици;
- Бројот на прилози е на задоволително ниво, односно соодветствува на тежината на проблематиката и на потребите на граѓаните (читателите),
- За информирањето на современите морални предизвици повеќе се користат информативните жанрови, а помалку аналитичките форми за информирање на современите морални предизвици;
- Граѓанските здруженија повеќе им нудат информации на медиумите за современите морални предизвици, отколку надлежните институции;
- Граѓанските здруженија, сметаат дека информирањето од страна на печатените медиуми е недоволно и дека се информира само по одреден повод.
- Изразувањето на генералниот став на текстовите се движи од екстремно негативен до неутрален кон одредена појава,
- Уредувачката политика на медиумите влијае врз обемот на објавени содржини, кои се однесуваат на современите морални предизвици.
- Известувањето за настаните во информативните жанрови е неутрално за разлика од известувањето во аналитичките жанрови.

## Методолошки техники во истражувањето

Основната амбиција на докторската дисертација, е да го истражи (квантитативно и квалитативно) прашањето за тоа како печатените медиуми во период од 01.01.2002 – 31.12.2007 година ги покривале прашањата поврзани со современите морални предизвици (абортус, хомосексуални бракови, клонирање, евтаназија). На тој начин може да се дојде до сеопфатен одговор на целите поставени со истражувањето. Истражувањето користи неколку истражувачки техники со кои на директен и на индиректен начин се доаѓа до одговорите на претходно поставените истражувачки цели и претпоставки.

Анализата беше спроведена врз основа на следниве упатства: дали сторијата е строго од информативен карактер или допира важни општествени и психолошки аспекти како што е, на пример, стигматизацијата, кршењето на човековите права, недостигот од минимални здравствени услови, медицинскиот третман, потоа, дали сторијата информира за медицинските аспекти (начини и средства за контрацепција, и сл.).

Етичкото ниво на известувањето беше, исто така, предмет на анализа (степенот на објективно и непристрасно известување, начинот на известување за луѓето кои се хомосексуалци, дали се заштитува нивниот човечки идентитет, дали на новинарите им е доволно познат целиот склоп на прашања поврзани со тоа и дали известуваат во согласност со професионалните и етичките стандарди.

## Анализа на содржина

Предмет на истражувањето беа новинарски текстови во кои целосно се третирани или пак само делумно се допираат теми поврзани со современите морални предизвици (абортусот, хомосексуалните бракови, евтаназијата и клонирањето). Оваа анализа овозможи стекнување на сознанија за тоа не само колку се информира, туку и што и како се информира за современите морални предизвици. Избраниот материјал беше анализиран чекор по чекор, преку следење на процедурата што ја налага методот на анализа на содржина, при што

материјалот ќе биде поделен на основни единици врз кои ќе се изврши анализата. Основна единица и ниво на анализа беше текстот.

Се примени анализа на содржина на печатените медиуми: квантитативна анализа на објавените информации, тематска анализа на содржината на информациите, анализа на внатрешната структура, облиците и изворите на информации.

**а.Квантитативната анализа на содржина** е стандардизиран метод што вообичаено се користи во истражувањето на медиумските текстови првенствено, за добивање квантитативни податоци (број на третирани теми, обем на текстови, фреквенција на употреба на одредени зборови и термини и сл.). На тој начин таа овозможува објективен, систематски и квантитативен опис на содржината на „медиумските текстови„.

**б.Квалитативна анализа** е релативно нов истражувачки метод кој досега во Македонија, не е користен за квалитативна анализа на содржините на печатените медиуми.

Тргнувајќи од целите што беа поставени со ова истражување, неопходно беше да се примени методолошки приод, кој ги обедини двата вида на анализа на содржина во единствена истражувачка постапка.

За таа цел, беше изработен образец за анализа на медиумските текстови кој се состои од два дела:

(1) Идентификација на текстот или опис на квантитативните аспекти и (2) анализа на реченици, изрази или изјави кои укажуваат на некаков став, намера или дејствие поврзани со современите морални предизвици. Врз основа на тоа, потоа се определува ставот на медиумот или на изјавата содржана во текстот и присуството на стереотипи во однос на овие современи морални предизвици. Овие два индикатори, всушност претставуваат основа да се извлече ставот на медиумот или на изјавата на некој субјект во однос на современите морални предизвици, како и генералниот став (на текстот или на изјавата) кон современите морални предизвици.

Од печатените медиуми во Република Македонија ќе бидат анализирани дневните весници: Дневник, Утрински весник (како најтиражни и воедно

највлијателни), како и нивното информирање за современите морални предизвици (абортусот, хомосексуалните бракови, евтаназијата и клонирањето) во периодот од **01.01.2002** до **31.12.2007** година.

**Полуструктурирано интервју**

Во поглед на информирањето за современите морални предизвици, беа спроведени полуструктурирани интервјуа со претставниците на граѓанските здруженија, се со цел да се презентираат нивните мислења и искуства во врска со тоа колку и на кој начин печатените медиуми известуваат за современите морални предизвици. Интервјуата се реализирани со претставници на следните граѓански здруженија: МАССО (Македонска асоцијација за слободна сексуална ориентација) и ХЕРА (Асоцијација за здравствена асоцијација и истражување).

Од нив беше побарано да ја оценат сопствената работа во поглед на информирањето за современите морални предизвици, со кои проблеми вообичаено се соочуваат, да го изнесат нивното мислење и сугестии за етичките аспекти во известувањето, како и за тоа како во иднина медиумскиот третман на овие прашања би можел да се подобри, односно да стане поефикасен.

# ТРЕТ ДЕЛ

# ТЕОРИСКИ АСПЕКТИ НА СОВРЕМЕНИТЕ МОРАЛНИ ПРЕДИЗВИЦИ (АБОРТУСОТ, ХОМОСЕКСУАЛНОСТА, ЕВТАНАЗИЈАТА КЛОНИРАЊЕТО)

## Теориските аспекти на абортусот како современ морален предизвик

### Поим-Абортус

Прашањето за абортусот, посебно во неговото посебно значење на намерно прекината бременост, е комплексна и чувствителна тема, која по многу основи буди поделени мислења, контроверзии и кампањи „за„ и „против„. Едно е сигурно, и на личен и на општествен план, одлуката за абортус е тешка одлука со низа последици и одговорности, без разлика за која опција ќе се одлучиме.

Прашањето се однесува на здравјето и носи свест за ризиците и компликациите, но освен медицинските и биолошко-генетичките фактори, репродуктивната дилема, пред се вклучува етички аспекти, но и социјални, религиски, емотивни, правно-криминогени. Од двете спротивставени страни стојат заговорниците на т.н. опција за избор, наспроти опцијата за живот.

Аргументите на првите се дека жената има неотуѓиво право на контрола над своето сопствено тело, право на сопствена волја и самоопределувачки став за сите репродуктивни прашања, па оттука и право на избор дали да ја продолжи или да ја прекине својата бременост. Поаѓајќи од прашањето, дали фетусот е човечко суштество и што со неговото право, вторите го проблематизираат абортусот како одземање живот. На оваа опција се надоврзуваат и религиските ставови.

Абортусот е израз за прекин на бременост. Бременоста е состојба кога жената носи ембрион односно фетус во развој, во нејзиниот утерус, значи бременоста е период од зачнување до раѓање. Ембрион е предфеталниот производ на зачнување од оплодувањето на јајцеклетката до 8-ма недела од својот развој. Фетус е нероден или несозреан `рбетник по 8-та недела по зачнувањето се до моментот на раѓање, и е со јасно оцртани препознатливи карактеристики на човек.

Според Светската Здравствена Организација (СЗО, 2007) абортусот е дефиниран како „прекинување на бременоста пред фетусот да е способен за живот надвор од матката„.

Според христијанството, животот почнува со зачнувањето, а според муслиманството, прашањето на забременувањето е одлука на Господ која треба да се почитува. Сепак, ми се чини дека кај нас тешко можеме да говориме за вистински верски убедувања, свесни дека независно од самодекларираниот однос кон верата, Македонците се прилично либерални кон предбрачниот секс, менувањето партнери, разводите и сл.

Дискусиите околу абортусот се едни од најконтраверзните исто како и самото дејствие. Тие траат толку долго колку што траат и обидите, ваквата активност да се регулира со законска норма. Аргументите кои се користат во таквите дискусии се движат од една до друга крајност, со несмален интензитет и согласно нивната силина и авторитет на нивните промотори, различните политичари и законодавни власти носеле различни одлуки и закони со кои се регулира ова прашање.

Но, токму ваквиот пакет на политички одлуки и закони е еден од оние кои најдиректно влијаат врз животните судбини на генерациите, како и на поединците лично, така и на семејствата, но и на нациите, како колективитети. Повеќесложни се последиците од исправно или не-донесените политички одлуки за прашањето на абортусот, не само на краток рок, туку и долгорочно за секоја држава и нација (Wellings,1994:65-72).

Република Македонија постепено, но сигурно, прераснува во арена во која ваквите дискусии ќе земаат се поголем замав, поради мноштво на причини од различна природа, а сето тоа заедно ја нагласува актуелноста на темата и објективната потреба од истражувачки пристап, со цел да се расветлат сите аспекти на проблемот кој се уште предизвикува силни контроверзи и денес, исто толку колку и низ историјата.

Се разбира, крајната цел на еден ваков истражувачки пристап е да се понуди на јавноста, и на граѓанството и на политичката јавност, објективен пристап и

сериозна анализа на сите валидни аспекти кои влијаат при носењето на одлуки за едно вака животно важно прашање за секој човек.

Постојното законодавство за оваа материја во Република Македонија потекнува од 1977 година (Закон за прекинување на бременоста, Службен весник на СРМ 19/77 од 22 април 1977 година), и спаѓа во групата на либералното нормирање на ова прашање. Правото на абортус е регулирано со овој закон, а ограничувањата се минимални и само во исклучителни случаи.

Ваквата состојба на либерален пристап доведе до стапка на абортуси од 18,4% во 2001 година, а во 2006 година бројот на регистрираните абортуси во здравствените установи достигна до 6 690 случаи, претежно од страна на Македонските.

**Табела за состојбите во Република Македонија**

| | 2000 | 2001 | 2002 | 2003 | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Бр.на живородени деца | 29 308 | 27 010 | 27 761 | 27 011 | 23 361 | 22 482 | 22 585 | 22 688 |
| **Бр.на умрени жени од мате причини** | **4** | **4** | **3** | **1** | **3** | **3** | **1** | **0** |
| Стапка/10000 живородени | 13.5 | 14.8 | 10.8 | 7.4 | 12.8 | 13.3 | 4.4 | 0 |
| **Бр.на абортуси** | **11 407** | **8 523** | **7 876** | **6 690** | **7 324** | **6 622** | **6 164** | **6 090** |
| Стапка на абортуси на 100 жив. деца | 38.9 | 34.4 | 32.2 | 28 | 31.8 | 28.3 | 27.3 | 26.8 |

*Извор: Републички завод за здравствена заштита

Напоредно со современите тенденции од западна провениеција кои имаат особен наплив по осамостојувањето на Република Македонија, а се најизразени во либералниот став кај младата популација во однос на рано стапување во сексуални односи, расте и бројот на несакани бремености кај младите, кои се уште не стапиле во брак.

Општествената свесност за засновање на бракот, како клетка која е традиционална предодредена за создавање на семејство на овие простори има длабоки корени, но веројатно предолгиот период на транзиција на системот со изразено продлабочена дисторзија во економската сфера и посебно кај животниот стандард на населението има свој одраз и при носењето на одлука за одложување

на стапувањето во брак, за повозрасни години. Ваквиот процес влијае врз растот на бројот на несакани бремености, а со тоа и врз зголемениот обем на реализирани прекини на бременоста, по медицински пат.

Република Македонија е соочена со сериозен процес на стареење на македонската популација, но и со намален наталитет, кој моментално не покрива основна репродукција на населението.

Постои сериозен притисок од високите црковни великодостојници на Христијанските цркви во Македонија, со цел да се изврши реформа во нормативното регулирање на оваа сфера од животот, во насока на ограничување на можностите за прекин на бременост поради точно определени причини, а кои се од помала важност за градацијата на вкупните причини кои ги доведуваат луѓето до носење на одлуката за или против прекин на бременоста. Рестриктивниот пристап во оваа област е со цел да се намалат факторите на носење позитивни одлуки за прекин на бременоста, посебно во случаите кога нема особено значајна причина односно кога не е директно загрозен животот на мајката.

Во Соединетите американски држави, во текот на изборната кампања за претседател на државата за периодот 2008-2013, ова прашање беше едно од горливите, на кои излегоа на површината сериозни разлики во погледите, што се разбира ќе си најде свој одраз и во различните политики кои ќе следат во текот на водењето на администрацијата на новиот претседател.

Проблемот се однесува на прашањето дали абортусот спаѓа во корпусот на човековите права, односно право на жената да одлучува за своето потомство. Дали ова претпоставено право е во колизија со друго основно човеково право, односно право на живот?. Дали е коректно и во ред, едното право да го загрозува другото право, без притоа да се земат во предвид, ставовите и желбите на тој кому без негово знаење му се одзема таквото право, пред се поради фактот дека се уште се работи за единка во формирање. И независно од тоа дека таа и како таква единка се уште не дошла на овој свет како оформено суштество, дали е добро, или праведно и правично, некој друг, наместо тој самиот, да одлучува за неговата судбина односно живот, независно за кого се работи и независно од кои и какви причини (Farhana,2007:79-86).

Овие дилеми секако го проблематизираат од старт, ставот во прилог на едното или другото тврдење, и оттука е и потребата од сериозност при анализите околу носење на исправна одлука.

Религиозните структури се разбира имаат свој став за ова прашање, кој исто така знае да биде различен и контрадикторен, и едниот од другиот, иако и едниот и другиот став поаѓаат од еден ист извор, а тоа е Божјиот збор или Библијата, како докажан извор на Божјата премудрост, знаење и разум, а кои доаѓаат од сосема поинаква провиниенција, отколку таа од која произлегуваат човечките мудрости и филозофии.

**Состојби и дефинирање на проблемот**

Податоците околу разни аспекти на прашањето за прекин на бременоста варираат зависно од многу фактори, и различни се во разни земји. Најзначајни фактори кои го детерминираат ставот за ова прашање се законодавно-правната рамка која нормативно го регулира ова прашање, религиското влијание во општеството, медицинските индикатори, медиумите како јавен сервис и традициите кај народите.

Случајот на Полска е интересен во многу аспекти. За време на комунистичкиот режим во 80-те години на минатиот век, константно се евидентирани над 100.000 абортуси годишно, наспроти 600.000 породувања годишно. Со смена на власта во 1990 година, црквата и докторите во заедничка акција кон обесхрабрување на абортусите, бројот на абортуси опаднал на 59.400 (WHO,2004, Unsafe abortion: global and regional estimates of unsafe abortion).

Со цел да се стекне правилна претстава за суштина на проблемот околу прифаќањето на абортусот како човеково право или не, ќе се обидеме да го дефинираме проблемот.

Во една прилика, професорот напишал на таблата два броја -4 и 2, одвоени еден од друг, без никаков знак помеѓу нив и ги запрашал своите студенти: Кое е решението?. Студентите одговарале, некој 6, некој 2, некој 8, мислејќи дека се работи за собирање, вадење или множење. Но, никој не успеал да одговори точно, и професорот заклучил дека ниту еден од студентите не одговорил точно поради тоа

што најпрво не запрашале-што всушност решаваме, кој проблем е предмет на решавање. Така, и во нашиот случај, најпрво ќе се обидеме да го дефинираме проблемот, а потоа да го анализираме. Клучните прашања кои секој треба да си ги одговори, пред да изгради било каков став и пред да донесе било каква одлука околу абортусот како човеково право или не, се следниве:

-Дали станува збор за човечки живот, односно дали тоа што се абортира, умртвува е живот или не?

-Дали треба да се гарантира обезбедување на еднаква заштита пред законите на секој жив човек, односно дали имаме право да дозволиме дискриминација на правото на живот на индивидуа во зачеток?

-Дали се работи за право на избор и право на жената, да донесува одлука за сопственото потомство, и дали тоа и такво право е релевантно да го надмине и стави во втор план правото на живот на новата индивидуа која е во зачеток или во форма на фетус?.

Контроверзијата околу прашањето за прекин на бременоста се појавува поради тоа што луѓето имаат различни стандарди по кои го дефинираат „човековиот живот„. Некои го дефинираат од филозофска гледна точка, други пак, од теолошки или религиозен аспект, а трети користејќи биолошки, научни факти (Greenberg, 2000:48-65). Човечкиот живот може да биде објаснет користејќи широк спектар на филозофски убедувања и теории. Овие користат социо-психолошки размислувања кои како аголен камен најчесто имаат биолошки факти.

Филозофската дефиниција на човечкиот живот е следнава: Каде што има свест, каде што има движење, каде што има мозочна функција или отчукување на срцето; кога има способност за живот под услови под кои живеат сите луѓе; при раѓање; кога е посакувано; кога има размена на љубов; кога ќе добие човечка форма и изглед; кога станува личност (како и да се дефинира зборот „личност„); кога е ментално и физички здраво, итн.

Многумина филозофи се уште се сомневаат дека со зачнувањето, се зачнува всушност нов живот, и се уште не се убедени дека се работи за човечки живот, внатре во утробата на носителот-мајката. Исто така, дилемата се придвижува и во насока на разликување на зачнувањето од оплодувањето. Уште од самото откритие

на процесот пред 150 години, и двата збора се користат за да означат спојување на сперматозоидите со јајцеклетката.

Друго прашање на кое филозофите се уште размислуваат е, и покрај научните општо прифатени толкувања, сепак дали станува збор за личност?

Во речениците зборот „личност„ се објаснува на 14 различни начини. Секој кој поставува вакво прашање, треба прво да одговори што подразбира под поимот личност. Дали под поимот подразбираат лице со карактерни особини, со јасна мисловна и говорна активност? И дали можат да потврдат дека и животните сепак не се и личности, заради непостоење на било која од наведените активности, зашто научно е докажано дека кај нив развојот е застанат на ниво на инстинкт. И ако е ова така, сепак дали животните не се живи, дали не станува збор за живи организми, за живи суштества, а сепак немаат мисловна и говорна активност, односно не се личности. Па така, дали некој организам е личност или не, не определува дали е жив или не, истиот тој организам (Boonin,2003:57-82).

И покрај тоа што овие заклучоци се добиени низ процес на размислување и логично резонирање, сите остануваат само теории. Ниеден не може научно да е докаже со факти. Секоја индивидуа има право на свои филозофски убедувања. Сите луѓе можат и во суштина се разликуваат по своите убедувања од горенаведениве филозофски теории.

## ***Религиските аспекти за абортусот***

Постои непобитна врска помеѓу Бог и природниот закон вгравиран во човековата природа. Доколку човек живее според тој закон на природата, исто така може да дојде до Бога и до црквата.Токму тоа искуство го имал Dr. Bernard Nathanson, кој уште се нарекува и апостол на новото време. Од пионер на легалниот абортус, тој се трансформира во човек кој строго се противи на абортусот. Причина за духовната промена кај Dr .Nathanson била во придобивките од новата технологија, кои му овозможиле да стекне ново спознание за тоа што всушност се случува во утробата на мајката (Nathanson,1996:34).

Абортусот во САД е легален, исто како што беше легално и ропството во 1800 година. Но, дали ропството е морално?. Библијата вели дека се е дозволено, само се не е оправдано и корисно. Во Библијата никаде конкретно не стои инструкција да не се вршат абортусите. Таква заповед нема. Исто така нема да најдете ниту посебни зборови кои упатуваат на забрана на самоубиството, брак од ист пол, еутаназија, клонирање и друго. Сепак, Библијата јасно учи дека овие работи се погрешни. Околу абортусот, Библијата забранува пролевање на невина крв или просто кажано убиство или одземање нечиј живот. Ако нероденото дете го сметаме за живо суштество, а медицината тоа веќе и го има докажано, значи живо уште од самиот зачеток, во тој случај Библијата строго го забранува абортусот.

Битие (9:6) *"Кој ќе пролее човечка крв, и неговата крв ќе се пролее од човечка рака; зашто човекот е создаден според образот Божји".*

*Излез: (20:13)"Не убивај".*

*Повторени закони (27:25) "Проклет да е оној кој зема поткуп, за да погуби душа и да пролее невина крв! И целиот народ нека рече : Амин!"*

*Изреки (6:16-19) "Еве шест работи, кои Господ ги мрази-дури седум што му се одвратни на душата Негова: очи горделиви, јазик лажлив и раце што пролеваат невина крв, срце што крои лоши планови, нозе кои брзо трчаат кон зло, лажен сведок, кој измислува лаги, и оној кој сее раздор меѓу браќа".*

Библијата константно го користи истиот израз и за "родено" и за "неродено" односно изразот бебе. Библијата е Божји збор и е напишана од луѓе продуховени од Бога директно преку Светиот дух. Значи, самиот Бог не прави разлика на едното од другото, односно ги смета за исто. За Библијата бебето е личност, независно дали е во утробата или надвор од неа. Во новиот завет, грчкиот збор "brephos" се користи за да го опише нероденото, новороденото и младежот. *Во Лука (1:44)* зборот е употребен за да означи нероденo дете: "*Зашто, ете, штом гласот од твојот поздрав одекна во ушите мои, од радост ми заигра детето(бебето) во утробата моја"*. Потоа, во *Лука (2:12)* истиот збор е употребен за да означи неродено бебе:*"Ова ќе биде знак: ќе најдете повиен младенец (бебе), кој лежи во јасли".* Истиот израз е користен и во *Лука (18:15)* и се однесува на младо дете: *"Кај Него донесуваа и мали деца за да ги допре;..."*

Во Стариот завет, еврејскиот збор “yield” е користен на истоветен начин. Во *Излез (21:22)* изразот е употребен за неродено дете: *“Кога некои луѓе ќе се степаат, па некој од нив удри бремена жена (жена со младеж во себе), така што таа пометне.....”*

Во доцните години на 16-от век изразот “дете” се користел за да означи и родено и неродено дете (во утроба). Подоцна ссе развива нов израз “фетус” за даго опише бебето кое се развива (некои преводи дури велат дека се работи за “неродено живо суштество”.

*Псалм (139:13-16) “Зашто Ти си ја создал мојата внатрешност и ме оформи во мајчината ми утроба. Те прославувам затоа што сум чудесно создаден. Прекрасни се Твоите дела; душата моја тоа добро го знае. Ниедна моја коска не се сокри од Тебе, додека настанував во тајност, исткаен во длабините на земјата. Твоите очи го видоа зародишот мој и во Книгата Твоја се е запишано за мене дури и деновите ми се забележани кога уште не постоеше ниеден.”*

*Евангелие по Лука (1:15) “Зашто тој ќе биде голем пред Господ и нема да пие вино на жесток пијалок, а ќе се исполни со Дух Двети уште во утробата на мајка си.”*

Духот на животот, постои уште во репродуктивните клетки. Тоа е единствената причина, заради која еден сперматозоид и една јајце-клетка можат да образуваат нов живот, нов човек. Затоа и велиме, дека Бог ги создава луѓето, преку вдахновението на Духот на животот, а човекот раѓа, учествувајќи на тој начин во домостројот на Создателот. Овие религиозни формулации имаат експлицитна научна конотација. Младите треба да знаат се за сексуалноста и нејзините функции, освен фактот дека абортусот или насилното прекинување на бременоста, во било која фаза, е убиство. Поточно, сите дознаваат, само премногу доцна.

За денешните девојки, абортусот е нешто како вадење шминка после луда журка, само малку понепријатно. Во неа можат сосема да ја загубат можноста да раѓаат, или, ако се одлучат за некој неинституционален „козметички салон„ можат да искрварат до смрт. За нивните момчиња, абортусот е хигиенски метод во кој се одржува чиста средина за нови сексуални искуства, нешто како купување нов кондом, само поскапо и најчесто проследено со агонии и срам. Грижата за падот на

наталитетот не е техничкко, туку етичко прашање, а започнува вака: до кога ќе убиваме за да ги задоволиме сопствените страсти?

Да се зборува за абортусот денес и на ваков начин можеби некому ќе му изгледа банално, но поводот едноставно не може да го остави човека рамнодушен. Како плод на наивно невнимание, како што во денешно време се сфаќаат младешките сексуални експериментирања, една девојка, во последните години од своето тинејџерство, забременува од момчето во кое мисли дека е заљубена. Бременоста, се разбира, никогаш не е опција во пакетот на таа заљубеност. Неколку месеци крие од своите родители, за кои благословената состојба на нивната надежна академка не доаѓа предвид, а времето не стои. Кога конечно дознава нејзината мајка бременоста е во мошне напредна фаза. Девојката и нејзиното момче се во бесознание. За нивните родители единствената прифатлива и мошне вообичаена варијанта е абортусот. Ваквиот "родителски" став ја изгонува од главите на младите можноста зачнатиот живот да се сочува и да му се даде шанса да живее.

Смртната пресуда е донесена, иако биолошкиот часовник вели: бременоста е во седми месец! Тоа рапидно ги менува деталите во злосторството. Родителите уште скоро еден месец бараат насекаде во државава таков медицински монструм кој ќе ја изврши егзекуцијата. На памет им се дури и оние бабички од типот на Вера Дреик кои своите џелатски постапки ги дефинираат како услужна дејност. И по сите перипетии, како во квалитетна класична трагедија следува препознавањето. Местото на злочинот не е некоја селска одаја, туку една од градските клиники во градов.

За многу, многу пари се најде јунак да абортира девојка во осми месец бременост. Ја исчистиле, но од што? Од нешто гнасно? Што е тогаш доволно чисто (во нас, или во светот воопшто) за да преживее? Логика крајно неприфатлива: да се уништи живот за да се оправда гревот. Некоја садистичка варијанта на макиавелизам. Телесна хигиена што ќе ја обезбеди светлата иднина за младите академски граѓани кои по зваршувањето на студиите, просветени со нашето високошколско образование и модерните текови на цивилизацијата ќе треба само да се обидат да заборават на една грозоморна епизода од својата младост? Ама

големиот дар на заборавањето не е обратно пропорционален со грижата на совеста. Тука почнува трагедијата на општествено ниво. Огромна концентрација на незадоволство и исфрустрираност од "непознати причини": божем заради лоша економска состојба, културна изолација можеби и слично.

За христијанинот убиството на бебето не претставува само морален пад и деградација на човекот, туку страшна духовна бездна. Во Библијата се вели: Не убивај. Оваа заповед е обврзен услов за сојуз помеѓу Бога и човекот. При кршењето на заповедта човекот сам го прекинува сојузот: тој останува без Бога. Убиството на бебето не е само убиство на неговото тело туку и убиство на неговата дша. Душата преоѓа во вечноста, но непросветена со тајната на крштението, е со печатот на прародителскиот грев. Таа како да се раѓа слепа за вечноста.

Во Картагина бил подигнат идол со име Малох. Тој бил направен од бакар и од сребро. Во него се палело огин, металот се загревал до вжареност-и тогаш на испружените раце на идолот се ставани децата кои родителите доброволно ги донесувале. Убиството на детето се сметало за најголема жртва посветена на демонот. За да го пригушат гласот и крикот на децата, жреците свиреле на музички инструменти, пееле и играле. Малох се сметал за божество на богатството.

И денес на овој демон на богатството и на насладата-хедонизмот, на жртва му се принесуваат деца. Секаде го слушаме зборот мир, но тоа е лага, тоа е гнасно лицемерие. Тоа е еден од ѕверските ликови на современиот цивилизиран свет. Околу нас се случува војна, непрестана и окрутна, во која нема примирје или свршеток, каде нема победник и победени, туку постојат само џелати и нивни жртви.

Оваа војна го има зафатено целиот свет, но со посебен интензитет земјите кои се гордеат со својата цивилизиција, култура и прогрес. Оваа војна е нечовечна, систематска кланица, геноцид без преседан и аналогија во историјата на целото човештво; тоа е војна на родтелите против сопствените деца.

Тоа е војна во која се пролеваат реки на крв, каде што убиството е соединето со мачењето. Тоа е кланица, која секоја година носи повеќе десетици милиони жртви со лицемерие својствено на современиот човек, затоа што не се нарекува со своето име - убивање на невините и беспомошните, со садизмот на џелатите во

концентрационите логори, легализирани со правото на убиство и злосторсто, туку е сокриен и маскиран со магловитиот и безобразно лицемерниот термин – абортус, т.е. исфрлање надвор, како да се работи за непотребнни партали кои од куќата се исфрлаат на ѓубриште, а не за живо битие, за дете. Бројот на тајните абортус воопшто не се евидентира.

Најголем број жртви однесе Втората светска војна, но истовремено деца кои се убиени од родителите, се многу повеќе отколку војници кои загинале на фронтот. Оваа мрачна страна во животот на современото човештво најдобро покажува дека цивилизацијата се претворила во ескалација на суровоста.

Со овој престап не се поништува само Боженственото, туку и човечкото право. Од самиот момент на зачнувањето се создава жив организам, кој го носи во себе генетскиот код и целиот потенцијал на човечката личност.

Ова е битие кое чувствува болка, кое има желба за живот и, што за христијанинот е главно – битие кое поседува бесмртна човечка душа, чие што несовршенство се состои во тоа што телото, нејзиниот инструмент, сеуште не е формирано. Но, ако се смета за оправдано убиството на човек поради неговата несовршена телесна организација тогаш со поголемо право би било можно да се убиваат старите и болни луѓе (Lee,1996:74-93).

Значи, легализацијата на абортусот ги оповргнува сите морални и правни кодекси чија што основа претставува заштита на човечката личност.

Плодот како човечка личност да се заштити, плодот како човечка личност не смее да биде уништен. Во принцип разлика помеѓу убиство на плодот и други видови на убиства не постои. Неказнувањето на абортусот, отсуството на морална и правна заштита на плодот и гаранција за неговиот живот ги чинат лицемерни и бесмислени сите декларации за заштитата на достоинството и слободата на човекот.

Убиството на беспомошниот е најподол и најдвратен облик на убиство, поради тоа луѓето кои се одлучиле на убиство на беспомошното дете можат во одредени околности да направат и било каво друго злосторство. Девизата за древните судии гласела: подобро да оправдаш десет виновници отколку да казниш еден невин, а тука невиниот се казнува со смрт и тоа со таква смрт на која само

истенчен садист како Нерон или Калигула, би можел единствено да подвргне – тоа живо се кине на парчиња. Порано со џелатот луѓето не се ракувале, ниту седеле со него на иста маса, а на современите џелати – родителите, кои ги убиваат своите деца, и на лекарите – професионални убијци, јавното мнение не им изрекува казна. Значи дека целото општество учествува во убиствата. На совеста на многу познати бандити како што е Џек Мевосек се десетина човечки животи, а гангстерите во бели мантили имаат на совеста стотици и илјадници. Кога би биле фрлени во јама полна со крв од децата кои што ги имаат испоубиено тие би се удавиле во неа.

А должноста на лекарот е да помага дури и на непријателот, а денес тој станува платен убиец. Заради тоа повикуваме лекарите кои вршат абортуси да се прогласат за злосторници против човештвот и непријатели на својот народ. Убиство на бебе е престап против Боженственото и човеково право, против идејата за семејство и брак, против семето на човечката природа, против сопствениот народ и целото човештво. Убиство на децата е концентрација на егоизам, суровост, кукавичлук и лицемерие...

Во историските епохи со евидентна морална криза, без разлика дали се работи за римската декаденција во доцната антика, или за времето на индустриската револуција во Европа, или, пак актуелната хај-тек антиутопија, украсена со најморбидни геноцидни теории (и пракси) за одржување на рамнотежа на планетата, чедоморството е редовно еден од доминантните симптоми. Секој оној што ја читал Библијата добро се сеќава на масакрот што го направил Ирод, кога наредил да се убијат сите деца помали од две години во Витлеем.

Едно вакво собитие и денес, кога светот е преполн со убиства, делува шокантно, без разлика во кој дел од планетата се случува. Веројатно, Си-Ен-Ен барем една седмица би го имал како ударна вест. Иродовото злосторство имало политички конотации, исто онака како што и во долготрајната агонија на распадот на Римската Империја било обичај веднаш по раѓањето да се убиваат женските деца од чисто економски причини.

Во оптек е цел еден дијапазон на помпезни формулации од типот „планирање на семејството„ само не преку разумно воздржување, преку духовна дисциплина и почитување на достоинството на другиот, туку преку изнаоѓање на

безброј инстант решенија во кои со ништо нема да си го ускратиме редовното сексуално задоволство. Не е измислена пострашна демагогија од потребата да се оправда злосторството.

### *Медицински и научни согледувања*

За да одговориме на прашањето кога започнува човечкиот живот, ние мораме да погледнеме во научните факти, а не во филозофските теории или религиозните убедувања за ова прашање, или барем и едните и другите погледи треба да бидат поткрепени со научни факти.

Според науката, зачетокот е во состојбата да ги репродуцира сопствените клетки и да ги развива во специфична шема на созревање и функција. Или, поедноставно зачетокот не е мртов. Дали, и покрај ова тврдење, сепак станува збор за живо суштество?. Науката вели, да, тоа суштество ги има карактеристиките на живот, е единствено битие, целосно разликувајќи се од сите останати живи организми, комплетно човек во сите негови или нејзини карактеристики, вклучувајќи ги и 46-те хромозоми, и истото може да се развие, единствено во целосно зрел човек. Дали, и покрај ова, станува збор за комплетно битие?.

Науката, повторно вели, да. Ништо ново не може да биде додадено во периодот од времето на зачнување преку унијата на спермата и јајце-клетката, се до смртта на стариот маж или жена, освен растот и развитокот на тоа што постои на почетокот, при самото зачнување.

Младата индивидуа, под команда на нејзината околина и судбина и со цврсто одредена цел, се засадува на сунѓерестата внатрешна површина на матката и со видна физиолошка моќ ја стопира менструацијата на мајка си. Ова е неговиот дом за наредните 270 дена, и за да го направи место удобно за живеење, ембрионот формира плацента и заштитна капсула исполнета со течност околу себе. Уште во таа мала форма на немоќ и беспомошност, ембрионот го решава проблемот кој хирурзите го имат при трансплантација на органи со години station наназад-имунолошката бариера. Мајката и ембрионот се имунолошки непријатели, и доколку дојде до директна размена на крв помеѓу нив двајца, мајката би го уништила ембрионот.

Сепак, ембрионот формира таков систем на размена на материи меѓу неговата и крвта на мајката која дозволува нивните имунолошки системи да се толерираат меѓу себе цели девет месеци..." Знаеме дека се движи со грациозност низ просторот исполнет со течност, дали му е удобно или не ја детерминираат неговата позиција. Одговара на болка и допир, студ, звук, светлина. И конечно, сам го одредува својот роденден, бидејќи без сомнеж, породилните болки започнуваат тогаш кога фетусот ќе одлучи. (Nathanson,1996).

Медицината утврдила дека фетусот за кој се грижи при денешните процедури на мониторинг на бременост и раѓање е истото бебе за кое се грижи пред и по раѓањето, кое пред раѓањето може да се разболи и му е потребна дијагноза и третман исто како на било кој друг пациент.

Во 1949-50 година, немало наука за фетусот и фетусот бил сметан како "нешто" во утробата на мајката. Во 1970 година, фетологијата предизвикува бум во медицинските кругови. Денес, операциите на фетус додека е уште во утробата на мајката стануваат рутина. Денешната технологија и дозволува на медицината да го набљудува равитокот на ембрионот уште од моментот на зачнувањето.

Соочени со непобитни докази кои се се побројни секој ден, се повеќе доктори ја напуштаат идејата дека се уште нероденото дете е само маса ткиво, и се неизбежно доведени до заклучокот дека нероденото дете е уште едно човечко суштество, ни малку поинакво од било кој од нас. Го опишуваат фетусот како "нашиот втор пациент", а тие се заветени да прават сѐ да го сочуваат животот на своите пациенти. Се помалку доктори сакаат да имаат дел во извршувањето абортус.

Човековиот живот од биолошки аспект се дефинира со испитување на научните факти на човековиот развој. Ова е поле каде што нема контроверзија, нема несогласувања. Има само една колекција на факти, само една книга наречена Ембриологија. Колку повеќе научни докази има за развитокот на фетусот, толку повеќе науката утврдува дека почетокот на секој човечки живот, од биолошка гледна точка, започнува со соединување на спермата од таткото и јајце-клетката од мајката, процес наречен концепција (зачнување), фертилизација, фекундација. Ова

е така затоа што ова суштество, од моментот на фертилизација е живо, човек со одреден пол, комплетно е и расте.

- Горенаведеното не е религиозно убедување;
- Не е филозофска теорија,
- Не е објект на дебата, не е нешто чија точност е објект на сомневање. Ова е универзално прифатен научен факт.

Ако има барем една есенцијална функција на една нација или држава, тогаш тоа е да ги заштитува животите на оние кои живеат во нејзините граници. Со цел да се изведе оваа сериозна должност мора прво да се постави прашањето кога започнува животот на луѓето во таа држава.

Слободно може да пристапиме кон размислување за оправданоста на прекинот на бременоста од аспект на корпусот на човековите права на индивидуите. Од овој аспект, најпрво треба да си го поставиме прашањето: Дали е потребно на секое живо суштество да му се даде еднакво право на живот заштитено со закон или да се дозволи, одредени човечки суштества да бидат дискриминирани од страна на било кого и на која основа?

Етички принцип е дека постои хиерархија на права, но факт е дека правото на живот е врховно право, над сите останати. Постои право на слободен говор, но не и право да ги вознемирува другите. Постои и правото на различно мислење, но тоа не значи дека некој треба да настрада поради тоа. Сите го имаме правото на чувство на среќа и радост, но тоа не ни дава за право истото да го достигнеме преку предизвикување на несреќа на другиот.

Абортусот е граѓанско право, прашање од областа на човековите права. Исто така, базично право за секој човек е правото на живот и истото тоа право мора да биде заштитено со Уставот и законите на државата. Секоја влада има право и обврска да ги заштити животите на сите живи луѓе во нацијата, без разлика на возраста, полот, местото на живеење.

Аргументите околу абортусот се отприлика идентични, како во минатото така и денес. Поборниците на абортусот го користат и аргументот, дека доколку

некој е против абортусот, и не мора да го извршува. А со тоа и никој нема право да ја наметнува својата моралност на другиот, да го условува или да му забранува нешто, за кое тој самиот треба да одлучи, дали да го зачува или да се ослободи од плодот.

Во познатата Линколн-Даглас дебата, Даглас го бранел правото на избор. Абрахам Линколн го користел аргументот дека никој нема право да избере да стори нешто што е погрешно. Линколн уште прашувал, дали правото на жената е, или треба да биде преовладувачко, супериорно над другото право, над правото на живот како базично право за секого. Овој аргумент е сериозно морално прашање (Schwarz,1990:112-134).

Првото прашање или најважното прашање, не е прашањето "кој одлучува" (во нашиов случај владата преку законите или самата жена), туку прашањето е за самиот акт кој произлегува од таа и таква одлука. Значи, најпрво треба да се постави прашањето: Дали абортусот е во ред или не? Откако ќе се одговори на ова прашање, дури тогаш второто прашање треба да биде: Кој ќе добие право на избор, дали да го стори делото или не?

Правата имаат одредени ограничувања. На пример, секој има право на слободен избор на сопствена религија, но тоа` прво е ограничено доколку инволвира човечка жртва во себе.

Жената има право над нејзиното бебе, но ова ново суштество, растејќи во неа, медицински е докажано дека не е и дел од нејзиното тело. Тоа е сосема различно човечко суштество, а половината од нив се и различни во полот (Moore,1998:45-51).

Во раниот христијански период, за време на Римското владеење, било обичај женските деца да ги фрлаат во буниште, затоа што ги сметале за бескорисни суштества. Но, раните христијани, скришум, веднаш ги земале новородените женски деца и ги згрижувале во колективни центри, од кои потоа произлегле болниците. Многу христијански организации низ светот нудат згрижување на новородени деца, посебно на тие кај кои се откриени вродени малформации на плодот, уште во текот на бременоста. Се претпоставува дека бројката е некаде околу 4.000 вакви центри за помош. Овие центри се организирани и како

медицински установи, помагаат и најчесто се грижат и ги одгледуваат децата кои настанале од несакана бременост, а мајките се одлучиле да го доносат плодот и да го отстапат на ваквите центри.

Решенијата кои ги нудат овие центри се водени од Христијанската љубов која е промовирана во Библијата, тие нудат решенија како посвојување на новородените деца, згрижување во семејства, во колективни центри и слично. Правото на жената не треба да се двои од правото на живот на новото човечко суштество. Тие треба заедно да бидат во служба на животот, и на мајката и на ново зачнатиот човек.

**Аргументи – про и контра**

Компилација од аргументи од двете спротивставени гледишта во однос на прашањето за прекин на бременоста по медицински пат, ќе придонесе да се создаде појасна претстава за суштината на конфронтацијата и евентуално ќе придонесе кон разјаснување на ситуациите на претерана емотивност кај едната или другата страна, пред се поради личните сфаќања од кои се поаѓа при правење на соодветна анализа. Реално е многу тешко да се полемизира со емотивен тон во дискусиите. Аргументите имаат за цел да поткрепат одреден став или да извршат влијание врз одредена целна група, која има објективни механизми за одлучување во свои раце.

Имено, во групата на аргументи про и контра абортусот спаѓаат следниве:

- Животот во утробата на жената не е човечки, затоа што сѐ уште не е целосно развиен до ниво на човек;

- Потоа, таквиот став имплицитно го негира тврдењето дека се работи за човек од зачнување, независно од медицински докажаното тврдење дека ембрионот е носител на човечка ДНК и е живо суштество;

- Премисата дека некој кој не е целосно развиен и не може да претендира да биде човек со сите својства на човек, треба да се гледа од аспект на тоа која е разликата во карактеристиките кај плодот, еден ден пред

породувањето со еден ден после породувањето. Дали воопшто постои разлика?

- Доколку нема објективен показател за тоа во кој момент нешто постанува облик со човечки карактеристики, тогаш постои опасност да се убие плодот-фетусот во границите на периодот кога тој добива човечки карактеристики;

- Ако некој вели дека, се́ до раѓањето плодот нема човечки карактеристики, тогаш прашањето е дали со раѓањето настанува драстична промена и плодот наеднач добива карактеристики на човек. И во тој случај, која е таа промена?

- Ако плодот во утробата е сопственост на мајката, а велиме дека личноста не смее да биде ничија сопственост, тогаш во кој момент од развојот на плодот, кај бебето или малото дете, настанува промена на сопственоста, односно кој одредува кога настапува периодот во кој некој станува личност и кои карактеристики се потребни за некој да стане личност;

- Доколку се смета дека плодот во утробата на мајката е само обично ткиво или безживотен орган кој во секое време може да се отстрани без да предизвика последици по здравјето на жената, тогаш како ќе се објасни фактот дека крвта во плодот е сосема различна од крвта на мајката по сите свои карактеристики, дека физиолошкиот систем во кој функционира плодот е сосема различен и значително ограден од системот на мајката и не трпат никакво влијание еден од друг, значи не се мешаат двата одделни система, а тоа подразбира дека станува збор за нешто сосема различно од носителот-мајката, односно за нешто посебно по многу карактеристики од мајката. Па се поставува прашањето дали се работи само за внатрешен орган кој во даден момент и во дадени околности може да се смета за вишок по волја на носителот и со самото тоа да биде предмет на отстранување од телото на носителот?

- Ако е така, дали сите останати внатрешни органи кои исто така можат да бидат медицински отстранети од телото на индивидуата без последици по животот на носителот, можат по природен тек да се развијат, секој од нив пооделно до ниво на човек?

- Ниту еден внатрешен орган кај човекот не може да произведе човек, обратно, човекот може да произведе внатрешен "орган" кој може да се развие до ниво на човек;

- Мозочните бранови кај плодот се сосема одвоени и различни од тие кај мајката, ДНК, е исто така различна и кај плодот и кај носителот;

- Атрибутите на мислење, одење, свесност, не се атрибути кои одредуваат дали е нешто личност или не. Лицата со посебни потреби или физички недостатоци по раѓањето, на кои им недостасуваат некои од овие споменати атрибути, не значи дека сепак не се и личности, или доколку е некој во кома, дали тоа значи дека престанал да биде и личност;

- Една од ситуациите која се користи како аргумент во прилог на абортусите е забременување со силување на жената. Во вакви случаи, многу е тешко да се оправда правото на живот на зачнатиот плод, но многумина сметаат дека плодот нема ама баш никаква врска со злосторничкиот акт на човекот кој го извршил силувањето. Прашањето е морално, дали е праведно и правично да му се одземе правото на живот на зачнатиот плод, поради неодговорни постапки на друг?.

- Некои велат: Да и го одземете правото на жената да избира е еднакво на одземање на нејзините права како жена, воопшто. Ваквиот став е егоцентричен и насочен само и исклучиво кон жената како субјект, кон нејзините лични интереси и комфорт, многу повеќе отколку кон вредноста наречена живот на бебето. На ваков начин, дали ова право на жената се разликува од правото на лична удобност во животот кое е

остварено со убиство, кражба и слични злосторства, или на било кој друг морално неоправдан начин?;

- Правата доаѓаат со обврските. Ако абортусот е легален тоа не значи дека е и оправдан;

- Ако никој не знае во која фаза од развојот на ембрионот-фетусот-плодот стапуваат на сцена човечките карактеристики, тогаш како ќе знаеме дека со абортусот не сме извршиле убиство, односно прекинот на бременоста не сме го извршиле токму во фазата на оформени човечки карактеристики. Тоа е исто како по принципот на ризик даземеме една од 500 таблети, а знаеме дека некоја од нив е отровна, притоа ризикувајќи да ја испиеме токму неа?. Дали би се одлучиле за таков ризик?. Или дали би се одлучиле на абортус доколку јасно знаеме дека станува збор за личност со посебни човечки карактеристики, за посебен живот? Или и во тој случај, аргументот на личната лагодност е пред се и безчувствително ќе извршиме прекин на бременоста по медицински пат;

Терминологијата со која се спротивставуваат аргументите околу ова контраверзно прашање, кое со несмален интензитет го бранува човештвото со векови наназад, може да се групира на следниов начин:

- Анти-абортус права, тука спаѓаат правата на индивидуите и организираните групи кои се про-животот на зачнатиот плод, и овие права не се во колизија со правата на жената да избира за сопственото потомство. Правото на жената да избира за сопственото потомство треба да е санирано превентивно со политики на достапност на информации, но и со рестриктивна законска регулатива која ќе оди во прилог на ограничување на поодделното право за избор на абортус;

- Репродуктивни права, е израз кој е строго користен за промоција на правото за прекин на бременоста како природно право;

- Решенијата кои се превземаат во насока на ограничување или охрабрување на абортусите, се најразлични од држава во држава. Покрај родителската нотификација или изјава за согласност од страна на едниот од родителите, во случај на помала возраст на забременување, забрана на одредени видови на абортус по определен гестациски период или целосна забрана, потоа забрана освен во случаи на силување, во случаи на инцест, како и во случаи на медицински докажани состојби на сериозни малформации на плодот и слично. Тука се разбира државните финансии можат да стимулираат одредена мерка на ограничување или стимулирање, зависно од тоа која е генералната политика во однос на ова прашање. Тоа подразбира дека, во одредени држави иако дозволено, правото за избор на жената, не е финансирано од државни пари. Тенденцијата е да не се користи абортусот како предоминантно средство за планирање на семејството и истото да се затскрива зад правото на жената на избор околу своето потомство.

Контрацепцијата е едно од средствата кое како аргумент го спротивставуваат групите за правото на абортус, односно тие сметаат дека доколку на младите им се даде соодветно образование за употреба на контрацептивните средства, во тој случај би се намалиле несаканите бремености кај младата популација. Сите останати имаат сериозни проблеми со форсирањето на овој модел кај младата популација, пред сѐ поради можноста или објективната опасност на тој начин да се изврши силно влијание врз свеста на младите во правец на слободно практикување на сексуални односи без ограничувања и страв од евентуална несакана бременост и слично.

Моралните и Библиските инструкции одат во насока на спротивставување на секаков вид на стимулирање на предбрачни сексуални односи (Riddle,1997:86-112).

Легализирањето на абортусот беше аргументирано и со тврдењето дека на тој начин, преку намалување на новородените деца од несакани бремености, ќе се изврши сериозно намалување на социјално девијантните појави во општеството.

Ова тврдење е засновано на претпоставката дека дете кое е родено неплански и од непосакувана бременост обично е така и третирано во процесот на одгледување од страна на родителите и на воспитувањето на така роденото дете му се посветува недоволно внимание. Па оттаму, се изведува заклучокот дека така воспитаните деца обично завршуваат на криминогената страна од популацијата (Schwartz,1990:34-51).

**Нормативното третирање на абортусот во Македонија и светската практика**

Правото на прекин на бременост, во Република Македонија е регулирано со Законот за прекин на бременост, донесен уште во 1977 година и до денес нема претрпено измени и дополнувања. (Закон за прекинување на бременоста, (Сл.весник на СРМ бр.19/77 и Сл.весник на РМ бр.15/95).

Потребата од носење на ваков закон произлегува од обврските кои Република Македонија ги има превземено со ратификување или приклучување на разни меѓународни правни акти, меѓу кои Конвенцијата за елиминирање на сите форми на дискриминација на жената, Меѓународната конвенција за економски, социјални и културни права, Меѓународната конвенција за права на детето, како и Европската конвенција за човекови права.

Во процесот на приклучување на Европската унија, Република Македонија е обврзана и да се прилагодува во нормативниот дел преку хармонизација на нашето со Европското законодавство, но исто така е обврзана и за почитување на сите декларирани заложби на Унијата, како на пр.Резолуцијата 1 607 (2008) на Парламентарното собрание на Советот на Европа, каде што стои: "...абортусот не треба да се забрани во рамките на разумни гестациски граници."

Понатаму оваа Резолуција ги повикува земјите-членки на Советот на Европа (вклучително и Македонија)..." да го ограничат абортусот на разумен гестациски период; да го гарантираат на жената правото на пристап до бесплатен и легален абортус; да и обезбедат на жената слобода на изборот и да и обезбедат и услови за безбеден абортус, без притоа да го промовираат абортусот; да превземат неопходни мерки за здравствена, медицинска и психолошка заштита на жената,

како и соодветно финансирање; да донесат соодветни стратегии за репродуктивно здравје; да обезбедат достапност до контрацепција и советување за контрацепција; да обезбедат образование, соодветно на возраста, да обезбедат советување и практична подршка таму каде што абортусот се бара поради семејни и финансиски притисоци."

Светската здравствена организација има подготвено технички (стручни) насоки за формулирање на стратегии, политики и законодавства во врска со абортусот, како и во врска со медицински ризици во однос на здравата бременост и раѓањето на детето WHO,2003, Managing complications in pregnancy and childbirth:a guide for midwives and doctors-Управување со компликации во бременоста и раѓањето-водич за акушерки и доктори).

Европската Унија нема законодавство на супра национално ниво. Секоја земја членка на Европската Унија има свое законодавство, кое различно за секоја држава одделно. Некои се полиберални, како: Албанија, Австрија, Белгија, Босна и Херцеговина, Бугарија, Хрватска, Чешка, Данска, Естонија, Франција, Германија, Грција, Унгарија, Италија, Латвија, Молдавија, Црна Гора, Холандија, Норвешка, Португалија, Романија, Србија, Словачка, Словенија, Шведска, Швајцарија, Турција и Македонија.

Основниот според кој се дозволува абортусот во националните законодавства произлегува од прегледот на правните практики објавен од страна на (Обединетите нации, Секторот за економски и социјални прашања, од 2007 година) и тоа во следниве случаи: за да се спаси животот на жената, за да се одржи нејзиното физичко и ментално здравје, во случај на силување или инцест и доколку станува збор за одредени малформации кај фетусот. (Department of Health, 2007).

## Теориските аспекти на хомосексуалноста како современ морален предизвик

## Хомосексуалноста (од патолошки модел до општествен конструкт)

Социолошкото проучување нема долга историја. Се до 30-те години се сметало дека за оваа појава се надлежни медицината, психијатријата и психологијата. Низ целата литература како црвена нишка се провлекува поимањето на хомосексуалноста како нешто патолошко, или во најдобар случај абнормално.

Засновањето на една особено социолошка перспектива на хомосексуалноста од почетокот било поврзано со исчекор од патолошкиот модел, иако таа врска не е логички нужна.

За обликувањето на социолошкиот поглед, допринеле различни фактори, а пред се: натрупување на антрополошка граѓа за распонот на културни варијации од нормативното регулирање на сексуалноста, геј политиката, односно настанување и јакнење на движењето за хомосексулна слобода, па се до поместување на прашањето на друг терен - во областа на човековите права.

Претпоставките за социологија на хомосексуалноста создадени се со артикулирање на симболичкиот интеракционизам, попрецизно, теорија на етикетирање како особена примена на овој правец на социологија на девијациите. Теоријата на етикетирање претставува револуција за оваа област, област која дотогаш се нарекувала „социјална патологија„. Промената на називот на дисциплината, го отсликува поместувањето на парадигмите: додека употребата на терминот „патологија„ очигледно се темели аналогно на медицината, каде што во главно е јасно, што е „здраво„ а што „болно„ но кога за нешто ќе се употреби терминот „девијација„ со тоа се тврди дека дотичната појава од нешто отстапува. А самата норма од која се отстапува, благодарение на интеракционизмот, станува занимлива како феномен сама по себе.

Социолошкото проучување на општествените девијации, па и хомосексуалноста, освен своето самостојно значење, важно е и како допринос во корпусот на општото социолошко знаење во даденото општество. Девијантноста, начинот на нејзиното дефинирање и нејзината општествена „одбрана„ од неа, се

важни чинители на интеграција во општеството како морална заедница: „Афирмација на некое морално начело нужно поставува граници на исправното однесување и доведува до жигосување на постапката која лежи на онаа страна на границата која се води како неморална.

Општественото значење било девијантно (неморалност) било пристојност (моралност) може адекватно да се разбере доколку единствено се става во однос спрема она другото, спрема својата спротивност„ (Gagnon,1968:19). Значи со девијацијата повторно одново се враќаме на нормата според која таа се мери. Во случај со хомосексуалноста, отстапувањето се состои во кршење одредби на владеачкиот тип на општествена регулација за сексуалноста.

Правилата на сексуалното однесување секогаш и секаде се едни од најважните составни делови на нормативниот поредок во општеството. Меѓу останатото, бидејќи хомосексуалноста вклучува и репродукција, витална за секој колективитет, ниедно општество не би можело да си дозволи, сексуалното однесување да го остави аморфно и да го препушти на своите членови да го обликуваат по сопствено убедување. Општественото регулирање на сексуалноста, всушност произвело многубројни ангажмани во односот помеѓу половите, дефиниција на родовите и институционализација на брачните и семејните односи.

Жестоко осудување на хомосексуалноста, како сексуален „престап, е во врска со воопштената правилност, која уште Диркем ја воочува, дека интензитетот на општественото реагирање на девијантниот чин е сразмерен со значењето на местото кое прекршената норма го завзема во колективниот морален поредок (Диркем, 1972, превземено од Weeks, 1983:21).

Статистичката малубројност на хомосексуално ориентираните поединци внатре во општата популација не е овде пресудна. „Иако хомосексуалноста обично се смета за посебен „проблем„ кој треба да се истражи изолирано од другите општествени појави, најновите истражувања откриваат дека ставовите кон хомосексуалноста се нераздвојно поврзани со пошироките прашања: функции на семејството, еволуција на половите улоги, ставовите за хомосексуалноста воопшто. Официјалната и популарна реакција за хомосексуалноста и хомосексуалците можат да се земат како клучен показател за пошироките претстави за сексуалноста.

Анализа на поимањето за хомосексуалноста во едно општество, може многу да зборува за природата на целокупниот морален поредок.

Самиот термин „хомосексуалност„ е настанат релативно скоро од австрискиот лекар Каролј Марија Бенкерт, од грчкиот префикс „хомо„ (исти), и латинскиот корен „sexus„ (пол). Од 30-те години на 20 век, терминот превзема функција на најопшти ознаки за читав сплет на појави во врска со сексуалноста насочена на ист пол. Се користат термини од библиско потекло: „содомија„ „противприроден блуд„ ‚грев против природата„ или дури „crimer inter Christianos non nominandum„ (грев кој помеѓу христијаните не смее да се именува).

Сепак, поимите хомосексуалност и хомосексуалци, се производ на историски момент. Тие ја одржуваат новонастанатата идеолошка потреба, сите манифестации на хомосексуалните склоности, поимно да се обединат и на тој начин да се издвојат како посебен ентитет: „Овие изрази не се текови на нови етикети за старата реалност, тие укажуваат на една реалност која се менува, и во поглед на начинот на кој непријателското општество ја етикетира хомосексуалност и во поглед на начинот на кои стигматизираните гледаат сами на себе„ (Weeks, 1983:3-5).

Ознаката „геј„ настанува како автентичен продукт на хомосексуалната поткултура, односно нејзиното настојување, на хомосексуалниот определен поединец да му понуди средство за непогрдно самоозначување. Додека „хомосексуалецот„ е повеќе објект на општественото означување, „геј„ е субјект на сопствената пракса на самосвесниот поединец. Тој учествува во геј поткултурата: „Изолираниот геј не е геј„. Изолираниот геј мисли дека е единствен геј на светот, и веројатно дека и тоа не го мисли„. Тој, макар начелно, се ослободува од општествено наметнатото чувство на вина поради своите сексуални склоности и не бега од геј идентитетот: „Геј е личност која е сексуално склона кон ист пол, и таа своја склоност ја реализира низ општествените чинители.

На тој начин гради свој јазик, мода, уметност, своја свест, институции, како што се барови, списанија, накратко, заедници. На другата страна пак, хомосексуалецот е некој кај кого контактот со особата од ист пол почнува и

завршува со самиот сексуален чин, без некоја јасна свест за својот вистински идентитет.

Хомосексуалното однесување било многу раширено во минатото, но во денешното општество е интегрирано во нормативниот поредок и лишено од врската со поимот „хомосексуалец„ како општествена улога. Пластичноста на човечката сексуалноста и нејзината подложност на делувањето на општествените чинители претставува можеби најдобар пример за културната релативност на нормите: „Во оваа област тешко дека можеме да замислиме нешто што во друга култура не претставува веќе востановена норма, или барем секојдневна појава која се толерира.„(Berger,Luckmann, 1987:67). На тој начин стана јасно дека некогаш раширената претпоставка за универзалното неодобрување на хомосексуалноста како облик на сексуално изразување, нема никаква основа.

Напротив, многу општества во текот на историјата ја институционализирале во легитимна, па дури и ја сметаат како еден вид на сексуална активност. Наместо опседнатоста со енигмата „Од каде хомосексуалност? Што ја предизвикува?, сега се присутни прашања од типот: „Зошто одбивност, омраза и страв кон хомосексуалноста и прогон на хомосексуалецот, длабоко врежани во западната цивилизација? Кои се околностите кои се одговорни за тоа, и какви интереси се вклучени во тоа? Овој пресврт во прашањата бил еден од првите теми кои ги обработува новиот правец на културолошки истражувања, со автентично потекло во геј поткултурата, односно геј студиите.

Со настанувањето на капитализмот почнува да се придава значење на семејството како основна општествена ќелија на општествената организација, со што хомофобичниот сексуален морал добиваат нова идеолошка основа. Идеологијата за моногамно семејство како еден дозволен облик на приватниот и сексуалниот живот, зацврстува една нова претстава за љубовта, нови сексуални правила, ново значење и методи за социјализација на деца.

Во текот на 20 век имаме нагласена дивергенција, односно на една страна нараснуваат еманципаторските тежненија во оваа област како и во другите, се профилираат првите вистински геј поткултури, кои од средината на векот

почнуваат постепено да „излегуваат од сенка„ за од 1970 година сосема политизирани, јасно го артикулираат gej liberation movement, движење за геј ослободување. Од друга страна, ова е и век на систематска репресија над хомосексуалците.

Криминализацијата на хомосексуалниот однос била задолжителна во сите национални законодавства, а казните често и долготрајни. Овој период исто така е сведок на драстичен прогон на хомосексуалците во нацистичка Германија и сталинистичка СССР, каде што биле лишувани од сите права и испраќани во концентрациони затвори.

Социо-психолошките теории сакаат да укажат на значењето на општествените фактори. Формирањето на хомосексуалната ориентација е поврзано со престојување во затворени институции (затвори, манастири, интернати, војска), или неуспехот во хетеросексуалните контакти.

**Теоријата на етикетирање и општествениот конструкционизам**

Симболичкиот интеракционизам, односно, теоријата на етикетирање, обликувана во 60-те години, го скрена вниманието на вредносните судови кои се кријат позади привидната непристрасност на патолошкиот модел. Дихотомијата „здраво/болно„ „исправно/погрешно„ се повеќе се условени од структурата на владеачкиот образец на мислење во даденото општество и многустраната поврзаност со општествената раслоеност. Интеракционистите самата норма ја истакнале како значаен предмет на социолошките расправи. Истражувајќи ја хомосексуалноста, социологијата се помалку се задржува на природата и причините за сексуалните односи помеѓу лица од ист пол, и почнува да го анализира карактерот, општествените корени и начинот на примена на нормите кои ја регулираат таа област, повратното влијание на процесот на етикетирање за сопствената претстава „самоетикетирањето„ (Gagnon,Simon, 1968:352, превземено од Greenberg, 1988:33.). На Георг Вајнберг му се припишува заслугата дека ја сковал и го популаризирал поимот „хомофобија„, во книгата која во многу работи претставува пресврт -„Општество и здрав/а хомосексуалец/ка„.

Тој овој поим го користел за да го објасни стравот кои го чувствуваат хетеросексуалците кога ќе се најдат во близина на хомосексуалец, како и омразата кон самите себе кои ја чувствуваат хомосексуалците, поради својата сопствена сексуална ориентација (т.н. интернализирана хомофобија), (Weinberg,1972) Секојдневната употреба ја проширила првобитната дефиниција, така што денес ги вклучува и другите негативни ставови за хомосексуалците.

Многумина се противат на употребата на суфиксот „фобија„. Херек смета дека изостанок на хомофобија се смета за дисфункционален. Тој смета дека поединецот мора да биде хомофобичен, за да го сметаат за маженствен во современото општество, додека оние кои не се хомофобични ги сметаат за сомнителни.

Изгледа дека постои согласност дека кај некои луѓе фобичната реакција (онака како што е традиционално дефинирана) на хомосексуалноста е присутна, но дека ова не го објаснува, ниту прецизно ги опишува сложените начини на доживување на хомфобијата од страна на повеќе луѓе. И покрај тоа, хомофобијата е се уште општо прифатен поим со кој се опишува распонот на чувства и ставови кои често резултираат со однесување како што е избегнување, исмејување, насилство, убиство, омраза кон самиот себе и самоубиство.

Кога е во прашање врската помеѓу конвенцијалноста на половите улоги и ставовите кон овие луѓе, наодите од истражувањата се контрадикорни. Некои од конзистентните обрасци кои се јавуваат во научната литература, а се однесуваат на хомофобичните лица, се следниве: помалку е веројатно дека лицата со негативни ставови кон хомосексуалците имале лични контакти со нив, и исто така, мала е веројатноста дека би признале дека имале искуство со хомосексуално однесување или дека себе би се означиле како геј или лезбејка.

Прегледот на истражувањата на хомофобијата јасно подвлекува како личните и емоционалните димензии на индивидуалната психологија, како и комплексната општествена психологија на меѓугрупните конфликти, предрасудите и промена на сексуалната политичка идеологија, меѓусебно се поклопуваат. И покрај фактот, што многу повеќе лезбејки, гејови и бисексуалци живеат отворен живот, заснован на прифаќање и дефинирање на себе си и афирмација, и понатаму

постои клима на активно насилство и репресија. Дијалектиката на омраза и прифатеност продолжува.

Борбата за воспоставување на фактичка еднаквост помеѓу хетеросексуалците и не-хетеросексуалците е еден од главните императиви и на модерните универзитети ширум светот. Многу од овие универзитети имаат развиено сопствени анти-дискриминаторски политики, кои вклучуваат и воспоставување на посебни механизми за борба против хомофобијата, за промовирање на сексуалната различност, и за поттикнување на лицата кои имаат поинаква сексуална ориентација.

Денес, ретко кој од водечките универзитети ширум светот нема сопствена политика за еднакви можности, за борба против половото и сексуално вознемирување, како и против останатите видови нееднаквост. Можеме да наведеме бројни примери за различни програмски/институционални форми насочени кон елиминирање на нееднаквоста: воведување на посебни морални кодекси на однесување со кои експлицитно се забрануваат акти на хомофобија и барање од потенцијалните студенти да потпишат изјава дека ќе се придржуваат до моралниот кодекс пред било какво интервју за прием (Јејл); креирање на посебни бордови за анти-дискриминација кои одлучуваат и по жалбите за хомофобија (Мичигенскиот универзитет); востановување посебни тела - на пример, универзитетски комитет за сексуална ориентација - чија мисија е во најголема можна мерка да ги „елиминира актите на хомофобија и хетеросексизам од страна на факултетот, вработените, и студентите“ (Универзитетот на Илиноис); креирање на посебни ЛГБТ-центри, преку кои студентите можат да известуваат за акти на хомофобија и дискриминација (во Принстон, на пример, каде што студентите можат да пополнуваат анонимни он-лајн формулари), (Crompton,2003:58).

Како резултат на промоцијата на сексуалните права и сексуалната различност, модерните универзитети стануваат места каде што многу млади луѓе можат отворено да ја изразат сопствената сексуална ориентација, и каде што слободно можат да се организираат за да се заштитат од случаи на сексуална дискриминација.

Создавањето на атмосфера која ќе биде толерантна кон не-хетеросексуалците станува заеднички императив на универзитетските и студентските тела, затоа што тоа е мерлив показател од кој зависи имиџот на Универзитетот, односно неговиот ранг на листите на престижни и пожелни универзитети.

Во случаи на експлицитни или имплицитни акти на нетолеранција или хомофобија, веднаш проработуваат постоечките заштитни механизми, честопати проследени со јавни изрази на протест - бојкоти на предавањата на „духовитите" професори кои имаат обичај да кажуваат сексистички или хомофобични вицови или да даваат такви забелешки, петиции против актите на сексуална нетолеранција, па и отворени протести за уривање на раководните лица во случај на изјави кои не се во согласност со постоечките политика за еднакви можности помеѓу хетеросексуалците и не-хетеросексуалците.

**Православната позиција за хомосексуалноста и ставот за хомосексуалните бракови**

Знаејќи го традиционалното православно разбирање на Старозаветното и Новозаветното Свето Писмо, како што е искажано во црковната литургиска служба, канонските регулации и житијата и учењата на светителите, јасно е дека православната Црква цврсто се идентификува со оние христијани, хомосексуални и хетеросексуални, кои на хомосексуалната ориентација гледаат како на пореметување и болест, и кои заради тоа ги сметаат нивните хомосексуални дејства за грешни и деструктивни.

Според православното христијанско сведочење во текот на вековите, изводите од Библијата како што е следниот не дозволуваат никакво друго толкување освен она кое што е очигледно: Ако некој легне со маж како со жена, и обајцата извршиле гнасно дело, (3.Мој.20:13). Заради оваа причина (т.е. нивното одбивање да Го признаат, да Му благодарат, и да Го слават Бога), Бог ги остави на бесрамните страсти. Жените нивните природни потреби ги заменија со

противприродни, и мажите исто така; оставајќи го природното зближување, со женскиот пол, се распалија со желби еден кон друг, и вршеа срамни работи мажи со жени, добивајќи отплата каква што одговараше на нивната заблуда. (Рим.1:26-27). Не лажете се, ни блудниците, ни идолопоклониците, ни прељубодејците, ни мажеложниците, ниту крадците, ниту користољупците, ни пијаниците, ниту хулниците, ни грабачите, нема да го наследат Царството Божјо.

Според православното црковно Предание, христијаните се избавени грешници. Тие се човечки суштества кои се спасени од болести и гревови, избавени од ѓаволот и смртта со Божјата благодет преку верата во Исус преку моќта на Светиот Дух.(1.Кор.6:10). Тие се крстени во Христа и запечатени со Духот за да го живеат животот на Бога во Црквата. Тие ја сведочат нивната вера со редовно учество во литургиските служби, постојаната исповед, покајание и непоколеблива борба против секаква форма на грев, намерна или неволна, која се обидува да ги уништи нивните животи во идниот век.

Хомосексуалниот христијанин е повикан на особено немилосрдна битка. Неговиот подвиг е посебно жесток. Воопшто не е олеснет од безумната, вистински демонска омраза од оние кои ги презираат и исмеваат оние кои го носат овој болен и тежок крст, ниту пак од безумната, подеднакво демонска афирмација на хомосексуалната активност на нејзините заведени адвокати.

Како и сите искушенија, страсти и гревови, вклучувајќи ги и оние длабоко, и честопати навидум постојано вкоренети во нашата природа од нашето несреќно наследство, и хомосексуалната ориентација може да биде излечена и хомосексуалните дествија може да престанат. Со Бога сите нешта се возможни.

Кога хомосексуалните христијани примаат трпелива, внимателна и вистинска љубовна помош од нивните семејства и пријатели, од кои секој се бори со сопствените искушенија и гревови, оти никој не е без подвиг во еден или друг облик, и никој не е безгрешен освен Бог-Господ гарантира победа на начини Нему познати.

Победата сепак им припаѓа само на храбрите души кои стануваат свесни за нивната состојба, се соочуваат со својата огорченост, ја покажуваат својата лутина, ги исповедаат нивните гревови, им простуваат на оние што ги навредиле (туку

секогаш се вклучени родителите и членовите на нивното домаќинство), и кои посегнуваат по помош со вистинска желба да бидат исцелени. Самиот Христос ветува дека светите херои кои „претрпуваат до крајот„ на овој „тесен пат што води кон животот„ сигурно „ќе бидат спасени„. (Мат.7:13, 24:13).

Многу геј мажи и лезбејки тврдат дека христијанската е правилото по кое што се раководат во нивните животи. Некои од нив тврдат дека нивната сексуална ориентација им е дадена од Бога, дека е добра, и дека нема ништо лошо или грешно во нивните хомосексуални активности. Овие луѓе велат дека Библијата и црковното Предание не го осудуваат хомосексуалното однесување, туку дека биле погрешно протолкувани и користени, понекогаш без знаење, но некогаш прилично своеволно, од пристрасни и непријателски настроени луѓе кои ги мразат хомосексуалците.

Оние кои веруваат на овој начин, очигледно сакаат другите да се сложат со нив, и многумина сега се трудат нивните гледишта да бидат прифатени, особено меѓу останатите христијани и црковни водачи. Останатите хомосексуални христијани тврдат дека нивната сексуална ориентација не е од Бога – освен како провидение, бидејќи планот на Господа неизбежно ја вклучува човековата слобода и гревот, но потекнува од човечка грешка.

Додека некои од овие луѓе не сакаат или не се способни да ги идентификуваат специфичните причини за нивните сексуални чувства, иако сеуште тврдат дека не се добри и не треба да му се предаваат на задоволството; другите со помошта на она што веруваат дека е здрава библиска интерпретација и прецизна психолошка анализа, го идентификуваат изворот на нивната сексуална ориентација во грешките и неуспесите на нивните семејни искуства, особено од раното детство, а можеби дури и пред тоа, кои што придонеле за нивната сексуална формација.

Овие луѓе тврдат дека се повикани од Бога да се борат против нивните хомосексуални тенденции како што сите луѓе се повикани да се борат против грешните страсти кои ги наоѓаат внатре во себе си, додека се трудат да ги исцелат причините за нивната за нивната дезориетација и болест. Оние кои го застапуваат овој став се потпирааат врз останатите христијани, особено црковните водачи, за поддршка и помош во нивната духовна борба.

Љубовта помеѓу мажот и жената е една од најважните теми на библиското благовестие. Како што вели Самиот Бог во книгата Битие: Ќе ги остави човекот мајката своја и таткото свој и ќе се прилепи кон жената своја, и ќе бидат двајцата едно тело„ (Бит.2:24). Важно е да се напомене дека бракот е востановен од Господа во рајот, а не некаква последица од гревопадот. Библијата раскажува за сопружнички двојки на кои Божјиот благослов особено им го умножил потомството: Аврам и Сара, Исак и Ребека, Јаков и Рахила.

Во бракот се случува преобразување на човекот, надминување на неговата самотија, и инфериорност, збогатување, пополнување и реализирање на неговата личност. Отец Јован Маендорф на овој начин ја определува суштината на христијанскиот брак: „Христијанинот уште во овој свет е повикан да се здобие со опит за новиот живот, да постане граѓанин на Царството Божјо, и тоа е невозможно за него во бракот.

На тој начин бракот престанува да биде само задоволување на времените природни потреби... Бракот е единствен (уникатен) сојуз на две битија во нивната љубов, битија кои можат да ја надраснат сопствената ограничена природа и да се соединат не само еден„еден со друг„ туку и со Христа...Друг значаен православен пастир, отец Александар Елчанинов, говори за бракот како за "просвештение" "мистерија" во која доаѓа до потполна промена на човекот, обогатување на неговата личност, нови очи, нов аспект кон животот, раѓање на еден нов свет...

Љубовниот сојуз води до саморазоткривање на личноста на секој од двајцата, но и до појавата на трет-нивниот плод, детето, претворајќи ги на чудесен начин двајцата во тројца... Во бракот е возможно потполно познание на другиот-чудо на чувствување, гледање, вкусување на туѓото битие....Оваа наслада од вистинско познание и вистински живот носи чувство на реализирана полнота и удобност, не прави богати и мудри.

Многу често, хомосексуализмот се опишува како болест и затоа се претставува, како неизлечива појава. Во една психијатриска клиника во Лондон беше направено многу темелно истражување по ова прашање и резултатот беше следниов: хомосексуалноста изразува или психичко растројство или гревовност во

смисла на разврат. Како психичко растројство оваа појава може да се објасни различно. Има и причини за кои сеуште немаме јасна претстава (Weeks,1983).

Но, често се случува, човек да постане хомосексуалец (на руски, мажеложник), зашто во текот на целото негово детство бил подложен на злоставување на “љубовната” грижа на мајката или на некоја друга жена, која ја заменувала мајка му и како резултат, во тој човек се појавува страв, одвратност и ужас кон се што е женско.

Тоа започнало, кога тој воопшто немал свесност дека е злоставуван, ниту имал осет, дека не се сите жени исти, како оние кои го злоставуваат. Но, тоа се вметнало во неговата психа, и се одразило на неговото сознание, така што тој човек не може да го разграничи и оддели. Така се раѓа страв, одвратност и одалечување од се што е женско, од секоја жена. Бидејќи во тој човек има природна полова определба, тој ја пренасочува кон себеподобните, но со ова искушение може да се бори или да му се предаде. Ако се предаде на својата потреба кон маж, од аспект на Црквата човекот прави грев.

За ова јасно говорат, св.апостол Павле (1Кор.6:9) и црковните канони: хомосексуализмот е не-сместлив во христијанството. Станува збор, не за тоа дали човекот може да има различни сексуални определби, туку дали тој се бори против нив. Тогаш, тоа е еден ист проблем, кој го имаат секој маж и жена. Некој има силна привлечност кон другиот пол, но заради внатрешното сознание за своето достоинство и чистотата или врз основа на својата вера, не му се предава на искушението.

Ако човек се предаде на својата сексуална определба во однос на луѓето од спротивниот пол, тогаш тој не се осудува заради определбата, туку заради дејството. Гревот станува грев, но не тогаш кога во нас има извесно искушение, ние се бориме со него, туку тогаш кога му се предаваме. Во оваа смисла, во житијата на светите, ние имаме чудесен пример за разликата во Божјиот Суд над искушенито, мотивот и над самото дејство.

Имало еден свештеник-монах, кој секогаш кога крштевал жени се возматувал во срцето. И тој започнал да му се моли на Св.Јован Крстител да го ослободи од таа гревовна бура. Св.Јован му се јавил и му рекол: „Јас можам да

измолам од Бога да те ослободи од ова искушение, но ти ќе го изгубиш маченичкиот венец. Продолжи да се бориш против оваа страст и никогаш немој да и се предаваш, зашто тоа е твојата борба против злото, во името Христово. Ако те ослободам јас, ти повеќе нема да бидеш борец за Христа,,.

Во однос на хомосексуализмот ние сме должни да го заземеме ставот – или е психичко растројство, или свесно примена гревовност, т.е. разврат. И во двата случаја, ако нивната определба постане дејство, тоа подлежи на црковна казна. Во минатото, борбата со ова гревовно искушение била подржана со неодобрување од општеството, со забрани, не само од црковните, туку и од граѓанските закони.

Денес, кога граѓанските закони не го осудуваат хомосексуализмот, секој човек е должен да носи потполна одговорност за постапките спрема овие факти и дури ако е неопходно, и да се спротивстави на општественото мислење (Сурожски,2002:34).

**Животни заедници на лица од ист пол**

Новиот милениум на разни страни во светот ќе започне со законски промени кои се покомплетно го дефинираат граѓанскиот статус на хомосексуалната личност. До сега ниту една држава не им дава на хомосексуалците исти права во поглед на склопување на брак кои ги имаат хетеросексуалните парови. Сепак, пет нордиски држави, им дозволува на истополовите парови, со закон регулирано заедништво, кое се нарекува, регистрирано партнерство: тоа се Шведска (1995), Норвешка и Холандија (1993), Данска (1989), и Исланд (1996), а наскоро сигурно ќе им се придружи и Финска. Данска, Норвешка и Шведска имаат на ист начин регулирано „регистрирано партнерство„ кое ги предвидува сите права и должности на партнерор како и личноста во хетеросексуалниот брак, со исклучок на правото за посвојување, венчавање во црква, бесплатни болнички услуги за вештачко оплодување (Mrsevic,1997).

Законот за регистрирано партнерство на Исланд дозволува партнерот да го посвои биолошкото дете од својот партнер. Во сите споменати држави, најмалку еден член на идното регистрирано партнерство мора да биде државјанин или

постојан жител. Странци не можат да склучуваат регистрирано партнерство ниту во една од споменативе држави. Инаку, идејата за регистрирани партнерства во нордиските земји се остварила, низ дведецениски законски промени, кои се повеќе биле поврзувани со разните социјални бенефиции за заеднички живот (кохабитација), а се помалку за формално постоечкиот брак.

Во текот на 70-те години, хомосексуалните парови се суштински и во пракса изедначени со взаемните права (на пример, социјално осигурување, право на наследство, заеднички имот, олеснителни даноци), со невенчаните хетеросексуални парови без деца. Всушност, било логично, она што им се признава на невенчаните хетеросексуални парови, кои имаат на располагање и можност за склопување на законски брак, тоа да им се признае на хомосексуалните парови, кои таа можност ја немаат.

Понатамошниот чекор, бил озаконување, регистрирање на тие заедници, поради олеснување за евиденција и администрирање на нивните права. Првобитната идеја, всушност, не била озаконување на некаков „второстепен„ брак, ниту пак се помислувало на било каков „брак„ на хомосексуалци. Но, кога постепено се дошло до регистрирано партнерство, се воочило дека е доста сличен со бракот, од кого се разликува само во околностите поврзани со признавањето на родителските права.

Во нордискиот „клуб„ на земји, му се придружија и некои земји во транзиција. Во парламентот во Унгарија во 1996 година, гласал со 207 гласови за и 73 против, за да се легализира т.н. брак„ на хомосексуалци врз обичајното право (common law marriage). Тоа било сосема неочекувано, бидејќи на донесувањето на законот не му претходела некоја општествена кампања од страна на здруженијата на хомосексуалци. Унгарскиот закон на регистрираните партнерства кои живеат во „обичајноправниот брак„ им ги дава сите права кои ги имааат сопружниците во законскиот брак, освен правото да посвојуваат деца. Од 1996 година, постојат наговестувања дека Чешка и Словенија исто така би го озакониле регистрираното партнерство на истополови парови (Wockner,1997:26).

Регистрираното партнерство, скандинавски (или европски) тип, се разликува од брачната заедница на лица од различен пол, „само„ по една главна одредба, а

тоа е правото на деца. Станува збор за право, истополните парови да остварат родителство, односно, да дојдат до деца, преку вештачко осеменување, посвојување, остварување со судско доделување на старателство над сопствените деца или децата на својот партнер.

Многу е важно ова право да стане законски признато, бидејќи тоа е заштита од блиски крвни сродници, бивши хетеросексуални партнери, но и за самата држава, од оние кои како „неподобни„ (хомосексуалност автоматски, од страна на многу судови се зема како причина за неподобност), им се одземаат децата.

Следната разлика помеѓу регистрираните партнерства, кои во главно обемна и особено важна област на граѓански, статус на истополови парови, е меѓународното признавање на бракот, било каде и да е склопен. Всушност, бракот важи секаде без оглед, чии државјани се во прашање, каде и да е склучен, со сите разлики во законската регулатива, услови и постапки за склучување на брак помеѓу различни држави. Регистрираното партнерство, пак важи само во држави, чии што закони го одобруваат тоа, на нејзина територија и нема дејствија надвор од нејзините граници. Исто така, тоа е овозможено само на државјани на тие држави, па потребно е најмалку еден член од истополовиот пар да има домицилно државјанство.

## Политичкото значење на регистрираните партнерства

Регистрираното партнерство е законско признавање на „другото„ тоа значи легализирано право на различноста, право не само на толерирани, туку и закон на активна заштита на „другото„. Тоа го носи со себе правото на гарантирани граѓански права, признати на припадниците на малцинството, маргинални по број или општествено влијание. Регистрираното партнерство е богатство на едно општество и тоа не само морално: не е случајно што државите кои признаваат или кои овозможуваат законска регулатива на истополовите парови, спаѓаат меѓу државите со најголем животен стандард, мерено според материјалните критериуми.

Комплет на стандарди за човековите права во Европската заедница, исто така содржи и Резолуцијата за еднакви права на хомосексуалците кои Европскиот

парламент ја донел 1994 година. Во членот 14, земјите членки, помеѓу останатото, препорачуваат како минимум да се укинат законските забрани на хомосексуалците да се венчаваат, како и да дозволат регистрација на животните партнерства на истополови парови. Истиот член исто така препорачува крај на сите ограничувања на правата на хомосексуалците да станат родители, да посвојат деца.

Полн обем на граѓански права подразбира и исклучување на дискриминација на хомосексуалците, како и сите останати „други„. „Europride97„ во својата официјална политичка платформа, изразила настојување хомосексуалците на Европа да престанат да бидат граѓани од втор ред: „Европа не е само трговска, финансиска и воена Европа. Ние сакаме вистинска Европа на граѓани. Ние сакаме вистинско европско право на граѓаните„. Дел од барањата за целосни граѓански права е и барањето од сите држави на Европа, законски да ги признаат животните заедници на истополови парови со признавање на родителските права на сите хомосексуалци и бисексуалци (право на посвојување, на старателство и вештачко осеменување), (Mrsevič,1997).

**Статус на истополови бракови во Европа**

Во голем број на европски држави, постојат закони кои правно ги уредуваат односите помеѓу партнерите/партнерките од ист пол. Tatjana Greif во една своја статија, наведува дел од тие држави (Greif, 2002:24-30).

Данска: 1989 година, станала првата земја во светот која дозволила венчавање на истополовите парови, меѓутоа не дозволуваат посвојување на дете од истите.

Шведска: 1995 година, им дозволила на хомосексуалците да се регистрираат како партнери во некој вид на граѓански брак. На таквите парови не им е дозволено да посвојуваат деца, дури ни со вештачко оплодување.

Во Норвешка законот за регистрирани партнерства, е донесен на 1 април 1993 година, а стапил на сила на 1 август 1993 година.

Во Холандија стапил на сила нов закон 1998 година, кој им дозволува на геј-лезбејските парови да се венчаваат давајќи им пензија, социјално осигурување и

наследно право како и на другите венчани парови. Холандската влада одобрила план со кој на хомосексуалните парови им се одобрува посвојување на деца.

Исланд:1990 година на хомосексуалните парови им овозможува многу права кои ги имаат и хетеросексуалните венчани парови, меѓутоа не им е дозволено посвојување.

Белгија: Законот е усвоен 1998 година, и им дозволува на геј паровите наследни права, како и отворање на заедничка банковна сметка.

Франција: истополовите парови немаат правен статус. Законот кој тоа треба да им го овозможи моментално е во дискусија во парламентот.

Шпанија: хомосексуалните парови немаат службен статус. Североисточниот, каталонски регион, неодамна донесе закон со кој се признаваат хомосексуалните парови, но не им се дозволува посвојување на деца или наследни бенефиции.

Германија: Новата влада има за цел да одобри некој правен статус на истополови парови, но без право на посвојување на деца.

Англија: законодавното тело изгласало да им се овозможи на хомосексуалците да примат државна пензија после смртта на партнерот.

Унгарија: донела закон во 1996 година, со кој им се одобрува на геј паровите, право на наследување, но не им се дозволува посвојување (Greif, 2003).

## Хомосексуалноста во Република Македонија од аспект на човековите права и основни слободи

Процесот на ширење на некој домен на човековите права неопходно го следат политички случувања. Човештвото беше во состојба да го укине ропството и да воспостави одредени основни права за жените речиси во целиот свет. Ние развивме демократски институции и граѓански општества. Почитувањето на човековите права и основните слободи е предуслов за успешен општествен и политички живот во сите општества. Ние мораме да ја признаеме еднаквоста, а да ја почитуваме различноста. На 50-та годишнина на „Универзалната Декларација за

човекови права,, се повикува на јакнење на човековите права. Основниот дел на човековите права е признавањето на правото на поединецот за развој на својот личен идентитет и сексуалност, ослободени од принуда и дискриминација. Бараме закони кои забрануваат дискриминација

Концептот на индивидуалните човекови права беше прифатен во Република Македонија со здобивањето на независноста во 1991 година. Процесот на апликација и операционализација одат паралелно со промените во легислативата и промените во практиката и секојдневниот живот, како и во спроведувањето на новите вредности. Дебаланс на овие два процеса е присутен во сите области.

За практиката не е толку лесно да ги следи суштинските промени во теоретските и научни приоди и легислативата. Промените во однесувањето, во менталната матрица на поединецот, во традицијата и образованието, се случуваат многу бавно, со периоди на стагнација, понекогаш одејќи и наназат или со големи паузи.

Индивидуализацијата, која што произлегува самата по себе од концептот за човековите права, специфичниот аспект на индивидуалната слобода поврзана со достоинството на човекот и можноста за избор и флексибилноста на граѓанскиот концепт, се елементи кои најтешко го поминуваат испитот на практиката. Секако, прашањето за хомосексуалноста едно од најчуствителните прашања од оваа област.

Традиционално, на овие простори, хомосексуалноста била осудувана и санкционирана. Се до промените во Кривичниот Законик во 1996 година, хомосексуалноста беше третирана како кривично дело и беше предвидена казна затвор. Тоа значи дека, на ниво на легислатива, беа потребни пет години за да се прифати идејата дека хомосексуалноста не е кривично дело и дека не треба да се казнува.

Бришењето на кривичното дело од Кривичниот Закон, не беше проследено со било каков друг вид на активност од страна на државата или од невладиниот сектор, во насока на промена на традиционално - моралното однесување и санкционирање. Од кривичната одговорност и казна, фокусот се пренесе кон опишување на хомосексуалноста како: ненормална појава, болест, перверзија, дегенерација.

Во услови на недостаток на правна казна, хомосексуалноста се анатемизира на ниво на јавно мислење. На теоретско и научно ниво оваа ситуација се рефлектира како недостаток на било каков вид на теренско истражување, непостоење на основни податоци за бројот на хомосексуалците и нивното присуство во социјалното структурирање, недостаток од емпириски податоци за ставовите на одредени структури во општеството, пречките и предизвиците со кои се соочуваат во секојдневниот живот (семејство, работа, поширокото социјално опкружување), (Хелсиншки комитет за човекови права).

Во практиката: хомосексуалците се потполно невидливи, постојат посебни, регистрирани асоцијации преку кои тие ги промовираат и подржуваат своите специфични интереси и низ кои ги штитат своите права; во сите средини и на сите нивоа, но сепак, моделот на нивното исклучување и игнорирање продолжува да се репродуцира. Конзистентната примена на концептот на индивиндуални права и слободи вклучуваат промовирање на вредносна матрица од овој концепт низ целокупната социјална структура, заради минимизирање на областите на дискриминација, од било која причина, доколку е тоа можно.

**Теориските аспекти на евтаназијата како современ морален предизвик**

**Поим-евтаназија**

Човекот, иако не може да го реши проблемот на животот и на смртта, сепак се обидува да навлезе и да создаде проблеми како во животот така и во смртта. Треба да ги видиме интервенциите што ги прави на крајот од биолошкиот живот. Во последно време многу се зборува за евтаназијата.

Зборот евтаназија поинаку се толкува од страна на современата наука, а поинаку од страна на Теологијата. Современата наука со овој термин сака да ја окарактеризира безболната смрт, а Теологијата со зборот евтаназија укажува на добрата смрт, која доаѓа после покајание, молитва. Значи, укажува на надминувањето на смртта.

Во првиот случај човекот го сфаќа животот како поистоветен со биолошкиот живот, при што заедно со смртта смета дека доаѓа крајот и на животот,

а во вториот случај (теологијата) смртта е усовршување на животот, а не негов крај, бидејќи му се дава можност на човекот да премине во еден друг начин на постоење. Секако, терминот евтаназија може да се протолкува на различни начини. Бидејќи како можеме да ја сфатиме смртта?.

Секој аналогно со сопствената идеологија му дава друго значење на проблемот на начинот на смртта. Многу успешно е забележано следново: сите ние сме толку различни во смртта, колку што сме различни и во нашиот живот. Едни би претпочитале побрза смрт, а други побавна. Некои претпочитаат да умрат тивко, со најмала медицинска интервенција. Друга би сакале да се изборат до крајот за да ја исшмукаат и последната капка живот.

Исто така, некои посакуваат да избегаат од животот, затоа што ја имаат доживеано неговата полнота или сакаат да стекнат полнота на живот, а други сакаат да останат во животот за да се покаат и да се усовршат духовно, и подготвени, да го сретнат Христа.

Во продолжение ќе ја протолкуваме евтаназијата низ современата медицинска страна. Пасивна евтаназија е кога лекарите и болничкиот персонал го напуштаат и процесот на будење. Значи, иако би можеле да го одржат човекот уште малку време кога има веројатност и да се разбуди дури и со Божја чудотворна интервенција, сепак тоа не го прават. Активна евтаназија е кога интервенираат и со разни хемиски средства, кои ги ставаат во организмот на човекот, доаѓа труењето и смртта, наводно од милост заради страшните болки на болниот, или поради тоа што се изморил во животот.

До скоро беше забранета активната евтаназија во целиот свет, а пасивната евтаназија се врши ограничено. На 28 ноември, 2000 година, со одлука на Холандскиот Парламент беше дозволена активната евтаназија во Холандија. Тоа е прва земја во која се примени оваа мерка со 140 гласа за и 40 против.

Секако, Законот ја предвидува евтаназијата со три претпоставки:

- Кога болниот се соочува со неподнослива болка и кога страда голем временски период; кога тоа го бара самиот пациент и е побарано второ медицинско мислење, и кога се врши на медицински соодветен начин.

На 16 мај 2002 година, евтаназијата е дозволена во Белгија. Овие две земји ги следи Австралија и некои држави од САД. Во Швајцарија се прави разлика која е забранета и потпомогнато самоубиство кое е дозволено. Во Германија лекарите им пружаат на пациентите при крајот на животот помошни услуги. Во Англија пасивната и активната евтаназија спаѓаат во кривично дело на човекоубиство (Almagor,2001:79).

**Евтаназијата и биоетичките проблеми што се поврзани со истата**

Деновиве живееме една нова реалност, нешто невозможно за други епохи. Мислам на поврзувањето помеѓу технологијата и медицината, што решава многу проблеми, но и создава проблеми. Тоа рано го сфати медицинската заедница, но и останатите, па затоа во 60-те години на минатиот век се разви науката Биоетика за да се соочи со проблемите што произлегуваат во медицинското истражување со употребата на технологијата.

Науката на Биоетиката ги испитува границите и рамките на истражувањето за да може да биде полезно за човекот, а не да го уништи. Науката на Биоетиката се занимава со три фази на животот на човекот: со почетокот, со продолжувањето и со крајот на биолошкиот живот на човекот (Magnusson,1997:95-107).

Разни научници и други фактори, меѓу кои и Црквата, се занимаваат со деонтолошките правила кои се поврзани со овој проблем, затоа што ги интересира човекот.

Она што отсекогаш го интересирало и окупирало човекот се прашањето за животот и за смртта. Со ова прашање се занимавале филозофите, како од класичниот период, така и од другите епохи. Познатиот филозоф Хајденгер во неговата книга Вовед во метафизиката, занимавајќи се со метафизиката на древните филозофи, пишува дека основното прашање на целата метафизика е зошто постојат битијата, а не ништото.

Исто так, филозофите го проучувале и проблемот на смртта. Но, и во поновите времиња, особено филозофите егзистенцијалисти се занимавале со

проблемот на животот и на смртта. Навистина е тешко да се одговори на ова прашање задоволително кога се потпираме врз човековата минлива мисла.

Богооткриената теологија на Православната Црква има дадено јасни одговори, односно дека животот е Божји дар на човекот, дека е резултат на Божјата животворна енергија, а смртта е паразит, односно неприродна состојба која е последица на падот на Адам и Ева. Бог не го создаде човекот за да умре, туку смртта навлезе во човекот и во целото создание поради гревот на првосоздадените. Христос со своето вочовечување го прими стварното, смртното и трулежното на човечката природа и ја победи смртта на своето тело. Така со силата на Воскреснатиот Христос човекот може да го доживее надминувањето на смртта уште при процесот на природната смрт.

Покрај тоа, обидувајќи се човек да одговори на прашањето за животот и за смртта, односно, како почнува животот и како завршува, се наоѓа во тешкотија. Еден одговор може да биде дека животот се докажува со тоа дека се се поврзува со две значајни страни, односно дека еден жив организам дејствува и има однос. Тоа што има живот има дејство, и секако создава однос. Напротив, смртта нема дејство ниту има однос. Кога во еден болен човек не чука срцето, нема притисок, не функционираат сите органи во неговото тело и како последица на тоа нема однос, тогаш велиме дека нема живот, односно дека е мртов.

Прашањата за животот и за смртта нераскинливо се поврзани со егзистенцијалните проблеми на човекот. Човекот, од тогаш кога стекнува свест за себе си, ги поставува пред себе прашањата: што е животот, што е смртта, која е смислата на животот и на смртта, зошто да умира човекот, што има пред животот, што има по смрттта.

Ако, пак се сетиме дека стравот од смртта ги развива себељубието и себичноста и ги негува страстите на среброљубието, на славољубието и на сластољубието, тогаш може да сфатиме дека смртта која ја имаме во нас од часот на нашето зачнување до крајот на нашиот биолошки живот, создава премногу проблеми во сите возрасти (McMahan, 2002:31).

Според тоа со проблемот на евтаназијата не треба да се соочува само во надворешната страна, површински, туку треба да се навлегува и во длабочината.

Значи, не треба да се зборува за начинот на смртта, туку за начинот на животот, бидејќи животот што нема смисла завршува со смрт без смисла.

## Биоетичкиот проблем на евтаназијата

Со биоетичкото соочување со евтаназијата се занимаваат многу фактори, кои се обидуваат да ги видат проблемите што ги создава евтаназијата. Во продолжение ќе наведам неколку интересни одлуки. Најпрво треба да потсетам на Хипократовата заклетва која е етичко обврзување на секој лекар. Во еден дел пишува: Ќе го следам системот или методот, кои, согласно, со мојата способност и проценка, ќе ги сметам полезни за моите пациенти, и ќе се воздржувам од се што е штетно. И продолжува: Нема да му дадам смртоносен лек на никој што тоа го бара, ниту некому ќе му дадам таков совет. Потоа, ќе треба да наведам дека согласно со неодамнешната одлука на Судот за Човекови Права не е дозволено откажување од правото на живот.

Во одлуката, по една конкретна апелација, пишува: Индивидуата ја нема власта да ја избере смртта наместо животот, било преку трето лице, било со помош на некое јавно начело. Во оваа одлука со јасност и потполност се изразува одбивањето на судот во врска со постоењето на било која обврска од страна на државите, која би се однесувала на помошта за самоубиство.

Постои и една одлука на Биоетичката Комисија на Интерпарламентарното Собрание на Православието. Се работи за политичка нерелигиозна организација, која се состои од партиите на Парламентите на Православните држави. Едно резиме во врска со евтаназијата. На почетокот го толкува терминот евтаназија и причините што можат да го доведат еден човек да размислува за тоа, како што се силните болки, чувството на психолошка напуштеност, депресијата, стравот, немирот, природната слабост итн.

Потоа, се прикажуваат опасностите кои демнеат при прифаќањето на евтаназијата (Colson, 2004:57). А тоа се:

- негувањето на идејата дека животот вреди да се одржува само во контекст на здравјето и на виталноста. Тоа го отвора патот за едно општество кое се темели на евгонистички идеи?
- веројатноста за претворање на индивидуите во економска величина, чиј што живот треба да се скрати, затоа што неговото одржување повлекува големо економско оптоварување.
- евентуалното уредување на семејните економски проблеми преку олеснувањето на смртта на еден негов член.
- искушението за озаконување на евтаназијата, што може да ги доведе некои лекари во предвремено прекинување на обидите за одржување на животот.
- забрзувањето на процесот на смртта, дури и поради сочувство, го повредува односот на доверба помеѓу лекарот и пациентот и предизвикува огромни последици не само во тие случаи, туку и во целото општество.

Во продолжение пишува дека човечкиот живот е Божји дар и неговиот почеток и крај целосно зависат од Него. Исто така, зборува и за мисијата на медицината, за продолжувањето на животот, за Хипократовата заклетва која треба лекарите да ја исполнуваат, за правото на животот кое го заштитуваат сите Устави, за можноста на блиските на пациентите да бидат присутни во последните часови од нивниот живот, за создавањето Центри за дневна грижа за лечење на болните.

Особено внимание посветува за крајот на животот на човекот како повод за предизвик на љубовта и за чувствителност, за запознавањето на пациентите со напредокот на медицината, за приложување ставови од страна на лекарските здруженија во врска со евтаназијата, за начинот на пристап кон пациентите, кон нивните семејства и кон лекарите од страна на средствата за масовно информирање итн.

Одлуката на Интерпарламентарното Собрание на Православието, кое е политичка организација и кое има влијание од Православното Предание, држи многу согласности. Значи, не ја прифаќа активната евтаназија, туку се обидува да постави некои критериуми, при што човекот и да го прима добротворството од

употребата на технолошките интервентни средства, но не и да им робува. Исто така, поставува и значајни предлози за подобрување на атмосферата на пациентот.

Во член 16 од Кодексот на Медицинската професија и Деонтологија, што го состави Националниот Совет за Медицинска етика и Деонтологија станува збор за крајот на човековиот живот - Евтаназијата и има три параграфи:

1. лекарот му помага на пациентот до крајот на неговиот живот и се грижи за тоа пациентот да го одржува своето достоинство до крајот.
2. лекарот, во случај на неизлечива болест која се наоѓа во својот конечен стадиум, се интересира за ублажување на психосоматските болки на пациентот, грижејќи се за квалитетот на неговиот живот, во мерата на возможното.
3. лекарот не ја зема предвид молбата или барањето на пациентот или на роднините за евтаназија.

**Религиските аспекти на евтаназијата**

Не беше можно Православната Црква да остане без учество во она што се случува и се дискутира во нашето општество околу проблемот на евтаназијата. Секако, Православната Црква, која јасно се разликува од другите Христијански Конфесии, не брза да создаде брани во науката или да изрази ставови кои евентуално по извесен временски период може да се изменат. Таа со големо расудување ги следи овие појави и обидите на медицинската наука да му помогне на болниот, но нагласува дека самите лекари треба да поставаат граници во нивните постигнувања и во нивната служба, а кога е потребно самата поставува извесни биотеолошки рамки во кои треба да се движат овие современи прашања (Dworkin,1994:46-49).

Би сакала да формулирам одредени теоретски точки од учењето на Црквата околу современиот проблем на евтаназијата. Прво, животот не е наше создание, туку е Божји дар. Затоа ние немаме исклучиви права на него. Бог е господар на животот и на смртта и никој друг. Она има, би можеле да кажеме, copyright како

дарител на животот. Светиот Јован Дамаскин зборува за разликувањето помеѓу она врз што имаме власт и она врз што немаме власт и компетенција. Секако дека дарот на животот спаѓа во она врз што немаме власт, односно спаѓа во Божјата исклучивост. Второ, биолошкиот живот не се апсолутизира.

Познато е дека историјата на човекот не завршува со смртта, туку продолжува и по неа. И може да нагласиме дека животот по смртта има голема вредност и важност. Така значи, процесот на смртта го гледаме и со него се соочуваме како со стекнување и продолжување на еден друг живот. Молитвата на Црквата е јасна: христијанскиот крај на нашиот живт, безполезен, непосрамен, мирен и добар одговор на страшниот Христов суд.

Начинот на крајот на животот е поврзан со начинот на усовршување на животот на човекот и со неговото претставување пред страшниот Христов суд. И една мала молитва на човекот на крајот од неговиот живот, може да му се даде една, друга, вечна перспектива. Го продолжуваме животот, затоа што се надеваме на усовршувањето и на спасението.

Болката во животот на човекот е многу полезна и продуктивна. Доволно е само човекот да го знае начинот на кој да се соочи со неа. За жал словото за евтаназија цвета во современите општества во кои болката е отфрлена како недостојна да се зборува за неа. Значајно е да се каже дека прочуениот психотерапевт Виктор Франкл го подржува ставот дека болката претставува основен егзистенцијален проблем, и преку неа на човекот му се дава единствена можност за внатрешна полнота. Тој учи дека човекот не треба да се бори за да ја избегне болката, туку треба да биде расположен да ја поднесува во својот живот. Но, секако со претпоставка дека болката има некаква смисла.

Тврди дека, кога човекот се соочува со некоја неизлечива болест, тогаш му се дава шанса да ја исполни својата најдлабока смисла. Повеќето луѓе го бараат уживањето, задоволството и ја одбегнуваат болката, но сигурно е дека соочувањето со болката на правилен начин дава едно друго чувство на животот, посовршен и поавтентичен.

Целиот процес на смртта, колку и да е мачен и болен, не претставува изгубено време. За болниот тоа е време на подготовка за неговото влегување во

еден друг „простор„ на живот, а за роднините и домашните тоа е шанса да ги изразат чувствата на грижа, на љубов и на симпатија кон нивните возљубени личности (Dworkin,1994:54).

На пример, децата имаат единствена шанса да им ги возврати на родителите своите „долгови„ и својата љубов. Искуството има потврдено дека во повеќето случаи околу креветот на еден човек кој е пред умирање повторно се поврзуваат пријателства, се развиваат нежноста и љубовта, кои ги уништува вознемирениот современ општествен живот. За евтаназијата се зборува во општества каде што владее нељубов, неморал и индивидуализам.

Кога се наоѓаме пред тајната на смртта на еден човек, а особено на човек кој се наоѓа во болница, тогаш сфаќаме дека постои една сериозна дилема, како кај лекарите и болничкиот персонал, така и кај роднините на болните. Дилемата е: продолжување на животот или попречување на смртта?. Тоа е една страшна дилема што бара некого кој има големо расудување, љубов и страв Божји за да одговори на неа. Секако, одговорот е поврзан со можноста или неможноста за терапија, со смислата на продолжувањето на животот и со тоа во колкава мера имаме право да ја попречуваме смртта кога доаѓа незадржливо и која ја дозволува Бог. Исто така, одговорот е поврзан и со покајанието на човекот.

За проблемот на евтаназијата се напишани и се пишуваат во весниците и во списанијата многу статиии. Треба да признаам дека ми остави впечаток една статија на Димитрос Папајоанис со наслов за Евтаназијата на „непотребните„. Основниот повод на статијата беше едно анкетирање на јавното мислење во Данска во врска со проблемот на евтаназијата. Во таа анкета беа поставени три прашања за евтаназијата на различни групи од населението кои не спаѓаат во категоријата на тие што се пред смрт и на тие што се на интензивна нега (Ezekiel,2004:65-69).

Анкетата покажа дека 20% од запрашаните ја посакуваат евтаназијата на оние кои страдаат од сериозни душевни болести, 41% ја посакуваат евтаназијата за стари и напатени луѓе, а 35% ја посакуваат евтаназијата за инвалидите. Авторот на статијата прашува зошто се поставуваат такви прашања? Да не е можеби затоа, за да се навикнеме на нив? И одговара: Без да биде приметено, се подготвува, барем како сфаќање, едно јасно ограничување на здравите и ненапатени луѓе, на

психички здравите, кои изгледа ќе ги одбира некоја елита на психијатри специјалисти, кои ќе одлучуваат и за примена на евтаназија, согласно со нормите на здравите.... на добродродните. И тврди дека ќе биде трагично, ако во следните години запознаеме еден најдлабоко поделен свет, каде што дел од планетата ќе се претвори во прибежиште на исплашени старци (можеби случајно ќе се сметаат как напатени), на душевно болни или инвалиди и ќе им се врши евтаназија. Авторот ја споредува оваа анкета со зборовите што полковникот Ладас им ги кажа на пензионерите кои бараа пензија. Ама, вие што барате?. Би требало да сте умрени.

Авторот забележува дека сите овие појави, кои ги гледаме денес, покажуваат една нова напумпана религија, религија на младите здрави луѓе. Покажуваат дека сме подготвени да се сретнеме со оживувањето на крајности многу полоши од теоријата за ариевската раса, која теорија во постарите времиња цветаше (Ezekiel,2004).

Навистина, живееме во епоха која ги одредува болката, болеста, тешкотиите, маките, инвалидитетот, смртноста на природата и згора на се го одрекува посмртниот живот. И кога ќе завладее евтаназијата на оној што умира, тогаш може да се појави евтаназијата на оној кој страда. Во оваа основа ја гледам појавата на евтаназијата. Не се работи за дилема што ја има лекарот на интензивна нега, туку за „духот„ на комфорот, на уживањето, на уталитаризмот, на индивидуализмот и на неморалноста што го битува општеството кое се наоѓа надвор од болницата и од телесно болните.

Денес многу се зборува за евтаназијата, токму затоа што не можеме да ја сфатиме смртта. Евтаназија и смрт се два обратно аналогни поими.

Кога ќе ја разбереме тајната на смртта, тогаш нема место за т.н евтаназија, а кога зборуваме и ја прифаќаме евтаназијата, тогаш покажуваме дека сме неспособни да навлеземе во тајната на смртта. За жал, живееме во епоха која не се соочува со проблемите, филозофски и теолошки, туку трговски, безбедносно и индивидуалистички. Мислам дека овој проблем, како и многу други слични, се имаат вплеткано во економски величини, а можеби дури и се вплеткуваат во целите на осигурителните организации или компании. Посакувам да не е вистина.

Во секој случај сигурно е дека проблемот на евтаназијата расте и носи плод во дезориентирани, нефилозофски, нељубовни и негрижливи, уталитаристички, индивидуалистички општества. Меѓутоа, ако човекот не може да филозофира над процесот на смртта, тогаш не може да сфати што е живот и, секако, не може да биде личност. Завршувајќи би сакала да ги забележам зборовите на Рускиот аскет и јеромонах Софрониј Сахаров: Да живее некој христијански е буквално невозможно, христијански може некој само да умира. Навистина е голема привилегија некој да умре со надеж дека смртта е крајот на биолошкиот живот, а не крајот на живото, но истовремено дека смртта е усовршување на животот. Ќе треба да ја почитуваме тајната на смртта и да ја сметаме како премин кон земјата на живите.

Иако во ТВ-емисиите како најава за темата евтаназија служи светла точка, во која се раствора сенка, која ја симболизира свеста на човекот кој умира, сепак, всушност, зад линијата на смртта во душата на таквиот човек, останува вечната осаменост и копнежот по онаа љубов, од која не можат да разделат ни тагата, ни болеста, ни фалшливите насмевки на роднините, ни рамнодушноста на лекарите, ни смртта.

Таа љубов е – Божјата љубов. Само таа љубов ја донесува онаа среќа, која доаѓа низ печката на сите загуби, вклучително болеста и загинувањето на телото. Значи, ако ние сакаме да им помогнеме на безнадежно болните и страдални луѓе, има смисла да не се оправдува правото на самоубиство за нив и правото на убиство на лекарот, туку да им се даде можност да припаднат кон таа љубов и да се приопштат на Нејзината Тајна.

Какви се пак, духовните извори на самата идеја за евтаназија?

„Нема ништо полошо од самоубиството, а сепак, бројот на тие страшни гревови секоја година расте. Основна причина на таа појава е – отсуството на цел во животот, неверување во животот на Идниот Век. Широко распростането денес е мислењето, дека човекот има право да решава за својот живот.

Денес во општеството се слушаат гласови, кои бараат да се легализира тоа гревовно „право„. Се прават обиди за објаснување на самоубиството во медицински термини, нарекувајќи го евтаназија. Ужасот на ситуацијата се состои

во тоа, што орудија за убиство треба да се направат лекарите, кои според долгот на службата се обврзани да се грижат за зачувување на животот на човекот (Paterson,2008:97-112).

Ние сме должни со сета решителност да изјавиме: евтаназијата е еден од видовите на свесно самоубиство. Во религиозен однос-тоа е краен степен на отпаѓање од Бога...Православната Црква не може да ја оквалификува пропагандата на евтаназијата и самоубиството поинаку, освен како прикриен или јавен сатанизам, ѓаволштина (Патријарх Московски и на цела Русија Алексиј II).

И како заклучок, важно е да се забележи, дека постои прифатлив пристап кон тоа, како медицината може да ја олесни судбината на смртно болниот човек.

Умирањето е особено време на човечкиот живот, умирањето е повикано за ловекот да биде време на осмислување на животот, и медицината мора да му помогне на човекот да умре-човечки. Таа задача се решава не само со дополнително внимание, туку и со личен однос кон секој пациент.

Кога би се регулирало тоа со закон, свеста се ослободува, целиот мозок се репрограмира- тогаш не вршиш убиство туку му дозволуваш на тој што го сакаш достоинствено да го напушти овој свет.

Значи во човечките закони (без разлика каде во светот) е дозволен абортусот а некаде и смртната казна (две работи во кои некој друг одлучува за нечија смрт ...) но не е дозволена евтаназија . Зошто ?. Може ли да се каже дека човештвото не е подготвено да се справи со предизвикот сам да си одлучи да се поштеди од болките и да избере лесна – безболна смрт?.

Можеби е похумано да се наклука со наркотици и да вегетира до мигот на смртта (но веројатно постои граница која одредува која количина наркотици е во рамките на некои морални и хумани норми) – од друга страна постојат и болни кои би се одрекле од сите наркотици против болка за во последните мигови од животот да бидат свесни и да можат да споделат уште неколку мига во разговор и взаемни погледи со своите најблиски. Не можам да застапам став за или против евтаназија – но сметам дека сепак секој има право на избор и покрај тоа што не постои таков закон.

## Теориските аспекти на клонирањето како современ морален предизвик

### Поим-Клонирање

Околу зборот клонирање постои голема возбуда. За жал, тоа е термин кој често се користи од луѓе кои не го знаат неговото суштинско значење, па и се злоупотребува. Имено, постојат различни видови на клонирања. За некои клонирањето човечки организам претставува грев, додека за други, тоа е револуција во науката.

Клонирањето на гени е техника на инсертирање (рекомбинација на гени ДНК во нефертелизирана јајце-клетка на која претходно и е отстрането јадрото, а токму во јадрото на клетките е содржана целата ДНК.

Денес, најчесто се користи терминот nuclear transfer (пренос на јадрото) за да се опише техниката на клонирање. Сепак, последниве години почна да се врши научно клонирање. Ова технолошко клонирање предизвика бурна дебата, но всушност има три различни типови клонирање, кои даваат три многу различни исходи.

Клонирањето ембриони е слично на процесот на создавање идентични близнаци. Клетки се отстрануваат од зачнат ембрион и се одржуваат за да се развијат во дупликат-ембриони со идентична Дезокси-рибонуклеинска киселина (ДНК). Овој метод има широка примена во размножувањето животни и бидејќи нема уништување на ембрионите, а човечките експерименти се реткост, покренува само мала дебата. Но, другите две форми на клонирање- репродуктивно и терапевтско, се многу контроверзни поради методите што се користат и посакуваните резултати од нив (Harris,1999:18).

Репродуктивното клонирање е дискутабилно, бидејќи е наменето за создавање дупликат на постоечките животни. ДНК се отстранува од јајце-клетката и се заменува со ДНК од возрасно животно, со што се создава генетски близнак. Потоа, оплодената јајце-клетка се внесува во утробата и се остава да се развие во ново животно. До раѓањето на овцата Доли во 1996 година, постоеше сомневање

дека ова клонирање би било можно и кај цицачи, но сега некои научници се обидуваат да клонираат човечко суштество.

Терапевтското клонирање во почетните фази е исто како репродуктивното клонирање, но штом ќе се создаде ембрионот-копија, веднаш се отстрануваат неговите основни клетки. Матичните клетки може понатаму да прераснат во каков било вид клетки, така што истражувачите се надеваат да ги развиваат и да ги употребуваат како замена за оние што се ослабнати или оштетени.

Ова може да биде силно и сестрано помагало во борбата со разни болести. Но, ембрионот-копија, што некои веќе го сметаат за жив организам со право на живот, се уништува во текот на процесот. Значи треба да се прави разлика помеѓу репродуктивното, терапевтското клонирање и рекомбинирање на ДНК.

Репродуктивното има за цел создавање на нови единки, со терапевтското се произведуваат келии со кои би се лечеле болести, а рекомбинирањето на ДНК се користи кај клонирање на бактерии (би можело да се употреби и во немедицински цели, на пример, во чистење на загадувањата на животната средина) (Crow,2004:35-42).

Причините против репродуктивното клонирање, кои ги наведува „American Medical Association„:

- Непознати физички оштетувања кои би можеле да бидат предизвикани
- Можни психосоцијални проблеми,
- Нарушување на автономијата и приватноста,
- Влијание на семејните и општествените односи,
- Влијание на вкупниот човечки генетски материјал.

Разликата помеѓу терапевтското и репродуктивното клонирање е круцијално разбирање на дебатите околу науката, етиката и политиката на самата процедура.

**Предности на клонирањето**

Приврзаниците на клонирањето велат дека постапката може да понуди безброј предности во иднина. Терапевтското клонирање би можело да создаде совршени органи за пресадување или клетки за лекување на дегенеративни состојби кај човекот како Алцхајмеровата болест. Репродуктивното клонирање

може да им овозможи на неплодните двојки да добијат бебе или да ги заштити загрозените видови.

Клонирањето може да биде идеален начин за масовно размножување на животни што се одгледуваат на фарми поради одредени квалитети, како крави со висока млечност. Според противниците, сите предности на клонирањето се фрлени в сенка од моралните аспекти и стравот дека научниците „си играат Господ„.

При клонирањето на основни клетки се уништуваат ембрионите што се користат, додека репродуктивното клонирање ги става во опасност животите и на мајката и на клонот, со многу неуспешни обиди. Критичарите исто така велат дека клоновите може да страдаат од невидени физички и ментални проблеми. Многу стручни лица сметаат дека дебатата „за„ и „против„ клонирањето ќе биде битката што ќе ја одреди применетата биотехнологија во 21-иот век.

**Односот на Црквата и човештвото кон луѓето клонови**

По повод филмските остварувања и дебатни емисии за клонирањето луѓе и реакциите за нив: ″клоновите се т.е. би биле бездушни, безперсонални монструозни суштества, ала созданието на др. Франкенштајн". Секоја човечка индивидуа е неповторлива персона/личност заради нејзината посебна историографија која се одвива во различно време, во различен простор во контакт со различни личности во и на различни настани. А душата Бог му ја доделува на секое совесно човечко битие при самата негова концепција/зачнување без разлика од каков тип на клетка е создадено.

Во текстов ќе биде изложена само суштината на нештата. Ако Бог промисли или пак допушти човекот да се создава и по пат на клонирање, како што е тоа и во случајот зачнување на нов човек по пат на вештачко оплодување, во епрувета/ин витро, тогаш црквата е должна првоспомнатиот да го прифати во Телото Христово како и второспомнатиот, без разлика на неговиот животен век и здравствен статус.

Двата случаја се разликуваат само во следнава работа: Добивање човек од две полови клетки- машка и женска- кај оплодувањето во епрувета, а кај клонирањето една полова т.е. женска јајце полова клетка и една соматска/телесна

или пак од две соматски/телесни! Нема да ги наведуваме начините со кои што се изведуваат двата процеса коишто и самите секојдневно доживуваат своја евалуација, а нема ни да биде чудно ако научниците утре измислат и некој трет пософистициран процес.

Знаејќи ги овие факти Црквата, но и целото човештво воопшто не треба да се плаши од евентуалната иднина која можеби ни е на прагот. Секако дека клонирањето луѓе е со закон забрането но никој не знае дали постојат илегални истражувања и дали меѓу нас веќе шетаат луѓе кои биле конципирани по пат на клонирање. Тие само по својот фенотип би биле идентични на својот донатор, а за персоналноста кажавме погоре. Сите знаеме за клонираните крави чиј здравствен статус е сосема нормален со единствена "мана" што давале помалку млеко. Можеби уште утре ќе се клонираат крави со подобар млечен принос.

Во неделата на 25 ноември 2001 година светските медиуми ја објавија следната сензационална вест:

Во САД беше произведен првиот клониран човечки ембрион во една приватна биотехнолошка компанија што се надева дека ќе развие ембрионски коренски клетки (клетки од кои се развива одреден орган) за лекување на болести, но признаа дека добиеното живо ткиво може потенцијално да стане човек. Објавата на фирмата „Напредни клеточни технологии" (АЦТ) од Ворчестер во Масачусетс беше долгоочекувана, но со страв, и сигурно ќе предизвика бурни реакции од сите страни. Дојде во време кога владите набрзина се обидуваат да донесат закони што ќе ги елиминираат дупките во законите за да се забрани ставањето на такви ембриони во женска утроба во Британија (законот беше донесен по експресна постапка на 26 ноември, а сличен закон, за забрана за клонирање на луѓе, беше усвоен со големо мнозинство во Американскиот Конгрес, а се очекува до крајот на годината да помине и во Сенатот), (Cibelli, 2007:89-121).

Вивиен Нејтансон, секретар за етика на Британското медицинско здружение, изјави дека откритието ја нагласува потребата од посилни прописи за да може терапевтското клонирање за вадење ембрионски клетки за спасување на живот и лекување, што е генерално поддржано од јавноста, да продолжи, а репродуктивното клонирање, на кое поголемиот дел од јавноста се противи, да не

се развива. „Главно е да не се донесе каква било забрана, туку прописи за регулирање. Значи, треба да има инспекции во сите лаборатории што работат на терапевтско клонирање за да биде сигурно дека ја вршат работата на високо морално ниво". Но Џон Смитон, национален директор на Здружението за заштита на неродените деца изјави: „Ова е открите што вознемирува. Потребно е темелно менување на владините закони за да се забранат сите видови човечко клонирање, и експерименталното, и клонирањето за раѓање деца" (Human cloning foundation).

Најпривлечното нешто во генетиката е можноста да се реплицираат големите умови од минатото. Замислете си „повторни изданија" на Цезар, Конфучиј, Да Винчи, Наполеон.. од љубопитност. А за корист, на Њутн, Ојлер, Гаус или Максвел. Оттука до остварувањето на замислата на „општото дело", односно биолошкото воскреснување на сите предци, не е далеку. Но, кој гарантира дека ќе се множат само луѓе од добар материјал? Што ако се направи војска од глупави, но послушни Шварценегери? Или ако богатите си направат „фарма на клонови" од кои ќе си жнеат резервни органи и ќе си обезбедат бесмртност?

Прво, за копирање на некоја единка не е доволно да се има само нејзината ДНК, неопходно е да се има и нејзино клеточно јадро способно за живот, а тоа е многу построго барање, затоа што јадрата можат да се сочуваат само во посебни услови. Доволно е да се каже дека на температура пониска од нула јадрото пропаѓа и престанува да биде погодно за клонирање. Значи, отпаѓа клонирањето диносауруси (како во „Паркот Јура") и големите математичари на минатото. Второ, дури и оние луѓе што ќе успеат да се зачнат „во епрувета", и тоа од телесна клетка, сепак некој ќе мора да ги раѓа, што значи дека „масовно производство" на Шварценегери или Ајнштајни, како што предвидуваат новинарите, сепак нема да има. Затоа што жените можат и да одбијат да бидат инкубатори на такви деца.

Постои и трет момент: клонирањето всушност е репликација само на телото, не и на душата. Во еден организам, сличен на организмот на Шварценегер, ќе има сосема друга личност, можеби сосема лишена од актерски способности, така што нема да биде вистинско „второ издание". Освен тоа, „копијата" на овцата Доли е сосема различна по карактер од „оригиналната", необично е агресивна, вистински волк во овча кожа.

Како што гледаме, рано е да се крева паника. Сепак, еден аспект на клонирањето мора да се спречи, создавањето на живи носители на „резервни делови“. Законодавците тука навистина имаат што да се замислат.

Што велат православните извори на оваа тема. Од каде потекнува идејата за создавање на вештачки човек?. Изгледа дека ДНК е ново име на божеството од словенскиот пантеон што се викало Род. Интересно е што зборот „ген“ во превод значи „род“. Според паганскиот светоглед, Род е добар бог што се грижи за множењето и здравјето на племето. Кога ќе остари, се претвора во добар домашен дух. Не е случајно што списанието „Наследството на предците“, што во Москва го издава една група интелектуалци неопагани, го поздравува клонирањето како решение на проблемот на „расната чистота“. „Во паганството луѓето им се слични на боговите и имаат право сами да решаваат за својата судбина. Затоа ниедна паганска религија никогаш не го забранувала стерилизирањето, а нема да го забранува ни клонирањето, затоа што ниеден пагански бог нема да се одрекне од тоа што поголем број луѓе да личат на него“.

Што е со науката што ги истражува овие работи?. Може да се забележи дека науката воопшто не е чисто незаинтересирано набљудување на природата, туку е многу тесно поврзана со моралот и религиозните импулси, а уште почесто со неморалните и нерелигиозните. Така, научната револуција на 17 век била тесно поврзана со отпаѓањето од верата во Божјото Откровение и сè поголемата вера во човечката способност да ја открива вистината со својот сопствен ум, без помош од Божјиот Логос.

Дарвиновата револуција од 19 век исто така била тесно поврзана со желбата да се докаже самостојноста на човекот и неговиот неизбежен напредок кон сè поголеми морални и духовни височини - повторно само со своите напори (или попрво по слеп случај). Сега генетската револуција од подоцнежните години на 20 век ја подигна човековата самостојност до обоготворување, откако го сведе целиот живот на „себичниот ген“, си даде за право да господари со самиот ген - се поради најниски и најсебични цели (Howard,1997:78-84).

Секоја од фазите на научно-хуманистичката револуција изгледа оправдувала еден дел од човековата падната природа, однесувајќи се како човековата природа

всушност да не паднала. Њутновата физика од 17 век го востанови верувањето во науката како таква, а исто така и во моќта на умот, за кој од Тома Аквински наваму се тврди дека не паднал со падот на Адам. Дарвиновската биологија на 19 век ја оправдува човечката агресија на индивидуално ниво и злосторничкото натпреварување на ниво на корпорации и нации.

Законот на опстанокот на најспособните покажа, нели, дека само агресивните и немилосрдните останувaат, а кротките не само што не ја наследуваат земјата, туку и се истребуваат? Најпосле, Вотсоновата генетика на 10 век ги оправда дури и најниските човекови желби, покажувајќи му дека не може да се спротивстави, дека нема од што да се срами затоа што сето тоа му е запишано во гените. А, ако од некоја хедонистичка причина (причина од морална природа не може да има, зашто, како може некој да морализира за Мајка Природа?) не му се допаѓа наследената мостра на желби и може да ја измени со комбинација на хирургија и генетска и хормонска терапија (Moss, 2006).

Што треба да мислат православните христијани за оваа перспектива? Првата реакција, се разбира, е ужаснатост пред фактот дека луѓето сакаат да си играат Бог и сериозно размислуваат за такви експерименти за повторно создавање на човечката природа, покрај кои Хитлеровата еугеника (наука за методите за поправање на расата) изгледа како детска игра (Polsek, 2004:67-94).

Разумниот одговор треба да ги следи двата основни принципа на православната антропологија: (1) бесмртноста и релативната нематеријалност на душата и (2) неморалноста на кој било обид да се смени природата на полноста, дотолку што полноста симболизира непроменливи и вечни односи во Божјиот поредок на нештата.

Бидејќи телото било создадено од земјата, душата била создадена така што Бог го вдахнал Својот здив во телото, и затоа таа не умира со телото. Како што вели Соломон „И ќе се врати правот во земјата, како што си бил; а духот ќе се врати кај Бога, Кој го дал" (Проп. 12,7). Душата ослободена од телото на тој начин е сосема свесна.

Бидејќи е така, клонирањето на човечко суштество, ако претпоставиме дека е можно, би било клонирање само на физичката природа, на неговото тело, не и на

неговата душа. Душите не можат да се клонираат зашто се нематеријални. Дури и кога клонираното суштество би зборувало и би се однесувало како човек, тоа во најдобар случај би било само друг човек, со друга душа, исто како што близнаците родени од една оплодена јајце клетка сепак се две различни човечки суштества со две различни души.

Во најлош случај, би можело тоа воопшто да не биде човечко суштество, туку демон населен во човечко тело што немало човечка душа. А, ако ова ви изгледа фантастично, може да се потсетиме на мислењето на познатиот лутерански истражувач на окултното, пасторот Курт Кох, којшто во 1970-тите тврдеше дека таканаречените „воскреснувања од мртвите" во Индонезија всушност биле случаи на демони што влегле во трупови и ги „оживеале". А неодамна, на една програма на британската телевизија, се расправаше за можноста такви „зомби" да живеат во Централна Африка. Но, вистински воскреснувања од мртвите може да изведе единствено Бог, затоа што луѓето може да имаат извесна моќ над телото, но Бог е Господар на духовите и телата и само Тој може или да го прати духот во новообликуваното тело, или да го врати духот на телото на покојниот (Jones,1994:37-52).

Според св. Ефрем Сириски единствената работа што антихристот не може да ја направи е кревањето од мртви. Може да бидеме сигурни дека никој, дури ни антихристот, никогаш нема да може да создаде ново човечко суштество што има и душа и тело, и тоа од една ќелија на некое друго човечко суштество, иако можеби ќе може да создаде нешто што ќе изгледа како вистински клон, зашто во тие денови со големи знаци и чуда ќе сака да ги излаже, ако може, дури и избраните (Мат. 24,24).

Американските и италијанските генетичари прогнозираат дека клонираниот човек може скоро да се појави. Имајќи го тоа в предвид, експертите од Универзитетот на Соединетите нации, подготвила тематски извештај за клонирањето за лидерите на државите членки. Една од четирите автори на тој извештај, Чамундисвари Купусвами, изјавила дека реалноста е таква што клонираниот човек може да се појави пред меѓународната заедница успее да разработи законски рамки за клонирање.

Се апелира до државите да воспостават законски рамки за клонирање кои ќе бидат во рамки на обединетите нации. Пред човештвото е избор-или целосна забрана на секое клонирање или ограничување на клонирањето само во терапевтски цели, односно, за клонирање на одделни човечки органи.

Во спротивно, Обединетите нации, наскоро ќе бидат приморани да донесат конвенција за заштита на правата на клоновите. Речиси сите влади се против клонирање на луѓе, но многу земји инсистираат на слобода на научното истражување во областа на клонирањето, тврдејќи дека тоа е во интерес на човекот, бидејќи може да помогне во лечење на генетски болести.

Велика Британија и Јапонија допуштиле тераписко клонирање, но забрануваат внесување на ембрион во матката. Во Канада, обид за вештачка репродукција на човек, се казнува со затвор од траење од 10 години и парична казна од пола милион канадски долари. Шведска и Швајцарија целосно го забраниле клонирањето. Кина во почетокот се залагала за забрана, но потоа дозволила клонирање поради добивање на органи. Франција дозволила истражувања на ниво на ќелиите на ембрионот. Клонираната овца Доли, се појавила 1996 година, живееше само 6 години, што е двјно пократко од просечната должина на животот на овцата-12 години (Moore,1998).

Одредени противници на клонирањето, тврдат дека клонираните луѓе би можеле да се родат без душа. Иако не постои начин да се утврди дали постои душа или не, без сомнение спекулациите на оваа тема ги делат луѓето во два непомирливи табори. Прв пат во светот се изврши клонирање на човек, по барање на брачен пар кој сакал „повторно да го создадат„ нивниот десетомесечни син кој умрел при операција на срцето. Брачниот пар платил 300 000 фунти за финансирање на овој проект на „Клонаид„ (комерцијална организација, која е регистрирана на Бахамите). Ангажирани се генетичар, биохемичар и стручно лице за оплодување- заеднички да работат на создавањето на генетска копија на мртвото бебе.

Основното етичко прашање поврзано со современата биотехнологија е како рационално да се искористат предностите кои генетското инжињерство и клонирањето ги нудат, а при тоа се спречуваат негативните последици на овие нови

технологии за човекот и неговата животна средина. Јасно дефинираната проблематика и изнаоѓањето на можни решенија би допринело објективно информирање на јавноста по пат на ефикасна едукација, како и прецизно формулирана законска регулатива во оваа област (Palmer,1991:83).

Терминот етика се однесува на збир на непишани ставови и сфаќања за тоа што е добро (исправно), а што е лошо (неисправно). Во својот еволутивен развој, етичките ставови и сфаќања со времето прераснуваат во пишана законска регулатива. Опстанокот на животинските видови се остварува на сметка на индивидуалната борба за опстанок. За разлика од животинската, хуманата популација функционира на база на заеднички интерес, кој е над поединечното.

Посматрајќи го историјатот на цивилизацијата, заедничкиот интерес во почетокот се манифестирал низ заедничка борба за храна или територија на еден чопор против друг. Постепено дошло до формирање на една единствена мегапопулација. Логично би било да се очекува дека формирањето на мегапопулација ја прати унификација на морални и етички норми. Реалноста е поинаква.

Во мегапопулацијата постојат безброј заедници со сопствени интереси, а согласно со тоа и свои морални и етички норми. Некои од интересите на тие заедници се поклопуваат со интересите на други заедници, а некои се разликуваат. Во таа ситуација не е можно да се дефинира единствени хумани етички и морални норми на ниво на мегапопулација, туку една иста појава да се посматра од различни аспекти. Етичките аспекти за клонирањето се пример за различни, често пати целосно спротивни приоди.

## ЧЕТВРТИ ДЕЛ
## ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА И ЕТИЧКАТА ОДГОВОРНОСТ

Последниве години во областа на човековите права се развиваат тенденции, кои од верниците се оценуваат, во најмала мерка како двојни. Од една страна, човековите права му служат на доброто. Освен тоа, човековите права им објавуваат војна на различните злоупотреби, на понижувањата и злото, кое во општеството се врши против личноста.

Но, од друга страна, ние стануваме сведоци, дека под концепцијата на човековите права се прикриваат лага, неправда, повредување на религиозните и националните вредности. Освен тоа, во комплексот на права и слободи постепено се инволвираат/интегрираат идеи кои се противречни не само на христијанските, туку и воопшто, на традиционално етичките претстави на човекот.

Последново предизвикува особена опасност, бидејќи зад човековите права стои принудната сила на државата, која може човекот да го принудува да прави грев, да сочувствува со гревот или да му попушта поради банален конформизам. Сето ова ја поместува темата на човековите права од чисто политичката област во областа која ги засега прашањата на животот и судбината на човекот, или кажано на црковниот јазик-спасението на човекот.

Сотирологијата или учењето за спасението е во центарот на христијанската проповед. Во врска со тоа, за свеста на верникот е важно да се одговори на следните прашања: Дали признавањето и следењето на нормите на концепцијата на човековите права влегува во противречност со Божјата замисла за човекот, во оној вид во кој таа концепција секогаш се вплотува во меѓународното и националното законодавство?.

Колку човековите права можат да го помагаат или да го попречуваат животот на христијанинот и воопшто, на верникот, согласно неговата вера?.

Постои мислење дека човековите права се универзална норма. Не може да постои православна, исламска, будистичка, руска или американска концепција на правата на човекот. Тоа внесува релативност во разбирањето на човековите права, а

следствено-суштествено го ограничува неговото функционирање во меѓународниот живот. Така размислуваат многу политичари и општествени лидери. Навистина, може да се разбере желбата да се зачува универзалниот карактер на концепцијата на правата и слободите, кој не би зависел од никакви промени.

Од своја страна, ни православните луѓе немаат ништо против постоењето на некои универзални правила на однесување на современиот свет. Но, тие правила мора да бидат навистина универзални. Се појавува прашањето: Такви ли се правата на човекот кои претендираат на таа улога во современото изложување?

Се работи за тоа, дека оваа концепција е родена и развиена во западните држави со нивната особена историска и културна судбина. Треба да се признае дека во тие држави таа имаше свои успеси, но ги покажа и своите недостатоци. Имено, неретко со зголемениот степен на индивидуализам се објаснува демографското опаѓање, асоцијалното и неетичкото однесување, односно сето она што денес претставува општествена норма на Западот.

Но, значи ли тоа дека, дека западните стандарди за човековата среќа се погодни за сите држави и за сите култури? Другите цивилизации, исто така, имаат свое политичко искуство од општествениот живот. Зошто тие немаат право да го кажат својот збор?. Секако, имаат. Тоа е право на секој народ (Devine,1999:126).

За да може христијанската цивилизација да го каже својот збор за правата на човекот, неопходно е да се направи внимателна анализа на оваа концепција во нејзината современа состојба. Пред сé, неопходен е разговор за филозофските идеи кои лежат во основата на концепцијата на човековите права, а потоа влијаат на нејзиниот развој и примена.

Централниот поим на современата концепција на правата на човекот е поимот - „човеково достоинство„. Достоинството на човекот е главен мотив и оправдание за постоењето на правата и слободите. Имено, заради заштитата на човековото достоинство се формулираат едни или други права и слободи. Во историскиот развој на западните држави списокот со права и слободи се ширел, опфаќајќи сé понови и понови сфери на општествениот живот. Така се појавиле политичките, економските, културните и социјалните права. Овој процес покажува, дека во историјата настанува постепено појавување на нови гранки на човековото

достоинство. Во последниве години особено се заостриjа прашањата за односите меѓу половите, за статусот на човековиот живот, за биоетиката. Со други зборови, надоаѓа ново поколение на човекови права - права поврзани со определбата на тоа, што е човекот на ниво на неговата природа. Затоа денес, како никогаш, е важно да се направи обид за објаснување; што е тоа човеково достоинство (Gostin, 2002:74-99).

Во различни јазици зборот достоинство секогаш бил поврзан со определена социјална позиција, што ја заземал човекот. Да се дејствува согласно своето достоинство значело да се постапува во согласност со правилата и обврските кои и припаѓале на позицијата што ја заземал.

Самиот збор „достоинство„ го означува „она што заслужува почитување и чест и она што има поголемо значење и вредност„. Така, во овој збор се соединуваат две смисла. Како прво, тој значи дека некој субјект има вредност. Како второ, достоинството означува соодветен живот на субјектот со таа вредност. За православната традиција многу важно е востановувањето на соодносите меѓу овие два аспекта на достоинството.

Во христијанската култура вредноста на човекот е утврдена и објективна. Човекот припаѓа во Божјото создание, за кое Господ рече, дека „е добро„ (Бит.1,25). Но, оценувајќи го човекот, Бог него го одделил пред целото создание, како што е кажано во книгата Битие, дека по создавањето на првите луѓе, Бог ги благословил (Бит. 1,28). Тоа значи, дека Бог му посакал добро на човековиот род, а Божјото посакување има неизменлива сила. Така, вредноста на човекот се определува со неговата вредност во Божјите очи. Потврда на ова е присуството на печатот на самиот Бог во човековата природа-Неговиот образ/икона.

Дури гревопадот на човекот не ја смалил таа вредност. Бог не го уништил човекот што отстапил од Него, но направил и продолжува да прави сé за неговото враќање кон својата предназначеност, т.е. сé за спасението на човекот. Господ Исус Христос ја примил човековата природа и очистил од гревот. Боговплотувањето сведочи за највисоката вредност на човековата природа, која беше примена од Исус Христот и вклучена во животот на Триедниот Бог.

По создавањето човекот не бил просто вреден пред Бога, туку и со својот живот бил соодветен на таа вредност. Со други зборови, тој имал достоинство.

Задача на човекот било да расне во тоа достоинство. Во книгата Битие се кажува дека Бог го поставил човекот на тој пат, го благословил да го обработува створениот свет. Присуството на Божјиот образ во човековата природа ја означува неминливата вредност на човекот, а подобието ја означува задачата за развивање на таа вредност.

Според зборовите на предподобен Јован Дамаскин: „Изразот: според образот-го означува уподобувањето во добродетелта, колку што тоа е можно за човекот„. Така, во процесот на својот живот човекот е должен сé повеќе да се уподобува/да станува сличен на Бога, што значи да расте во своето достоинство.

Што се случило? Иако човековата природа како носител на Божјиот образ продолжуваше да има вредност во Божји очи, самиот човек престана да биде соодветен на вредноста на својата природа; што значи дека во значајна мерка го изгубил достоинството. Целта за човекот сега се состои во враќањето и умножувањето на изгубеното достоинство.

Во врска со кажаното, не сите постапки на човекот може да се сметаат соодветни на нормите кои биле заложени од Бога при неговото создавање. Следствено, постојат дејства кои не можат да се сместат во сумата на права и слободи на човекот.

Најважно во процесот на враќање на човекот кон своето достоинство е насоченоста на човековата волја. Човекот има слобода, без која не е можна и самата Божја помош во исправањето на човекот. Благодарение на својата слобода човекот има избор - да го следи доброто и така, да се враќа себе си во достоинството или да го избира злото и така да го уништува достоинството. Не може да се одрекува дека и во современата хуманистичка мисла постои разбирањето дека човекот постојано се наоѓа пред изборот меѓу лошите и добрите постапки. На таа основа постојат норми на однесување, обезбедени со закони, а исто така постојат и казниви постапки.

Сепак, разликата меѓу секуларниот хуманизам и религиозната традиција се однесува на решението на прашањето за тоа, што да се смета за авторитет во определувањето на доброто и злото (Barrett,2004:85-92).

Во современото западно мислење, уште од времето на Жан Жак Русо, некако цврсто се вкоренила претставата за тоа, дека е доволно да се обезбеди слободата и на личноста да и се дадат права, а таа самата неизбежно ќе го избере доброто и полезното за себе. Затоа, никакви надворешни авторитети не треба да и укажуваат што е добро, а што зло. Човекот сам ги определува етичките норми на однесување. Тоа се нарекува етичка автономија на човекот. И таквата автономија може да биде ограничена само од автономијата на друг човек.

Тажната последица од таквиот антропоцентричен пристап се состои во тоа, што денес во многу земји се гради општествен систем кој го предвидува гревот и се откажува од задачата да го помага етичкото усовршување на личноста. Општеството, па и нашето, се соочува со циничен фалсификат. Дозволеноста на неетичноста се оправдува со учење за достоинството на човекот, кое како што рековме, има религиозни корени.

Навистина, човекот има целосна автономија во прифаќањето или неприфаќањето на едни или на други правила. Имено, Бог го надарил човекот со таа способност за самоопределување. Тоа е слободата пред која запира самиот Бог. Сакам да истакнам, дека оваа теза христијанството не може да ја оспорува во дијалогот со секуларниот хуманизам. Тоа го оспорува тврдењето за способноста на човекот автономно да прави избор, неизбежно соодветен за негово сопствено добро.

Самиот по себе човекот во состојба на грев не може секогаш јасно да распознава, што е добро, а што зло. Не затоа што човекот е глупав, туку затоа што неговиот разум, волја и чувства, се наоѓаат во сферата на дејството на гревот и човекот погрешува во определувањето на животните цели. Трагедијата е во тоа што, во човекот се чува само претставата за постоењето на доброто и злото, но тој не секогаш е способен јасно да распознава што е добро, а што зло. Бог му помага на човекот да ја зачува таа способност на распознавање преку своето Откровение, кое

ја содржи сумата на добро познатите и признати од сите религиозни традиции-етички правила.

За верниот човек, кој вака го осознава проблемот на волјата, предизвикува сомневање тезата за тоа, дека етичкиот антропоцентризам се јавува како универзален принцип кој ја регулира општествената и личната дејност. Најважен критериум кој помага во разликувањето меѓу доброто и злото е -совеста. Народот не вели напразно: Совеста е Божјиот глас, зашто во гласот на совеста се познава етичкиот закон кој Бог го заложил во човековата природа. Затоа човекот во својот етички избор мора да се раководи и од надворешни критериуми, и пред се, со заповедите кои се дадени од Бога. Во тој однос, важен факт е тоа што во рамките на десетте заповеди сите основни религии на светот се совпаѓаат меѓу себе во определувањето на доброто и злото.

Така, религиозната традиција во себе го содржи критериумот за разликување на доброто и злото. Од гледна точка на таа традиција не можат како норми да се признаваат, подбивањето со абортусите, хомосексуализмот, евтаназијата и другите видови однесување кои денес активно се заштитувани од позиција на концепцијата на човековите права.

Денес, за жал, како смена на апсолутизацијата на државата, карактерна за новото време, доаѓа апсолутизација на суверенитетот на одделната личност и нејзините права без етичка одговорност. Таквата апсолутизација може да ги урне основите на современата цивилизација и да ја одведе во погибел. Како што е познато, погазувањето на етичкиот закон одвело многу силни народи и цивилизации во крах и исчезнување на лицето на земјата.

Без етичкиот контекст човештвото не може да живее; со никакви закони не ќе го зачуваме општеството животоспособно, не ќе ја запреме корупцијата, злоупотребата на власта, распадот на семејството, абортусите, уривањето на природата, појавата на воинствениот национализам, ксенофобијата и навредувањето на верските чувства. Ако човекот не гледа дека прави грев, тогаш нему сé му е дозволено.

Неоспорно е дека нестабилно и античовечно е она општество, во кое човекот е презиран, а сите права над човекот ги има општеството и колективот. Но,

античовечно станува и она општество, во кое човековите права стануваат инструмент за распуштање на инстинктот, а поимите за добро и зло се помешуваат и се истиснуваат од идејата за етичка автономија и плурализам. Таквото општество ги губи лостовите за етичка реакција на личноста. Во цивилизираното општество (да го наречеме така) мора да се зачува балансот меѓу овие полови. Тоа мора да тргнува од разбирањето, дека секој човек по својата природа има неминлива вредност и истовремено, од тоа, секој човек е повикан да расне во достоинството и да сноси одговорност, како пред законот, така и етичка одговорност за своите постапки.

Според кажаното до сега, се појавува многу важно прашање: Како да се обезбеди слободниот избор на човекот, а истовремено да се подржи и етичкиот правец на тој избор? На тој пат се важни и човечките напори и Божјата помош. Секако, на прво место треба да се постави Божјата помош, која му се дава на човекот во религиозниот живот. Општењето на човекот со Бога му помага да научи да ги разликува доброто и злото, а исто така да има сила да прави избор во полза на доброто. Во молитвата, во мистичниот живот на Црквата и добротворењето, настанува соединување на човекот со Бога, односно му доаѓа помош во творењето на доброто. Имено, затоа за верниот човек религиозниот живот и сите поими поврзани со него добиваат првостепено значење.

Религиозниот живот покрај слободата станува главен услов за благосостојбата на човековиот живот на земјата и во вечноста. Но, важни се и човековите напори. Тие мора да бидат насочени во градење на општествените односи, кои од една страна би ја обезбедувале слободата на личноста, а од друга, би и помагале да ги следи етичките норми. Веројатно, би било неправилно да се применува кривичното право за хазардните игри, за евтаназијата, хомосексуализмот, но и не може тие да се прифаќаат како законодавни норми, и што е уште поважно, во својство на одобрувана норма.

Но, што се случува, кога се донесува закон кој официјално ги дозволува ваквите форми на однесување? Тие не остануваат само дел со кој се користат мали групи кои веќе го направиле својот избор. Тие закони стануваат основа за незадржлива пропаганда на таквите форми на однесување во општеството. А,

бидејќи гревот е привлечен, тој бргу заразува значителни слоеви на општеството. Уште повеќе, ако во таа пропаганда се вложуваат големи пари и се користат напредни начини за влијаење врз човековата свест. Така се случува, на пример, со хомосексуализмот.

Резолуцијата донесена од Европарламентот, пропишува во школите да се воведе воспитување во духот на прифаќање на хомосексуализмот и дури се фиксира ден во годината кој ќе биде посветен на борбата против хомофобијата. Што се добива? Општеството не само што не се повикува кон почитување на животот на определено малцинство, туку му се наметнува пропагандата на хомосексуализмот како некаква норма.

Се обидов да ги обележам оние опасности кои се појавуваат за верните луѓе, ако пристапот кој не е балансиран од етичките норми, почне да претендира на единствено вистинито разбирање на човековите права. Согласно таа логика, сите други традиции мораат да замолчат и да се покорат. Ова не се измислици. Јас не го преувеличувам диктаторското расположение на припадниците на ваквото читање на човековите права. Ваквиот пристап веќе самоуверено си го пробива патот во современото меѓународно законодавство.

Така, Парламентарната Асамблеја на Советот на Европа во 2005 година, ја донесе резолуцијата „Жените и религијата во Европа„ во која се вели: „Слободата на вероисповедањето е ограничена од слободата на човековите права„. Со ова религиозниот живот се поставува во потчинета положба во однос на човековите права. Така, ако религиозниот живот не одговара на определено разбирање на слободата, тогаш тој мора да се измени. За верниот човек ова звучи како повик кон непослушност кон Божјата волја.

Притоа, ќе истакнам дека за појавувањето на таквата норма би било неправедно да се обвинува самата концепција на човековите права. Во дадениот случај со човековите права се прикрива определена философија, која е застапена од мал круг на луѓе.

Сепак, нормите на религиозната традиција за верниот човек се повисоки од земните закони. Ако денес не се „симне„ тој опасен фитил на секуларниот хуманистички пристап кој продира во меѓународното право, тогаш автоматски ќе

избие конфликт. Слава му на Бога, во случајот со резолуцијата на Советот на Европа нејзините положби немаат правни последици, но тие создаваат определена клима во општественото мнение. Постои уште една либерална теза која претендира на универзалност. Таа гласи: Правата на човекот превалираат над интересите на општеството. Неа во 2005 годија, ја повторија во декларацијата на UNESCO по универзалните принципи на биоетиката во следниот облик: „Интересите и доброто на индивидуата мора да преовладаат над единствениот интерес на науката или општеството„. Сосем очигледно е дека таквата теза има позитивно значење кога станува збор за донесување од државните или општествени структури на решенија кои го засегаат животот и благосостојбата на одделни граѓани. Општеството е должно да го цени секој човек и сечиј живот.

Но, тој пристап е многу опасен, ако човекот почнува да го гради своето однесување тргнувајќи од приоритетите на своите интереси над интересите на општеството. Тоа ги стимулира само егоизмот и индивидуализмот. Од своја страна, Православието секогаш ја поддржувало жртвената љубов кон ближните, што значи кон своето семејство, кон поместната општина, татковината. Затоа, како што нам ни изгледа, би било правилно слободите и правата секогаш да бидат избалансирани со општествената солидарност.

Православните верници секогаш се подготвени да го разберат светогледниот избор на другите народи. Но, тие не можат да молчат кога им наметнуваат туѓи норми, кои се противречни на основите на православната вера. Мислам дека вака размислуваат и муслиманите, будистите, јудеите и претставниците на другите религии. Затоа, за да се избегне конфликтот во современиот свет, неопходно е интензивно да се работи на хармонизацијата на различните светогледни системи. Општите принципи на животот на светската коегзистенција мора да бидат изработувани заеднички од различните цивилизации.

Како може да биде устроено современото општество, во кое човековото право хармонично би се соединило со етичноста?

Пред сé, законодавството мора да биде чувствително кон етичките норми кои владеат во општеството. Секако, државниот апарат не е должен сам да определува што е добро, а што лошо, но исто така, во законодавството мора да

бидат одразени етичките норми кои ги споделува мнозинството во општеството. Ако општеството смета, дека разгорувањето на страстите на алкохолизмот и експлоатацијата на половиот инстинкт во комеријални цели е неприфатлив, тогаш треба да се најдат соодветни норми кои ќе ја забранат рекламата во тој дух.

Како второ: треба да биде исполнет вакуумот на етичкото воспитание во нашето општество. Слободата и правата се големо достигнување на човековата цивилизација, но граѓаните мора да се подготвуваат за да се ползуваат со тие права со обзир на етичките норми. А со таква подготовка должна е да се занимава државата во тесна соработка со општествените институции за етичко воспитание, вклучително и школите, и секако со религиозните заедници на државата. Последново значи дека државата е должна да се зафати со разработка на законодавни акти кои го регулираат пристапот на религиозните организации во општествените структури за образование, за социјална служба, во здравството.

Притоа во сите наброени сфери се должни да се трудат сите религиозни заедници на државата во мерката која е соодветна на нивното претставништво во државата. И најважното: Во тие сфери категорички мора да биде исклучено натпреварувањето во мисијата, за да се избегне меѓуконфесијалната спротивставеност, до која неизбежно ќе доведе борбата на религиозните организации за нови следбеници.

Конечно, денес во работата за хармонизирање на човековите права и етичноста многу важна позиција имаат средствата за масовно интересирање. Тие треба да претставуваат позитивни примери на користење со слободата. Како човекот ќе ја користи слободата етички, ако телевизијата му ги демонстрира потрошувачката, насилството, развратот, и другите пороци, во својство на успешен животен стил? За свое оправдување луѓето од телевизијата и воопшто сите медиуми велат, дека таквата продукција е барана и добро се продава. Никој не порекнува дека порокот лесно се продава, бидејќи лесно се восприема од човекот кој е склон кон грев. Од дамнини таквите дејства се наречени соблазни/наведување на грев.

Сепак, не е вистина дека човекот е во „побарувачка„ само за порокот. Тој бара среќа, мир, вистинска љубов и други добродетели. Зачудува, но денес е многу

зголемен интересот за филмовите во кои се разработуваат сериозните прашања на постоењето.

Православните луѓе се подготвени да ги прифатат нормите на човековите права и да се трудат за нивно утврдување. Но, под услов тие норми да го помагаат усовршувањето на човекот, а не да ја оправдуваат неговата гревовна состојба. Задачата на концепцијата на човековите права се состои во заштитувањето на вредноста на човекот и да го помага растењето на неговото достоинство. Многу лошо и гревовно е кога се погазуваат правата на нациите и етничките групи, на нивната религија, јазик, култура, кога се ограничува слободата на вероисповедта и правото на верниците на свој начин на живот, кога се прават прекршоци на религиозна и национална основа.

# ПЕТТИ ДЕЛ

## МЕДИУМСКОТО ИНФОРМИРАЊЕ ЗА СОВРЕМЕНИТЕ МОРАЛНИ ПРЕДИЗВИЦИ (АБОРТУСОТ, ХОМОСЕКСУАЛНИТЕ БРАКОВИ, ЕВТАНАЗИЈАТА, КЛОНИРАЊЕТО) ВО ПЕЧАТЕНИТЕ МЕДИУМИ ВО Р.МАКЕДОНИЈА

### Квантитативна и квалитативна анализа на печатените медиуми за абортусот

### Обем на објавени текстови

Печатените медиуми, во анализираниот период, имаат објавено вкупно 87 текстови во коишто целосно или само делумно се допираат различни прашања поврзани со абортусот. Од нив 75 се новинарски текстови, а 12 се изјави на гинеколози, експерти, граѓани и други личности, кои се објавени издвоено. Најголема концентрација на текстови во кои се третира абортусот се забележува во октомври 2006 година, што се должи на преокупацијата на јавноста со информацијата дека расте бројот на абортуси нелегално, особено кај младата популација, излепените постери низ градот под наслов: АбортусНЕ, како и обид за промена во законската регулатива.

### Жанровска категоризација и повод за објавување на текстовите

Во селектираните текстови доминираат информативни жанрови (вест и извештај), што е разбирливо со оглед на концептот на уредувачката политика на еден дневен весник кој што континуирано ги следи актуелните збиднувања. Најзастапена жанровска форма се извештаите (33) во обем меѓу 21 и 40 новинарски редови. Објавени се куси вести (22 текста) (до 20 реда) и 8 интервјуа.

| Жанрови | Бр.на објавени текстови |
|---|---|
| Вест | 22 |
| Изјава | 5 |
| Извештај | 33 |
| Интервју | 8 |
| Коментар | 4 |
| Статија | 15 |
| Вкупно | 87 |

Бројот на аналитичките жанрови е далеку помал. Во нив доминираат статиите (15), а објавени се и (4) коментари во кои се третираат прашања поврзани со причините и последиците поврзани со абортусот..




**Графички приказ на текстовите за абортусот според жанрови**

## Области и теми на кои се однесуваат текстовите

Област на која се однесуваат најмногу текстови во печатените медиуми (34 текстови) е **здравството**. Во рамките на оваа област, тема за која е најчесто пишувано во печатените медиуми е се поголемиот број на нелегално изведени абортуси, особено кај малолетни девојки. Во неа доминираат текстови поврзани со последиците што можат да настанат по извршениот абортус кај млади девојки, особено во услови кои не се предвидени за изведување на истиот. Тесно поврзана тема со претходната се случаи кои нелегално извршиле абортус и завршиле со тешки последици. (5 текстови).

Следната област според застапеност на текстовите, е областа човекови права (18 текстови). Најчесто обработувана тема се човековите права на жените како право на избор. Трета најзастапена област во која се допира абортусот е областа криминал (12 текстови). Овде се обработуваат најчесто темите поврзани со загрозување на здравјето и животот на пациентките (12 текстови).

Четврта група текстови се од областа законодавство (6 текстови). Овие текстови главно се однесуваат на прашањата за промените, односно изменувањата и дополнувањата во законската регулатива.

| Области | Бр.на објавени текстови |
|---|---|
| Здравство | 34 |
| Човекови права | 18 |
| Законодавство | 6 |
| Криминал | 12 |
| Политика | 4 |
| Свет | 10 |
| Друго | 3 |
| Вкупно | 87 |




**Графички приказ на објавените текстови за абортусот според области**

Следна по застапеност е темата од областа политика се реакциите по излепувањето на градот со плакати кои се против абортус,,. Печатените медиуми третирале и поголем број други политички теми во кои се допираат прашањата на абортусот, но со помал интензитет и во други земји: активностите на граѓанските здруженија, и др.

Во областа друго (3 текста) категоризирани се текстовите од областа на религијата, социјалната сфера, одржувањето на собири и манифестации на асоцијации, содржани на Интернет страници и други теми.

## Генерален став кон абортусот

Од вкупно 87 текстови објавени во печатените медиуми (заедно со изјавите на одделни субјекти објавени издвоено), најголем број, или вкупно 45 текстови, се со неутрален став кон абортусот. Во 7 текстови е изразен негативен став, во 5 позитивен, а во 2 ставот не може да се оцени. Неутралниот став е најчесто присутен во информативните жанрови (вест, извештај), кои се и најбројни, што значи дека печатените медиуми се потрудиле да ги задржат професионалните стандарди во известувањето. Негативен или позитивен став кон абортусот, почесто се забележува во аналитичкото новинарство (коментари, статии)

| Област | Вкупно | Неутрален | Позитивен | Негативен | Нема став |
|---|---|---|---|---|---|
| Здравство | 45 | 31 | 5 | 7 | 2 |
| Човекови права | 18 | 13 | 2 | 1 | 1 |
| Криминал | 10 | 1 | 4 | 5 | / |
| Свет | 6 | 3 | / | / | 3 |
| Политика | 2 | 2 | / | / | / |
| Законодавство | 5 | 4 | / | 1 | / |
| Вкупно | 87 | 56 | 11 | 14 | 6 |




## Текстови со негативен став кон абортусот

Во текстовите со негативен став на медиумот, 7 се од областа здравство, 1 се однесува на човекови права, 5 текста се од областа криминал, 1 од областа законодавство, кој директно се однесува на законската регулатива. Жанровски, 9 од овие текстови се коментари, 3 се извештаи, 1 е новинарска вест и 1 е интервју.

Во текстовите категоризирани во областа здравство, 15 се однесуваат на се поголемиот број на нелегално изведени абортуси, особено кај малолетни девојки. („Зачудува негрижата на жените за сопственото здравје„). Карактеристично е да се

одбележи дека дури 12 од нив се коментари, во кои негативниот став е изразен или експлицитно или имплицитно. На пример, во коментарот под наслов „Бројот на абортуси е поголем од бројот на раѓања„ од 15 јануари 2004 година, и самиот наслов, но и текстот во целина, имплицира на фактот дека раната сексуална зрелост носи проблеми.„Македонија земја без подмладок?. Се намалува возрасната граница за абортус „Се повеќе малолетници насилно ја прекинуваат бременоста„. („На пациентките им е поважно некој да не ги види како купуваат контрацептивно средство, отколку како чекаат пред ординација за абортус„.

На светски ден на контрацепцијата 26.09.2007год. се води кампања под мотото „Живеј го својот живот, пред да почнеш друг„. Со цел да се спречи проблемот со несакана бременост и да се намали бројот на абортуси, потребно е континуирано информирање, едуцирање и развивање на свеста кај светската популација за постоечките методи на контрацепција. Како одговор на оваа потреба, за прв пат во светски рамки, се обележува Денот на контрацепцијата-26 Септември во повеќе од 50 светски земји, (во кои спаѓаат земјите од регионот на Европа, Азија, Јужна Америка и Јапонија), меѓу кои и Македонија.

За да се осигура ефикасноста и покриеноста во информирањето на тема „контрацепција„ во повеќе од 50 земји учесници во кампањата, ќе се одржат обележителни настани на кои ќе присуствуваат познати лица амбасадори со цел да ги поттикнат луѓето да внимаваат при планирањењто на својата фамилија и сексуално здравје.

Во серијата текстови објавени во текот на 2006година, се издвојуваат неколку коментари во кои жестоко и „нервозно„ се критикува инспекцискиот надзор и спречување на ваквата практика („Дивеат диви абортуси„), Здружението на гинеколози против дивите прекинувања на бременоста, („Одвај спасила живот по абортус„). Иницијатива да се почитува Законот за здравствена заштита, со кој се забранети абортуси во приватни ординации„). Гинеколог што ќе изврши абортус ќе заработи прекршочна казна од 50 000 до 150 000ден. или кривична пријава.

„Абортуси не смеат да се прават во приватни ординации, бидејќи немаат операциона сала и може да го загрозат здравјето и животот на пациентката, објаснува директорката на Клиниката за гинекологија д-р Адела Стефанија.

(„Илегален абортус во ординација во Драчево„), случајот е откриен кога пацинтката поради крвавење и компликации била пренесена на клиниката за гинекологија.

Во серијата текстови објавени во текот на 2005/2006 година, се издвојуваат неколку коментари во кои жестоко и „нервозно„ се критикува дека и покрај големиот број абортуси извршени во приватни ординации, не е познат бројот, на колку приватни гинеколози досега им се изречени прекршочни или кривични пријави, поради незаконски извршени абортуси. На слични импликации упатува и коментарот насловен „Опасни апчиња за абортус се нудат на црно„ „„ објавен неколку дена подоцна (15јули 2005) „Во некои македонски аптеки под рака може да се набават апчиња, што предизвикуваат спонтан абортус, кои не се регистрирани од Бирото за лекови и кои може да бидат опасни за здравјето на пациентите„.

Во текот на последниве две недели на различни локации низ Скопје циркулираат постери, летоци и други видови на материјали со кои што експлицитно и дегутантно се порекнува едно од основните човекови права - репродуктивното право на жената. Овие материјали со кои што абортусот се означува како убиство, имплицитно иницираат и промовираат говор на омраза насочен кон жените кои што имаат абортус или кои што планираат да го искористат нивното основно репродуктивно право.

Дел од невладините организации неколку дена се подготвуваат, мобилизираат за реакција против оваа кампања која ќе биде претставена во печатените медиуми во нашата земја. Дел од текстот: Абортусот е право на избор!. „Се обраќаме до македонската јавност со реакција на екстремно конзервативните, репресивни општествени групи, кои затскривајќи се зад паравanот на религијата и заштитата на правото на човекот на живот, дистрибуираат постери и флаери со тврдење дека абортусот е убиство.„ Господ многу ги сака раѓањето и животот.„ МПЦ тоа многу пати го кажала. Правото на избор постои од моментот на зачнувањето, а потоа постои правото на живот„. Се прашувам во кое време и во кој општествен систем сака да не врати оваа група, која промовира бесмислени пораки, а го прикрива својот вистински идентитет од јавноста. „Обидите за било какво ограничување, да не зборуваме за забрана на правото да располагаме со своите тела

претставуваат напад на кој ќе му се спротивставиме со сите сили„. Апсолутно не го промовираме абортусот како метод за планирање на семејство, но сме против било каква политика која ќе го ограничи правото на избор. Ова со сигурност ќе резултира со нелегални и нестручно изведени абортуси„.

Активистите за човекови права жестоко се побунија против забраната што се пропагира, а организацијата на жените нагласуваат дека абортуст е право на жената што не смее никој да и го одземе. Мирјана Најчевска, експерт за човекови права е изненадена, зошто досега не реагирала ниту една организација на жени, ниту посебниот оддел во Министерството за труд и социјална политка. Според неа, абортусот не е контрацепција, но тоа не смее да се меша со кампањи за заштита од несакана бременост. Тие кампањи треба да пропагираат средства за контрацепција, презервативи, хормонски таблети, спирали, да станат поевтини и со тоа подостапни. Забраната на абортусот никако не треба да се смета за алатка за поттикнување на наталитеот.

Од Националниот совет на жени на Македонија, велат дека поради маглата не ги забележале плакатите во центарот на Скопје. Во коментарот („Ги осудуваме авторите на пораките на плакатите со кои некој се обидува да ги наруши правата на жените„. Веднаш ќе организираме трибина за абортусот, но за еманципација на жената, а ќе ги повикаме на едукација, тие што ги направија плакатите„.). Ако се залагаме за унапредување на човековите права, тие треба да се во согласност со Универзалната декларација за човековите права и Конвенцијата за елиминација на сите видови дискриминација врз жената„ вели Грозданова. Самото интервју, како новинарски жанр, не содржи многу елементи за оценка на новинарскиот приод, но во континуитетот на известувањето и на авторската обработка на оваа тема, тоа ја надополнува сликата на генералниот став кон абортусот.

Со „Едукација против несакана бременост„ расте бројот на абортуси во светот. Се изведуваат во небезбедни услови, предизвикуваат катастрофални последици или смрт кај повеќе од 200 жени дневно. Фрапантни податоци што секоја година ги објавува Светската здравствена организација, стануваат поилустративни, ако се има предвид фактот, дека постојат многу објективни

причини поради кои жената може да не е подготвена или да не сака да има дете во определен период од животот.

Несаканата бременост понекогаш ја присилува жената на несакан брак, што резултира со емоционални стресови, а многу често и до намалување на нејзините можности за едукација и вработување. Неупотреба или погрешна употреба на контрацептивни средства од страна на партнерите, нестабилна врска, повеќе деца во семејството, силување... најчести компликации што го следат артефициелниот абортус: продолжени крвавења од гениталните органи, инфекција, покачена температура, мали раскинувања и други повреди на матката.

Насилното прекинување на бременоста се уште е алтернатива што релативно често се применува како начин на планирање на семејството.

Со подобрување на здравствените услови и напредокот на медицината, со истовремено подигање на здравственото и културното ниво и посебно со подобрување на информираноста кај младите, доаѓа до значителни промени во односот меѓу половите, подигајќи ја жената на ниво на рамноправна и респектирана личност со право да одлучува за сопственото здравје. Потребата од превенција од несакана бременост, што се состои во правилна примена на контрацептивните средства. Разговор со гинеколог, односно стручен тим за планирање на семејство.

Младите треба навреме да бидат информирани за сите последици од намерните абортуси, но пред се за можноста да се заштитат од непланирана бременост. Освен неопходните комуникации со семејството, родителите, потребно е промовирање на соодветни програми во училиште и во јавните медиуми, национални програми што ќе обезбедат информации, консултации и ефикасни здравствени сервиси.

„Раната сексуална зрелост носи проблеми„. Девојчиња абортираат на црно како од шега„. („12-годишно девојче, абортирало неодамна во клиниката за гинекологија, Скопје, со дозвола на родителите„). Старосната граница драстично е намалена и сега се движи околу 14 години, а порано била 17 години, тврдат од Клиничкиот центар. „Прекинувањето на бременоста иако е многу кусо,

интервенцијата трае 20 минути, таа може да биде многу ризична. Особено кај младите девојки може да остави трајни последици, и покрај тоа што докторот својата работа ја завршил перфетно добро. „Бројот на абортуси е зголемен, но намалена е старосната граница на жените кои абортираат, вели Стојановски. Поради тоа што абортусите се вршат нелегално, тие никаде и не се пријавувааат, па затоа и не се знае точниот број на жените што насилно ја прекинале бременоста. Државата нема контрола врз приватните ординации. „Срамот ги тера на диви абортуси„. Приватните ординации нудат комплетна дискреција.

„Грешка на прилепски гинеколог„ (Прилепчанка едвај спасила жива глава, од нелегален абортус), „Макро-монструм мачел проститутка оти останала трудна (На најгрозоморен начин се одлучил да изврши абортус и да се „ослободи„ од проблемот што во следниве девет месец ќе му го намалел профитот„. Гинеколог зел 300евра за да се издаде потврда за абортус.„ Гинеколог нелегално извршил абортус, едвај ја спасиле пациентката„ Тетовските лекари прават три абортуси дневно. Многу жени ризикуваат да останат стерилни. Според некои болнички статистики, само годинава 30-тина жени останале без можност во иднина да имаат деца, токму поради нестручно и во несоодветни услови на извршени абортуси.

Во текстот„Вештачки прекин на бременоста„ Несаканата бременост и големиот број начини за контрацепција се составен дел на секојдневието и покрај големата ангажираност во планирањето на семејството од тимовите, составени од гинеколог, акушер, психолог и социјален работник. Целта на овој тим е да ги анимира младите брачни парови активно да учествуваат во планирањето на составеното семејств и во создавањето идни здрави генерации, потребни за правилен развој на едно здраво општество. Според законската регулатива абортусот е дозволен до 10-та гестациска седмица, односно 3 месец од бременоста. Основни причини зошто постои законска регулатива за прекин на несаканата бременост се: спречување илегални абортуси, кои се проследен со повисок степен на компликации и смртност отколку легалните абортуси, правото на слободно одлучување за раѓање деца, кое е загарантирано како едно од основните човекови права прокламирано од Обединетите нации, правото на секоја жена за можност на абортус под оптимални услови.

Полска нема да го смени законот против абортусот, кој е во сила од 1997 година (кој дозволува абортус до 20-та недела од бременоста, во случај на силување, или инцест, или ако претставува опасност за здравјето на мајката, како и во случај на трајно оштетување на фетусот.

Грција на прво место во Европа по бројот на абортуси, додека таблетата за контрацепција е најретко користено контрацептивно средство, односно неа ја користат само 2,5% од жените.

Во текот на 2004 година се издвојуваат вкупно 15 текстови, на различни теми, во кои е забележан позитивниот приод. .Во двата коментара објавени во април, имаме критички осврт на Смртноста на родилките, кој според РЗЗ, е важен индикатор не само за оценката на репродуктивното здравје, туку и индикатор за здравствената состојба на населението и степенот на развој на една заедница во целост. Во коментар на истата тема се наведува дека „..доколку продолжи ваквиот тренд, лекарите сметаат дека за 10 години дури 90 отсто од жените ќе имаат сериозни здравствени проблеми како последица од прекинот на бременоста.

На гинеколог одат само 1,6% од адолесцентките. „На прв гинеколошки преглед во 2005година се јавиле само1,6% од девојките до 19 години, покажуваат анализите на РЗЗЗ. Недоволното користење на услугите за планирање на семејството, укажува на фактот дека за младата популација ваквите сервиси се недоволно атрактивни или се несоодветни за користење, велат РЗЗ.

Светски ден на контрацепцијата „Македонците не ги сакаат средствата за заштита„. Само 2 отсто од населението во Македонија користи средства за кнтрацепција, што е причина за зголемениот број непланирани бремености, покажуваат истражувањата, направени по повод Светскиот ден на контрацепцијата. Во прилог на ова во еден текст се наведуваат опасностите од абортус, апелирајќи грижа за здравјето и инфериорност за разните последици.

Од нив 6 се објавени во периодот од јули до декември 2004 година. Првиот текст, под наслов Македонија земја без подмладок „Колку новороденчиња, толку абортуси„. Дури 1/3 од младите признале дека не користат никаква заштита од несакана бременост или од сексуално преносливи болести. Освен раното почнување со сексуални односи, причина за се поголемиот број на абортуси е

слабата едукација на младите за заштита од бременост. Сепак и покрај достапноста на контрацептивните средства, лекарите и граѓаните се жалат дека државата не прави ништо во областа на планирањето на семејството и дека не ги стимулира младите да користат заштита.

Од другите осум текстови од областа политика, со негативен став кон абортусот, четири се коментари, три се извештаи и еден е новинарска вест. Коментарите се однесуваат на следниве теми: Ватикан обајви седум модерни смртни гревови. „За абортус и педофилија ќе гориш во пеколот„. Извештаите се однесуваат на следниве теми: Абортусот е убиство! Според МПЦ и ИВЗ. Сите православни цркви учат дека прекинувањето на бременоста е недозволиво. Ваков став има и во Исламската верска заедница. И најголемиот дел од религиите и верските учења го забрануваат абортусот и него го сметаат за еден вид убиство.

**Заклучни согледувања**

(1) Во анализираниот период, во печатените медиуми за абортусот се објавени вкупно (87) текстови во кои целосно или делумно се пишува за абортусот. Најголема концентрација на текстови (25) се забележува во 2006/2007 година, што се должи на преокупацијата на јавноста со информацијата дека расте бројот на абортуси нелегално, особено кај младата популација, излепените постери низ градот под наслов: АбортусНЕ, како и обид за промена во законската регулатива.

(2) Во селектираните текстови, доминираат информативните жанрови (67) што е разбирливо со оглед на уредувачката политика на дневните весници. Бројот на аналитичките жанрови е далеку помал (20 текста). Издвоено се објавени и 12 изјави на гинеколози, експерти и други субјекти, во кои се зафаќаат причините и последиците во врска со абортусот.

Во најголем број случаи (71 текстови), пред се кај информативните жанрови, поводот за објавувањето бил некој конкретен настан. Како реакција на некој настан што бил актуелен во претходните седмици се објавени (12) од текстовите, а по авторска иницијатива објавени се (4) од текстовите.

(3) Област околу која се фокусираат најголем број текстови (34) е здравството (причините и последиците за абортус, недоволната едукација во врска со контрацепцијата и др.), абортусот се третира и во текстовите кои се однесуваат на следниве области: човекови права (18) и законодавство(6), криминал (12), свет (10), политика (4), итн.

(4) Во 65 текстови што спаѓаат во информативните жанрови, генералниот став кон абортусот е неутрален 56 текстови, во 8 текста е негативен, во 4 позитивен, а во 2 текста ставот не може да се оцени. Што се однесува до аналитичките жанрови, оценката е поинаква. Речиси половина од текстовите (9) се неутрални, (6 текста) се со негативен став, (3 текста) се со позитивен став, а во (2 текста) ставот кон абортусот не може да се извлече.

Во рамките на 13 текста се објавени изјави со кои се изразува негативен став кон абортусот. Од нив најголем дел (7 текста) се дадени како реакција на: Здружението на гинеколози против дивите прекинувања на абортусите, македонската првославна црква и др. Се среќаваат изјави и на субјекти, кои директно или индиректно биле инволвирани во изведување на абортус .

Во 46 текста се идентификувани изјави со позитивен став кон абортусот. Повторно доминираат оние од областа на човековите права, подигнување на степенот на информираност за контрацептивните средства.

(5) Негативни или позитивни (фаворизирачки) став кон абортусот, многу почесто е изразен во изјавите на гинеколози, граѓани или други субјекти отколку во новинарските текстови. Во изјавите, пак, на различни субјекти, негативните ставови најчесто се поврзани со потфрлање на правниот систем, државата нема контрола врз приватните ординации.

Во 22 новинарски текстови, во директна или индиректна форма, изразен е негативен став кон младата популација која насилно ја прекинува бременоста, при што тој став не се однесува на сите жени и ретко каде е изразен на експлицитен начин. За младите девојки (тинејџерки) печатените медиуми пишуваат негативно,

најмногу во контекст на она што „го добиваат„ со абортусот, како и дека прераното влегување во сексуалните односи носи проблеми.

Абортусот се уште се користи како метод на контрола на раѓањето, наместо употребата на контрацептивни средства, не постојат програми и политики кои ќе овозможат ефективна достапност до контрацептивни средства и информации кои ќе помогнат да не се користи абортусот како средство за контрола на раѓањето и не се спроведени програми за сексуално и здравствено образование со кои ќе се обезбеди одговорно сексуално однесување. Забранувањето на абортус за мене би бил тотален нонсенс, повредување на личното право на избор, игнорирање на науката на сметка на некои си догми и голем чекор наназад во поглед на почитувањето на човекот од страна на законот.

Што се однесува до некои дискусии поврзани со ова прашање, како на пример „одумирањето на македонската нација„-сметам дека е крајно лицемерно и кукавички да се бара вината за опаднатиот наталитет во абортусите, тоа е само мешање во животите на другите.

Анализираните законски решенија продуцирале различни практики и состојби. Таму каде што има ограничувања во законска смисла, и не е дозволено по личен избор и слободна волја да се извршува абортус, таму се забележува пораст на нелегалните абортуси и со тоа и опасностите по здравјето и животот на жената од нестручно извршување на медицинската постапка на прекин на бременоста се поголеми. Но, податоците говорат дека генерално, бројот на компликации од легално извршени абортуси не е позначително помал од здравствените и животните комликации при илегално извршените абортуси. Во ваков случај никогаш точно не може да се претпостави колкав е бројот на нелегално извршените абортуси, туку евентуално само бројот на пријавените здравствени и животни компликации од нестручно изведени прекини на бременоста, во легалните здравствени установи.

Обратно, таму каде што законската рамка е полиберална и без посериозни ограничувања, состојбите се влошуваат во насока на симнување на границите за сексуален однос кај младата популација, токму поради слободниот пристап кон медицински прекин на несаканата бременост. Таквиот пристап ги стимулира младите на прерано стапување во сексуален контакт. Овој тренд води и до појава

на значителен пораст на сексуално преносливите болести, како уште една сериозна аномалија во општеството.

Категоризацијата за законската регулатива ни овозможува јасен увид во ефектите, било позитивни или негативни, од примената на законските практики врз стварноста на ова поле на општествено живеење. Имано, точно се знае дали одредена рестриктивна политика, во делот на законски утврденото право на прекин на бременоста влијае позитивно или не врз состојбите со реализирани абортуси во едно општество. Па оттука, многу полесно чинителите во власта можат да пристапат кон корекции во делот на регулативата со цел да ги унапредат вкупните состојби на терен, а согласно нивните утврдени политики.

Многузначноста на ова контроверзно прашање наложува сериозен и аналитички пристап, како би се обезбедило најцелисходното и најфункционално решение во областа.

Емпириски гледано, примерот на Полска која се одлучи на рестриктивен модел, кој забранува медицински прекин на бременоста, освен во случаите на силување, инцест и малформации на плодот, а задолжително со согласност од страна на родителот, проследено со организирана анти-абортус-кампања на медицински експерти и на верските свештени лица, во прва фаза, даде очекувани позитивни резултати, кои беа масовно прифатени и од јавноста.

## Квантитативна и квалитативна анализа на печатените медиуми за хомосексуалноста

### Обем и жанровска категоризација и повод за објавување на текстовите

Темата хомосексуалноста и хомосексуалните бракови во анализираниот период, печатените медиуми ја третирале во вкупно 56 текста. Според жанровската структура, доминираат информативните жанрови (вест (24 текстови), извештај(12 текстови), интервју (7текстови) и изјава (4 текстови) или (вкупно 47 текстови), а аналитичките жанрови (коментар (4 текстови) и статија (5 текстови) се застапени со 9 текстови. Поединечно, најприсутна е веста со 24 од вкупно селектираните текстови.

| Жанрови | Бр.на објавени текстови |
|---|---|
| Вест | 24 |
| Изјава | 4 |
| Извештај | 12 |
| Интервју | 7 |
| Коментар | 4 |
| Статија | 5 |
| Вкупно | 56 |




**Графички приказ на текстовите според жанровската категоризација**

Ако се има предвид жанровската структура на текстовите, логично е да се очекува дека најголем дел од нив ќе се однесуваат веста, која донесува еден или ограничен број податоци и информации (24 текста). Реакцијата на конкретни

настани е повод за објавување на 42 текстови, а во 12 текста се гледа авторска иницијатива за пронаоѓање теми интересни за публиката, а само 2 текста од оние што ги допираат хомосексуалните бракови, се туѓи текстови, пренесени од други медиуми (електронски).

## Области и теми на кои се однесувааат текстови за хомосексуалноста

Најголем број од текстовите се од областа на човековите права или 27 текстови. Најчесто е пишувано за промена на законот на државата, „за„ или „против„ хомосексуалните бракови, чија промена произлегува од одредени граѓански здруженија (12 текстови). Со поголем број текстови, хомосексуалните бракови се третирани и на теми од областите здравство (7 текстови), политика (5 текстови), свет (4 текстови) и друго (1 текст).

| Области | бр.на објавени текстови |
|---|---|
| Човекови права | 27 |
| Здравство | 7 |
| Законодавство | 12 |
| Свет | 4 |
| Политика | 5 |
| Друго | 1 |
| Вкупно | 56 |




**Графички приказ според области и теми на кои се однесуваат текстовите**

Во областа човекови права, има најмногу пишувано (27 текстови). Сексуалните малцинства во државава бавно ги разбиваат предрасудите за нив, пред себе си, нивните семејства и пред јавноста. Македонските гејови, лезбејки, бисексуалци, травестити на овие простори се сеуште вештерки на 21 век, и затоа самите за себе велат дека не можат да се реализираат. Се плашат од јавноста, семејството, пријателите, медиумите, па дури и од самите себе. Македонија се уште се смета за хомофобична средина, која генерално ги отфрла сексуалните малцинства како отпадници од општеството.

Ширење на хомофобија во печатените медиуми 23.10.2006год. Вест под наслов „Итна операција во Ургентниот центар во Скопје-се набил на краставица„ чијашто содржина, тон и реторика манифестираат извесен степен на хомофобија. Ваквите сомнежи се потврдија како оправдани со објавувањето на една друга статија 21.10.2006 год. во рубриката 3К-Џоле Такси забелешки на еден таксист со наслов „Краставица„. Веста, интенционално или не, селектирајќи и презентирајќи еден случај, употребувајќи на места вулгарна и потсмевлива реторика насочена кон не-хетеросексуалците, успеа да покрене една „дебата„ која резултираше со јавно објавен текст чијшто дискурс изобилува со искази кои недвосмислено можат да се одредат како хомофобични, шовинистички, сексистички, и во крајна линија вулгарни. Земајќи го предвид фактот дека во денешното општество медиумите претставуваат основен столб за информираност на јавната популација, за насочувањето и култивирањето на јавната свест, кое во текот со времето треба да се движи кон поголема консолидација на хуманизмот и рушењето на стереотипите.

Македонската асоцијација за слободна сексуална ориентација реагира по однос на овие статии, забележувајќи во истите сериозен потенцијал во понатамошната циркулација на стереотипите, угнетувачките генерализации, и конкретно, на хомофобијата. Привилегијата што ја ужива одредена личност да говори јавно, а посебно преку печатените медиуми, од позиција на знаење, авторитет и моќ „повлекува и поголема општествена одговорност за она што таа личност ќе го соопшти во тој јавен контекст. Вицеви, шеги и анегдоти во кои теми за потсмев се хомосексуалците...имало отсекогаш и во Англија, но главната разлика е во тоа што тамошната култура и политичка јавност не го толерира

нивното прераскажување...(„За реториката и „загрозените„ видови). МАССО својата реакција ја упатува и до Лекарската Комора на Р.Македонија поради јавното известување на информации за медицински случаи и лица, што во целост се коси основниот етички кодекс на медицински оквалификуваните лица. На кој начин на граѓанинот на Р.Македонија му се гарантира правото на дискреција кога станува збор за интимните, здравствени проблеми?.

Со што во иднина ќе му се гарантира приватноста на македонскиот граѓанин ако срeќаваме постојано вакви вести кои ги пречекоруваат границите на етички дозволивото во медицинскиот контекст?. Хомосексуалците сметаат дека не се прифатени, ниту заштитени, живеат во страв од понижување, јавни напади.

Втора област, според бројот на текстови во кои се допираат хомосексуалните бракови е законодавството, односно барањето за одредени промени во законската регулатива (12 текстови). Хомосексуалноста од 1996 година, не се смета за кривично дело. Досега кај нас не е склучен ниту еден хомосексуален брак, што не е дозволено и со закон, а нема ниту барања од надлежните институции. Најголем број од текстовите во оваа област се однесуваат на односот кон хомосексуалците, преку кој индиректно може да согледа подготвеноста на нашето општество за донесување на закон со кој би биле заштитени.

Во текстот под наслов „Сеуште сме хомофобична средина„ лицата во ЛГБТ-заедницата (Заедница на лезбејки, гејови, бисексуалци и травестити) се жигосуваат, општествено се изолирани, се соочуваат со ризикот да го загубат работното место, да бидат претепани. Македонското законодавство, експлицитно не ги признава ниту ги штити сексуалните малцинства од директна и индиректна изолација, како ниту од вербално и физичко насилство. Истражувањата велат дека во Македонија живеат околу 100 000 хомосексуалци„ а не постои организација за заштита и промоција на правата на ЛГБТ заедницата (заедница на лезбејки, гејови, бисексуалци и трансвестити) во Република Македонија. Тие луѓе секојдневно се соочуваат со проблеми, живеат во страв, почнувајќи од семејството, па пошироко во околината. Неверојатно тешко е документиран случај да се покрене пред надлежните институции, иако претставува неоспорен случај на насилство. Тие луѓе

се плашат дека ќе бидат обелоденети во јавноста и дека ќе се соочат со други проблеми. Се разбира дека немаат доверба ниту во постоечкиот правен систем. Ние сеуште немаме закон за недискриминација, кој ќе ги заштити тие луѓе. Кај нас нема законска регулатива ниту за говор на омраза, а сеуште има и интелектуалци кои се дрзнуваат да говорат сенешто. Во 2006 година, во предизборната кампања, „сегашниот министер за надворешни работи А.М., кажа дека нема да дозволат од здраво да направат болно општество.„ кај нас имате новинари, како Латас или Јанко, кои си даваат слобода да шират говор на омраза, а тоа е посебно недопустливо, со оглед дека се јавни личности и имаат позиција на моќ. Постојано се укажува дека Македонија е хомофобична земја и дека хомосексуалците се дискриминирани во секоја пора од општеството. Шокантни се резултатите од последното истражување, направено од МЦМС, за односот кон хомосексуалноста.

На 9 декември 2007 година, Европска година за еднакви можности на сите, за Меѓународниот ден на човековите права (10 декември), повеќе граѓански организации одржаа прес-конференција на која беше промовирана заедничката иницијатива за недискриминација „Еден до друг – различни, а еднакви", чии цели се јакнење на свеста за недискриминација и концептот на еднакви можности, донесување на општ Закон за недискриминација и формирање на независна комисија/тело за заштита на човековите права.

Третата група текстови се од областа на здравството (7 текста). Според застапеност, четврта е областа политика (5 текста). Теми коишто се третирани во оваа област се превземањето или непревземањето на одредени акции за промена во законската регулатива „Соочи се со различноста„-колку македонскиот менталитет е подготвен да ја прифати хомосексуалноста„. „Не сме против хомосексуалноста, но подалеку од мојот двор„. Кампањата „Соочи се со различноста„ е тест за македонската јавност за тоа колку е подготвена да се соочи со едно од најголемите табуа во нашата средина-хомосексуалци. „Хомосексуалноста не е баук, но тешко е да си педер во Македонија„. Во 2006 година, наслов: „Геј-Битка за Македонија„ „Нема да дозволиме хомосексуални бракови„ одреден кандидат од политичка партија е цитиран како вели:„Ние би сакале до нашите политички соперници од СДСМ да им кажеме дека овој богочестив и богољубив народ, кој си ја сака верата

и нацијата не смее да биде изигран. Ние како партија најмногу ќе се спротивставиме на идејата на СДСМ да се дозволат бракови меѓу хомосексуалците. Не смее, едно здраво општество, со сила да го правиме болно„. Еден ден покасно истиот кандидат од истата партија уште еднаш е цитиран овој пат од „Вечер„ како вели: „На сета сиромаштија и економска катастрофа, СДСМ нуди и легализација на хомосексуални бракови„. „Само омразата кон хомосексуалците ги обединува вмровците и сдсмовците„. Шокантно е што има огромен негативен став кон хомосексуалноста, но уште пошокантно е тоа што нема никаква разлика помеѓу членовите на партиите по однос на ова прашање: огромен процент од испитаниците членови и на СДСМ и на ВМРО-ДПМНЕ, се против хомосексуалците!

Во врска со ставот за истополовите бракови и за можноста хомосексуалните бракови да посвојуваат деца, Димитров објаснува дека коалицијата стои зад тоа дека треба да се легализираат истополовите бракови или регистрираните партнерства, и е за посвојување деца. „Со хомофобија нема визи за Европа„ „Очигледно е дека од оваа влада не може да се очекува поддршка, но, очекуваме барем да прекине да одмага или да прекине во понатамошното креирање на негативни ставови, на ширење на говор на омраза и на кршење на основните човекови права. Исто така, од неа очекуваме да го донесе законот за недискриминација и да го даде правниот механизам со кој ЛГБТ заедницата ќе почне да си ги бара своите права, и пред судовите и пред полицијата„.

Следната област е областа свет (4 текста). Најчесто обработувани теми во оваа област се искуствата во други држави Австрија ги забрани хомосексуалните бракови, а хомосексуалните двојки ќе бидат спречени да посвојат деца од прекуокеанските земји. „Хомосексуалните бракови ја вознемирија Франција„ (Дебатата за хомофобијата и хомосексуалните бракови неочекувано беше исфрлена на француската политичка и медиумска сцена, по трагичниот настан, кога на 16 јануари, 2004 година, еден хомосексуалец од северозападна Франција, бил полеан и запален„. Француските психоаналитичари, слично како и нивните колеги во странство се поделени кога станува збор за децата и родителите хомосексуалци. Искуството од Америка покажува дека децата кои се воспитуваат од родители-хомосексуалци немале повеќе психолошки проблеми од другите деца. Масачусетс

стана првата американска држава која дозволува брак на лица од ист пол. Бракот како институција во Скандинавија откога почна да се либерализира, почна да изумира. (бракот во Шведска изумира постепено, но сигурно, а тенденцијата веќе се преселува и на Америка, а не заостануваат ни Британците и Французите). Заврши вжештената законодавна дебата за хомосексуалните бракови во Бостон. „Непосредно, пред да почне дебатата, полицијата спречи тепачка меѓу двете спротивставени сттрани, подржувачи и противници на хомосексуалните бракови„. Откако венча десетици хомосексуални двојки во Италија, протеран свештеник кој го скандализираше Ватикан„ Неговиот морален став и славењето на псевдобраковите меѓу хомосексуалните двојки во основа се спротивни на доктрината на Католичката црква„. Легализирани браковите помеѓу хомосексуалци„Склучен првиот брак меѓу лезбејки во Мексико„. Храбар настап на републиканката Сали Керн („Хомосексуалци (ќе) владеат со САД?...предупредува дека за САД хомосексуалците се поопасни од терористите„. „Ако имате геј во средината, тоа е исто доколку имате рак на малото прсте, дали тоа едноставно ќе го игнорирате, зашто остатокот на телото е добро?!. Тоа метастазира! Тоа е смртоносно и се шири, ќе ги уништи нашите малди луѓе и целата нација.

Во областа друго (1 текст) е сместена тема за резултати од испитувањата на јавното мислење и други истражувања. Според извештајот од истражувањето на Amnest`s International најмалку 70 држави во светот, имаат во своето законодавство закони кои забрануваат сексуални односи со припадниците од ист пол. „Децата заслужуваат услови за здрав психофизички развој„.

**Заклучни согледувања**

(1) Хомосексуалноста во анализираниот период, печатените медиуми ја третирале во вкупно 56 текста. Од нив 45 се новинарски текстови, а 11 изјави на личности што функционираат како посебни целини.

(2) Според жанровската структура, доминираат информативните жанрови (вест (24 текстови), извештај (12 текстови) и интервју (7текстови)) или вкупно 43 текстови, а аналитичките жанрови (коментар (4 текстови) и статија (5 текстови) се

застапени со (или вкупно 9 текстови). Поединечно, најприсутна е веста со 24 текстови од вкупно селектираните текстови.

За најголем дел од текстовите, односно за 40 текстови поводот да бидат напишани биле конкретни настани, а за само 12 текста, може да се каже дека настанале како резултат на авторска иницијатива за пронаоѓање теми. Како реакција на некој настан што бил актуелен во претходните седмици се објавени 4 текстови.

(3) Најбројни се текстовите од областа на човековите права (27 текста). Најчесто е пишувано за промена на законот на државата, „за„ или „против„ хомосексуалните бракови (10 текста). Со поголем број текстови, хомосексуалните бракови се третирани и на теми од областите законодавство (12 текстови) здравство (7 текстови), политика (5 текста), свет (4 текстови) и друго (1 текст).

(4) Во 25 од текстовите што спаѓаат во информативните жанрови, генералниот став кон хомосексуалноста е неутрален, 14 текстови се со негативен став, 4 текста со позитивен став, додека кај аналитичките жанрови во 5 текстови е изразен неутрален став кон хомосексуалноста, во 1 позитивен, во 2 текста негативен став, а во 1 текст ставот не може да се оцени.

Во вкупно 56 текста, се пренесени, односни цитирани изјави на личности во кои има позитивни или негативни ставови кон хомосексуалните бракови најмногу негативни ставови кон хомосексуалните бракови, вкупно 25, се изразени во изјавите на теми од обласата политиката, здравството.

Во изјавите што се составен дел од новинарските текстови, се регистрирани и 16 позитивни ставови кон хомосексуалните бракови, кои, исто така, најмногу се на теми од човековите права и слободи. Овде дистрибуцијата на ставовите кон оваа доминантна тема е сосема поинаква.

Од вкупно 31 изјава на различни субјекти објавени издвоено како посебни целини, во 12 има позитивен став кон хомосексуалните бракови, а во 19 од нив е изразен негативен став.

(5) Дневните весници покажуваат конзистентност во ставовите, генерално неутрално ги третираат прашањата поврзани со хомосексуалните бракови, а темите во кои се изразува негативен став, главно се израз на хомофобија.

## Квантитативна и квалитативна анализа на печатените медиуми за евтаназијата

### Жанровска категоризација и повод за објавување на текстови кои се однесуваат на евтаназијата

Темата за евтаназијата во анализираниот период, печатените медиуми ја третирале во вкупно 38 текста. Според жанровската структура, доминираат информативните жанрови (вест (18 текстови), извештај (9 текстови), интервју (3 текстови) или (вкупно 30 текстови), а аналитичките жанрови (коментар (3 текстови) и статија (5 текстови) се застапени вкупно со (8 текстови). Поединечно, најприсутна е веста со 18 од вкупно селектираните текстови.

| Жанрови | Бр.на објавени текстови |
|---|---|
| Вест | 18 |
| Извештај | 9 |
| Интервју | 3 |
| Коментар | 3 |
| Статија | 5 |
| Вкупно | 38 |




**Графички приказ на текстовите според жанровската категоризација**

Ако се има предвид жанровската структура на текстовите, логично е да се очекува дека најголем дел од нив ќе се однесуваат на веста, која донесува еден или

ограничен број податоци и информации (18 текста). Реакцијата на конкретни настани е повод за објавување на 26 текстови, а во 12 текста се гледа авторска иницијатива за пронаоѓање теми интересни за публиката.

**Области и теми на кои се однесувааат текстовите**

Најголем број од текстовите се од области на здравството (19 текстови). Најчесто е пишувано за неможноста да ги платат трошоците за лекување, бараат да им се дозволи евтаназија. Со поголем број текстови, хомосексуалните бракови се третирани и на теми од областите човекови права (8 текстови), свет (5 текстови), законодавство (2 текст) и религија (и 4 текстови).

| Области | бр.на објавени текстови |
|---|---|
| Човекови права | 8 |
| Здравство | 19 |
| Законодавство | 2 |
| Свет | 5 |
| Религија | 4 |
| Вкупно | 38 |




Графички приказ на објавени текстови за евтаназија

Во области здравство во време на глобална економска криза, постојат малку општествени збиднувања кои би го пренасочие вниманието на јавноста на случувањата на светските берзи, масовните затворања на индустриските гиганти, анализите со кои се настојува да се најдат причините за стрмоглавата рецесија, која

е веќе реалност, дури и во најразвиените земји. Во услови на незапамтена глобална криза, социјалниот статус на многу граѓани ќе биде на работ меѓу животот и смртта. Ќе има се повеќе очајни пациенти, кои ќе бидат соочени со неможноста за лекување, многумина ќе посакаат достоинствено напуштање на животот, наместо лицемерно милосрдие, во услови кога општеството ќе има малку материјални средства за продолжување на животот на пациентите со малигни заболувања.

Дали и тогаш политичките чинители ќе се залагаат повеќе како да се донесат соодветно правни акти со кои се забранува евтаназијата, отколку за достоинствениот живот на граѓаните, односно пациентите?.

Во областа човекови права „Лекувањето достапно само за богатите„. Неуспешната транзиција долга една и пол деценија ги фрли граѓаните во голема сиромаштија. Толку голема што овдешните луѓе, традиционално навикнати да штедат бели пари за црни денови, веќе не само што не можат да одвојат ни денар за такво нешто, туку не можат да го врзат крајот на месецот.

Во текстот под наслов „Побарала болниот сопруг да се исклучи од апарати зашто немале пари„ (да ја платат партиципацијата од 7 000денари). Лекарите биле шокирани од ваквото барање на семејството. „Можеби ме правите и луда зошто барам свесно да го убиете мојот сопруг, но што да правам кога немам пари за леб, а не пак за лекување„ со овие зборови сопругата ги молела докторите. И покрај инсистирањето на сопругата, лекарите одбиле да извршат евтаназија и пациентот да го исклучат од машината за респирација. Меѓутоа, ова не е единствен случај. Со ваква драматична ситуација хирурзите се соочиле и пред некој ден кога пензионер, кој имал рак, одбил да биде опериран кога слушнал колкава е партиципацијата, а неговата пензија била само 5000 денари.

„Ваквите случаи се секојдневие„ велат лекарите од Клиничкиот центар. Тие се беспомошни да им помогнат. „Се декларираме како социјална држава„ револтирано додаваат лекарите, а од друга страна социјалните случаи свесно самите се осудуваат на смрт, зашто немаат пари за лекување.

Во областа свет, во статијата под наслов „На контраверзната швајцарска клиника за евтаназија „првата британска двојка „испратена„ на оној свет„. И двајцата биле во завршна фаза на неизлечива болест. „Дигнитас„ организација за

евтаназија во Цирих, која работи потпирајќи се на филозофијата „достоинствено во животот„ „достоинствено во смртта„. Како што јавил допипсникот на МИА од Лондон, во соопштение што го објавило семејството на починатите, се вели дека и двајцата починале заедно, во мир, по долга борба со ракот и во фаза во која ништо не можело да ги спаси од смртта. Нивната одлука нема никаква врска со квалитетната и несебична нега, што ја добивале од советници, доктори и сестри, на кои семејството им е многу благодарно„ изјавила ќерката на починатите.

Сите досегашни влади ја одлагаат оваа тема па затоа таа досега не е дојдена во фаза на озаконување под какви било услови. „Лекарите и јавноста во Британија се длабоко поделени околу прашањето за евтаназија и нејзиното легализирање„. Досега се знае дека преку 100 Британци се изложиле на доброволна евтаназија во„Дигнитас„ организација за евтаназија (врз неизлечиво болни пациенти, кои поседуваат валидни лекарски документи) која постои веќе 10 години.

Британските друштва за евтаназија сега бараат да се спречи, т.н. „туризам на смртта„ како што се нарекува одењето во Швајцарија и бараат цврсти и прецизни законски прописи, сето тоа да се прави во Британија.

Холандија е првата држава во светот која го усвои контроверзниот закон за евтаназија во 2002 година. Законот овозможува пациентите кои се соочуваат со неподносливи болки да побараат евтаназија, а лекарите да извршат убиство од милосрдие, ослободени од заканите за гонење, доколку ги следеле точните процедури. Во текстот „Легализирано убивањето од милосрдие„ Здружението за доброволна евтаназија, води дебата дали на постарите луѓе треба да им се препишува пилула за самоубиство за да можат да си го окончаат животот кога ќе почуствуваат дека е вистинско време„.

Во текстот под наслов „Во Белгија значителен пораст на евтаназија„. Се алармира за зголемување на бројот на лица кои побарале евтаназија и тоа двојно зголемување од 1998 година, речиси 6 пати поголем отколку во 2001 година. Парламентот на Луксембрург усвои закон со кој се легализира евтаназија и потпомогнато самоубиство, со што Големото Војводство се приклучи кон малата група на земји кои дозволувааат тешко болните да ги окончаат нивните животи. Законот бил усвоен со 30 гласови „за„ наспроти 26 „против„. Медиумите во

Луксембург соопштиле дека тоа е симболичен пораз за премиерот Жан-Клод Јункер, чија Христијанска социјалистичка партија е против тоа.„

Холандија е првата земја, која дозволи потпомогната смрт за тешко болните во 2002 година. Опонентите таму повлекуваа паралели со нацистичка Германија, каде што властите убија илјадници онеспособени деца и психички болни возрасни лица. Стравувањата дека старите луѓе ќе бидат под притисок да извршат самоубиство се неосновани, со оглед на контролите и рамнотежите вметнати во законот. Евтаназијата ќе биде дозволена за смртно болните и за оние со неизлечиви болести или состојби, само кога ќе побараат повеќе пати да умрат и со согласност од двајца лекари и експертска комисија.

Во текстот под наслов„ Евтаназија, да или не?„ се наведува „интересот„ за законско регулирање на евтаназијата. Во неколку земји во светот се водат дебати, како што се Мексико, Австралија и Кина. Настанот кој се однесуваше на судење за евтаназија на француски лекар и медицинска сестра обвинети за убиство на тешко болен пациент од рак во 2007 година, исто така ја разгоре дебатата за медицинската етика во Франција. Слични текстови под наслов „Борба за живот или достоинствена смрт„ укажуваат дека евтаназијата наскоро ќе биде легитимна законска процедура, која ќе значи прекин на недостоинственото и право на достоинствена смрт„ Во Белгија, Холандија, Луксембург и некои кантони на Швајцарија, законската регулатива дозволува достоинствена смрт и тоа барање го сметаат легитимно, доколку е дадено во свесна состојба на болниот и доколку тоа тој лично го бара.

Во областа религија останува единствено црквата, која е категорично против, исто како што е против абортусот или хомосексуалните бракови. Веста под наслов „Ватикан се разведува од италијанското право„„ (правните експерти на Ватикан соопштија дека во Италија, граѓанските и кривичниите кодекси имаат премногу закони и тие често пати се во конфликт со црковните принципи. Ватикан исто така реши да ги прегледа меѓународните договори, пред да се реши дали да ќе се држи до нив. Според Латеранските договори потпишани пред точно 80 години, помеѓу папата и италијанскиот парламентарен систем, италијанските закони се применуваат автоматски. Ватикан неодамна одби да одобри декларација на

Обединетите нации со која се легализира хомосексуланоста. Текстот оди предалеку во поставувањето на различни сексуални ориентации на исто ниво, истакнуваат претставници на Ватикан. Дел од правните експерти сметаат дека Ватикан едноставно се обидува да ја потврди својата правна независност во случаи кои инволвираат на пример, граѓански сојузи, разводи, тестаменти или евтаназија. Ако Италија легализира некои сексуални бракови или евтаназија, на пример, Ватикан, сега ќе може да одбие да го признае тоа.

Следејќи ги активностите во европските земји, речиси е сигурно дека евтаназијата и покрај сите дилеми, медицински, филозофски и теолошки, наскоро ќе биде легитимна законската процедура, која ќе се вика поинаку, но во суштина ќе значи прекин на недостоинственото живеење и остварување на правото на достоинствена смрт. Балканот не е средина, каде што може да се очекува поамбициозен чекор во оваа смисла, но европската агенда, веројатно ќе наметне и теми за кои не сакаме, но ќе мора да зборуваме.

Во областа законодавство. Според постојните законски прописи во Македонија, евтаназијата не само што не е дозволена, туку претставува кривично дело. Правото на достоинствена смрт е предмет и активност на многу организации низ светот, кои се трудат да го внесат во законски регулативи. И во нашава земја повремено се отвораат дебати околу ова осетливо емотивно, правно и стручно прашање, но се се сведува на стерилни емисии, без заклучоци и јасни ставови.

Текстот под наслов „Неизлечиво болната Деби Парди ги победи владата и парламентот„. Британскиот Суд на лордовите, што во земјата ја има правната сила на Врховен суд, донел пресуда со која им е наложено да обвинителствата веднаш да почнат со изработка на нови правила за тоа како ќе се однесуваат кон оние, кои на своите блиски ќе им помагаат во странство да извршат самоубиство. Ваквото решение е денесено откако Судот го подржа барањето на Британката Деби Парди (46), нејзиниот сопруг да не биде прогонуван и казнет, бидејќи и помогнал да отпатува во Швајцарија и во специјализираната „клиника„ во Цирих „Дигнитас„ да си го одземе животот.

Едногласната одлука на петтемина лордови – судови претставува победа на оваа жена, која последните денови од својот живот ги посветила на правната битка

за, како што вели: „достоинство и на крајот од животот„ над британската влада која долго време се премислува во однос на занимавањето со ова прашање, како и над парламентот, кој досега ги одбиваше сите иницијативи и предлози за „осовременување„ на законодавство што ги регулира самоубиствата.

Јавноста во Британија, како и медиумите, останале поделени, како што биле и до овој случај, стравувајќи дека дозволата за помагање на самоубиствата може да се злоупотребува, како што тоа може да се случи и со евентуалната легализација на евтаназијата.

Поборниците на евтаназијата во земјата, застанале во одбрана на „храбрата жена„ објаснувајќи дека времињата се променети и оти правото не може и понатаму да биде заробеник на верските и на религиозните норми и на „лажното„ морализирање околу животот и смртта, додека некои правни експерти предложиле корегирање на сегашните прописи, сугерирајќи тие да се приспособат на „новата ситуација„. Актуелниот британски закон забранува евтаназија, а за помагање при самоубиство предвидена е максимална казна од 14 години затвор, но овој закон е направен уште во 1961 година и се однесува на сите видови самоубиства.

Иако, во случајов не станува збор за легализирање на евтаназијата, во прашање е „историски момент„ и исто таква одлука, велат правните застапници на Деби Парди, објаснувајќи дека конечно е расчистена една правна збрка, поради која обвинителствата се однесуваа како да се слепи. И во досегашните законски услови, само осум пати обвинителствата во земјата разгледувале случаи во „Дигнитас„ но немале „храброст„ да подигнат обвинение.

Текстот под наслов „Скандал со евтаназија во Германија „Политичар помогнал самоубиство и го снимил„. „Тоа е грозно и длабоко потресно како еден егоистичен циник ја искористил осаменоста на една стара жена за да се стекне со признание„ изјавил претседателот на германското медицинско здружение. Ваквиот настан предизвикал бурна реакција во Германија, а во некои држави предложиле воведување на построги закони за лицата кои ќе понудат комерцијална или организирана помош за самоубиство.

Во текстот под наслов „Чекаат на ред за милосрдна смрт„. Рекорден број на Британци кои боледуваат од неизлечиви болести се наоѓаат на листата за помогнато самоубиство во контроверзната швајцарска клиника „Дигнитас„.

Вест под наслов „Туристичка реклама со покана за евтаназија во Камбоџа„. (Ако веќе морате да умрете некаде, зошто не би умреле во Камбоџа„). Тоа се најновите туристички слогани во оваа азиска земја„.

**Заклучни согледувања**

1) Евтаназијата во анализираниот период, печатените медиуми ја третирале во вкупно 38 текста. Од нив 36 се новинарски текстови, а 2 изјави на личности што функционираат како посебни целини, текстови.

(2) Според жанровската структура, доминираат информативните жанрови (вест (18 текстови), извештај (9 текстови) и интервју (3 текстови)) или (вкупно 30 текстови), а аналитичките жанрови (коментар (3 текстови) и статија (5 текстови) се застапени со вкупно (8 текстови). Поединечно, најприсутна е веста со 18 текстови од вкупно селектираните.

За најголем дел од текстовите (26 текстови) поводот да бидат напишани биле конкретни настани, а за само (10 текста), може да се каже дека настанале како резултат на авторска иницијатива за пронаоѓање теми.

(3) Најбројни се текстовите од областа на здравството (19 текстови). Со поголем број текстови, евтаназијата е третирана и на теми од областа човекови права (8 текстови), свет (5 текстови), законодавство (2 текста) и религија (4 текста).

(4) Во 20 од текстовите што спаѓаат во информативните жанрови, генералниот став кон евтаназијата е неутрален, 7 текстови се со негативен став, 3 текстови се со позитивен став, додека кај аналитичките жанрови во 4 од текстовите е изразен неутрален став кон евтаназијата, во 1 текст е позитивен, во 3 текста е негативен.

Во вкупно 25 текста, се пренесени, односни цитирани изјави на личности во кои има позитивни или негативни ставови кон евтаназијата. Најмногу негативни ставови кон евтаназијата, вкупно 18, се изразени во изјавите на теми од областа човекови права.

Во изјавите што се составен дел од новинарските текстови, се регистрирани и 7 позитивни ставови кон евтаназијата кои, исто така, најмногу се на теми од здравството.

Од вкупно 12 изјави на различни субјекти објавени издвоено како посебни целини, во 9 има позитивен став кон евтаназијата, а во 3 од нив е изразен негативен став.

## Квантитативна и квалитативна анализа на печатените медиуми за клонирањето

### Обем на објавени текстови кои се однесуваат на клонирањето

Печатените медиуми, во анализираниот период, имаат објавено вкупно 33 текстови поврзани со клонирањето. Од нив 29 се новинарски текстови, а 4 се изјави на експерти, научници и други личности, што се објавени издвоено.

### Жанровска категоризација и повод за објавување на текстовите

Во селектираните текстови доминираат информативни жанрови (вест и извештај), што е разбирливо со оглед на концептот на уредувачката политика на еден дневен весник кој што континуирано ги следи актуелните збиднувања. Најзастапена жанровска форма се веста (13 текстови) и статијата (7 текстови).

| Жанрови | Бр.на објавени текстови |
|---|---|
| Вест | 13 |
| Извештај | 6 |
| Интервју | 3 |
| Коментар | 4 |
| Статија | 7 |
| Вкупно | 33 |

Бројот на аналитичките жанрови е помал. Во нив доминираат статиите (7), а објавени се и (4) коментари во кои се третираат прашања поврзани со предностите и последиците поврзани со клонирањето.




**Графички приказ на текстовите за клонирање според жанрови**

## Области и теми на кои се однесуваат текстовите

Област на која се однесуваат најмногу текстови во печатените медиуми (19 текстови) е **медицината**, што е разбирливо со оглед на фактот што таа опфаќа најголем број теми за клонирањето кое континуирано е во фокусот на светското јавно мислење.

Во рамките на оваа област, тема за која е најчесто пишувано во печатените медиуми се најновите достигнувања во медицинската наука, а се однесуваат на откривање на поефикасен метод на клонирање. Овцата Доли стигнала на насловните страници во 1997 година како првиот цицач клониран од сосема развиена клетка, односно клетка земена од возрасно животно. Оттогаш па наваму, постојат бројни написи кои пишуваат за континуираното откривање на поефикасен метод за клонирање.

Во прилог на ова е интервјуто со професорот Џери Јанг од универзитетот во Конектикат успеал да клонира глувци користејќи диференцирани или зрели бели крвни зрнца наречени гранулоцити. Научниците овој експеримент го изведувале со крвни клетки во различна развојна фаза - од фаза на матични клетки до целосно зрели клетки, наречени целосно диференцирани. - Она што не изненади беше тоа што ефикасноста растеше како што користевме се подиференцирани клетки. Тоа за

нас претставуваше големо изненадување и вистински шок. Дури и за нас беше необично тоа што целосно диференцираните клетки беа поефикасни за клонирање, бидејќи гранулоцитите не се способни за делба - изјавил Јанг. Сепак, ова истражување ја поттикнало надежта за употребата на технологијата на клонирање во медицина. Поддржувачите на ова т.н. терапевтско клонирање сметаат дека еден ден ќе биде можно да се извади клетка од пациент, на пример од кожа, која ќе се употреби да се клонира ткиво или орган што ќе го замени оштетениот орган.

Веста под наслов „Големо достигнување на научниците од Јужна Кореја„ исто така говори за предноста на клонирањето. Ова не е клонирање со цел да се направат бебиња, туку за да се извадат основни клетки за да се најде лек за дијабетис, Паркинсова болест и други болести. Не зависно од целта на клонирањето, постапката секако повторно ќе предизвика контроверзи во светот околу тоа дали да се забрани секаков вид човечко клонирање, за што се залага администрацијата на Буш, или да се одобри овој вид "терапевтско клонирање" што ќе овозможи да се создаде ткиво за замена од самите пациенти.

Големо достигнување на научниците од Јужна Кореја за успешно клониран човечки ембрион. Постојат спротивставени мислења за овој пристап. Ова достигнување секако ќе поттикне дебата за човечкото клонирање. Некои целосно се противат на човечкото клонирање од етички и научни причини. Други се противат на отстранувањето на „основните клетки„ од клонираните човечки ембриони, бидејќи во тој процес ембрионот се убива„. Поддржувачите на пристапот дебатираат дека истражувањето на „основните клетки“ ќе доведе до иновации во медицината.

Тимот научници вели дека нивната цел била, како што го нарекуваат, „терапевтско клонирање“, спротивно на „репродуктивното клонирање“. Со други зборови, тие попрво се интересираат за истражување на „основните клетки“, одошто клонирање на цело човечко битие. Пронајдоците на тимот научници биле објавени на интернет-изданието на американското списание Наука.

Американската асоцијација за усовршување на науката, која е издавач на списанието, изјавила дека јужнокорејските биолози се првите што објавуваат успешно истражување за клонирање на човечките ембрионални клетки.

Најпривлечното нешто во генетиката е можноста да се реплицираат големите умови од минатото. Замислете си „повторни изданија„ на Цезар, Конфучије, Наполеон..од љубопитност. А за корист на Њутн, Ојлер, Гаус или Максвел.„Но кој гарантира дека ќе се множат само луѓе од добар материјал?. Што ако се направи војска од глупави, но послушни Шварценегери?. Што ако богатите си направат „фарма на клонови„ од кои ќе си жнеат резервни органи и ќе си обезбедат бесмртност?.

Следна област во која се допира абортусот е областа криминал (2 текста). Овде се обработуваат најчесто темите поврзани со загрозување. Канадската религиозна секта „Раел се очекува да соопшти дека е „Родено првото клонирано бебе во Мајами, во сојузната американска држава Флорида.„ Њујорк Тајмс“(27.12.2002). Научниот соработник на сектата, Французинката Брижит Боазлие, која е и претседател на компанијата за човечко клонирање „Клонеид“, ќе одржи прес-конференција на која ќе соопшти дека новороденчето, кое е девојче, има идентични гени со нејзината мајка. Боазлие наведе дека не станува збор за чудовиште, туку дете кое неговите родители го сакаат.

Експертите на ова поле реагираат со скептицизам и лутина на соопштението на сектата од Квебек, која проповеда слободна љубов и верува дека животот на земјата настанал благодарејќи на вонземјани. „Јас сум згрозен. Тоа покажува непочитување на човековите ембриони и не понижува„ изјави шефот на одделот за репродукција во болницата во Отава.

Во текстот под наслов „Стотици двојки-доброволци за клонирање„ се објавува за зголемениот интерес (600-700 двојки) за учество во еден експеримент за создавање клонирани деца, и покрај јакото религиозно и научно спротиставување. Интерес постои насекаде, во Јапонија, Аргентина, Германија, Британија. Понатаму, во текстот се искажуба револтот и големиот отпор од стрна на научниците и некои религиозни групи. Научниците кои планираат да го изведат експериментот, велат дека ќе го сторат тоа во една неидентификувана медитеранска земја, обидувајќи се да го избегнат нараснатиот отпор.

Наскоро: Клонирање на луѓе„ еден од групата универзитетски експерти на ОН, изјавил дека: „Реалноста е таква, што човекот-клон, може да се појави, пред меѓународната заедница да успее да ги разработи законските рамки за клонирање„.

Дел од текстовите се однесуваат на забраната на истражувањата во врска со човечкото клонирање. Интересно е да се спомене дека д-р Иан Вилмут, креаторот на Доли, изјави дека биле потребни 277 обиди за да се успее во експериментот. Некои експерти, пак тврдат дека 97 проценти од обидите на техниките за клонирање завршувааат со неуспех. Британија минатата година одобри истражување во врска со клонирањето, додека Шпанија и Франција сосема го забранија обидот за човечко клонирање. Завос изјави за време на одржувањето на научната конференција дека ова не е лесен потфат, но, "најважна е стабилноста на генетската информација. Ние сега клонираме човечко суштество, а не се обидуваме да ја креираме Доли. Секако дека не сакаме да создадеме чудовиште".

Четврта група текстови се од областа законодавство (2 текста). Овие текстови главно се однесуваат на прашањата за промените, односно изменувањата и дополнувањата во законската регулатива. Буш и Ширак бараат забрана за клонирањето луѓе„ 28.12.2002 Американскиот и францускиот претседател Џорџ Буш и Жак Ширак, по објавувањето на веста дека се роди првото клонирано бебе, остро го осудија клонирањето на луѓе.

„Клонирањето луѓе е многу алармантно и јас ќе го поддржам предлог законот со кој ќе се забрани оваа дејност“, изјави Буш.

Францускиот претседател Жак Ширак клонирањето луѓе го оцени како „криминална пракса„ и ги повика сите држави да го поддржат француско-германскиот предлог за забрана на клонирање луѓе.

Франција и Германија до Обединетите нации поднесоа проект конвенција со која се предвидува целосна забрана за клонирање луѓе и ги повикуваат сите држави да ја потпишат.

Мораме да го зачуваме човечкото достоинство и поради тоа мораме да го спречиме клонирањето на човек Американскиот претседател Џорџ Буш апелирал

до американскиот Сенат да ги забрани сите истражувања во врска со клонирањето на човек. "Животот е создавање, а не артикл ", изјавил тој. " Во обид да го зачуваме човечкиот живот, ние исто така мораме да го зачуваме човечкото достоинство - и поради тоа мораме да го спречиме човечкото клонирање уште пред тоа да почне".

Претседателот изјави дека се друго, освен целосна забрана би било неетички, и речиси невозможно за спроведување. "Во обид да го постигнеме тоа што е можно, мораме секогаш да се прашуваме што е исправно, и не смееме да заборавиме дека дури и најблогородните цели не ги оправдуваат средствата", изјави тој. Претставничкиот дом во минатиот јули усвои сличен закон, со кој се забранува создавањето на какви било ембриони кои се генетички близнак на донаторот. Голем број претставници во Сенатот се спротивставуваат на употребата на клонирањето за создавање човечки суштества, но постои поддршка на таканареченото терапевтско клонирање - создавање на ембрионски основни клетки за употреба во истражувањата и потенцијалното лекување на болести. Употребата на ембрионските основни клетки е контроверзна, бидејќи се убива жив човечки ембрион, со цел да се извадат клетките. Сенаторите во моментот разгледуваат два нацрт-закона. Со првиот би се забранило секакво човечко клонирање, а со вториот само репродуктивното клонирање, со тоа што би се дозволило терапевтското клонирање. Како подршка на целоснана забрана, Буш изјави: "Сенатот би направил грешка кога би дозволил каков било вид човечко клонирање". Тој додаде дека постигнување на каков било успех од истражувањата за клонирање е "крајно дискутабилен".

Печатените медиуми третирале и поголем број други политички теми во кои се допираат прашањата за клонирањето, но со помал интензитет и во други земји: активностите на одредени групи, и др. Во областа свет (3 текстови). „Сензационална вест за промоција на бизарниот култ„. Светот и натаму вџашен по информацијата за раѓањето на првите две клонирани бебиња. Како што минуваат деновите од сензационалното соопштение на американската фирма за генетички инженеринг "Клонеид" дека е родено првото клонирано бебе, се повеќе се чини извесно дека во основа станува збор за голема медиумска манипулација зад која стои бизарниот религиозна секта реалијанци која, наводно, и го нарачала, така да се

каже, создавањето на првото дете. Последната вест што пристигна од САД, а која упатува на ваков заклучок, е соопштението на Мајкл Гулиен, познат американски телевизиски новинар специјализиран за прашања од граничната област на науката, дека се откажува од добиената задача да организира независна експертиза со која би се потврдило тврдењето на генетичарите од "Клонеид". Гулиен, инаку, во својата изјава за новинарите, меѓу другото, констатира дека "сосем е возможно да станува збор за планирана измама". "Сосем е возможно, вели Гулиен, дека единствена цел на оваа сензационална вест била да се сврти интересот на јавноста кон движењето реалијанци". Станува збор за "њу ејџ" секта која, меѓу другото, во своето верју тврди дека луѓето како вид се создадени со клонирање од некоја технолошки напредна цивилизација вонземјани. На отворените обвинувања од господин Гулиен, претставниците на "Клонеид" изјавија дека тестирањето на првото клонирано бебе - без кое е невозможно да се докаже тврдењето на генетичарите од оваа фирма - е невозможно поради тоа што родителите на Ева остро се спротивставуваат на таквата идеја. Ова образложение, како и да е, на многумина им изгледа прилично "тенко" и дополнително ја зголемува скепсата околу веродостојноста на тврдењето дека е родено клонирано бебе. Оваа скепса, патем, ја истакнаа многумина еминентни научници што се занимаваат со оваа област веднаш откако среде божикното празнување во САД д-р Брижит Боселие ја организираше спектакуларната конференција за печат на која го најави "успехот" на нејзиниот тим генетичари. Како и да е, дека целата работа околу наводното успешно клонирање луѓе има повеќе врска со медиумите одошто со науката и, воопшто, со вистината според некои покажува и ангажирањето на Мајкл Гулиен за водач на тимот што независно ќе ги потврди тврдењата на "Клонеид". Гулиен, имено, е избран токму од реалијанците и тоа со образложение дека тој отсекогаш покажувал разбирање за нивните ставови.

Од друга страна, за многумина Гулиен е "проблематичен" како новинар бидејќи го бие глас дека е пропагатор на ненаучни теории и дека и самиот е "медиумски манипулатор". Мајкл Гулиен е независен телевизиски новинар кој, покрај тоа што има докторска титула стекната на престижниот Универзитет "Корнел" и што извесно време бил научник на "Харвард", во САД стекнал слава со

медиумска обработка од научен аспект на проблематични теми. Многумина реномирани американски научници изразија сомневање дека станува збор за медиумска манипулација во изминативе два дена. Еден од нив беше и Мајкл Манганиело, претставник на "Коалицијата за унапредување на медицинските истражувања", кој целата оваа работа недвосмислено ја поврзува со "вообичаениот божикен недостиг од вести". "Реалијанците, изјави тој, сосем добро знаат што прават - тие намерно го избраа божикниот викенд за да му ја соопштат на светот наводната спектакуларна вест која, како што изгледа, и нема друга цел освен да прибира нови следбеници на овој култ".

Имаше и такви кои остро ги критикуваа медиумите поради вниманието што и го посветија на веста за "првиот човечки клон", констатирајќи дека е непрофесионално кога се објавуваат сензационалистички вести за кои не постои ама баш никаква потврда. "Потврдата за наводното клонирање, вели професор Артур Каплан од Универзитетот на Пенсилванија, не претпоставува никаква сложена техника и овој тест може да го изведе секој обичен студент по медицина. Конечно, вели тој, вообичаено е медиумите кога објавуваат некоја вест од областа на науката да имаат барем една потврда за тоа што се кажува во информацијата".

| Области | Бр.на објавени текстови |
|---|---|
| Медицина | 19 |
| Човекови права | 4 |
| Законодавство | 2 |
| Криминал | 2 |
| Политика | 1 |
| Свет | 3 |
| Друго | 2 |
| Вкупно | 33 |




**Графички приказ на објавените текстови за клонирањето според области**

Во областа друго (2 текста) категоризирани се текстовите од областа на религијата. Православните христијани за оваа перспектива,, првата реакција, се разбира е ужаснатост пред фактот дека луѓето сакаат да си играат со Бог и сериозно размислуваат за такви експерименти за повторно создавање на човечката природа, покрај кои Хитлеровата еугеника (наука за методите за поправање на расата) изгледа како детска игра.

## Генерален став кон клонирањето

Во 7 текстови е изразен негативен став, во 5 позитивен, а во 2 ставот не може да се оцени. Неутралниот став е најчесто присутен во информативните жанрови (вест, извештај), кои се и најбројни, што значи дека печатените медиуми се потрудиле да ги задржат професионалните стандарди во известувањето. Негативен или позитивен став кон клонирањето, почесто се забележува во аналитичкото новинарство (коментари, статии).

| Област | Вкупно | Неутрален | Негативен | Позитивен | Нема став |
|---|---|---|---|---|---|
| Здравство | 19 | 11 | 7 | / | 1 |
| Човекови права | 4 | 3 | / | / | 1 |
| Криминал | 2 | 1 | / | 1 | / |
| Свет | 3 | 2 | / | 1 | / |
| Политика | 1 | / | / | 1 | / |
| Законодавство | 2 | 2 | / | / | / |
| Друго | 2 | / | / | 2 | / |
| Вкупно | 33 | 19 | 7 | 5 | 2 |




**Заклучни согледувања**

1) Во анализираниот период, во печатените медиуми се објавени вкупно (33) текстови во кои целосно или делумно се пишува за клонирањето.

(2) Во селектираните текстови, доминираат информативните жанрови (22 текстови) што е разбирливо со оглед на уредувачката политика на дневните весници. Бројот на аналитичките жанрови е (11 текстови). Од информативните жанрови, најзастапени се: веста со 13 текстови, извештај 6 со текстови и интервју со 3 текстови. Од аналитичките жанрови, статија со 7 текстови и коментар со 4 текстови.

Во најголем број случаи (24 текста), пред се кај информативните жанрови, поводот за објавувањето бил некој конкретен настан. Како реакција на некој настан што бил актуелен во претходните седмици се објавени (7) од текстовите, а по авторска иницијатива објавени се (2 текста).

(3) Област околу која се фокусираат најголем број текстови (19) е науката (здравството), (причините и последиците за клонирање, недоволната едукација во врска со клонирањето и др.), клонирањето се третира и во текстовите кои се однесуваат на следниве области: човекови права (4 текста) и законодавство(2 текста), криминал (2 текста), свет (3 текста), политика (1 текст), религија (2 текста) итн.

(4) Во 11 од текстовите што спаѓаат во информативните жанрови, генералниот став кон клонирањето е неутрален, во 7 негативен, во 2 позитивен, и во 2 ставот не може да се оцени. Што се однесува до аналитичките жанрови, оценката е поинаква. 3 текста се со неутрален став, (5 текста) се со негативен став, а 2 текста се со позитивен став.

(5) Негативни или позитивни (фаворизирачки) став кон клонирањето, многу почесто е изразен во изјавите на научници и одредени религиозни организации или други субјекти отколку во новинарските текстови. Во изјавите, пак, на различни субјекти, политичари, негативните ставови најчесто се поврзани со стравот од можноста клонирањето да излезе од контрола. Позитивните ставови за оваа тема за која е најчесто пишувано во печатените медиуми се однесува на најновите достигнувања во медицинската наука, односно откривање на поефикасен метод на терапевтското клонирање.

## Резиме на заклучоци за современите морални предизвици (абортусот, хомосексуалноста, евтаназаијата и клонирањето) во печатените медиуми

1.Во периодот на кој се однесува истражувањето, печатените медиуми (дневните весници) имаат објавено вкупно 214 текстови во кои целосно или делумно се допираат прашања за современите морални предизвици (абортусот, хомосексуалноста, евтаназијата и клонирањето).




**Графички приказ на објавени текстови за современите морални предизвици**

2. Во печатените медиуми доминираат информативните жанрови со 165 текстови (извештај, вест, изјава, интервју), додека бројот на аналитичките жанрови со 49 текстови (коментар, статија) е далеку помал, што е разбирливо со оглед на општата концепција и уредувачката политика на дневните весници кои пред сé ги следат дневните збиднувања.

3. Истражувањето потврдува уште еднаш дека весниците се повеќе се рефлексија на реалноста, а помалку нејзини активни обликувачи. Во најголем број случаи, тие реагираат на настани и случувања од кои произлегуваат овие теми, поретко како сопствена иницијатива или како резултат на концепциски приод или на осмислена уредувачка политика и практика.

Најчесто поводот за објавувањето бил некој конкретен настан или 160 текстови, (по повод некоја промоција, пресконференција), аналитичките текстови се главно напишани како реакција на некој настан што бил актуелен во претходните седмици или 41 текст или по авторска иницијатива 13 текстови.

4.Современите морални предизвици главно се третираат низ теми од други области (здравство-наука)(83 текстови), човекови права (54 текстови), политика (15 текстови), криминал (13 текстови), законодавство (17 текстови), свет (19 текстови),




и друго (13 текстови)) преку кои се зафаќаат или допираат прашањата, проблемите и процесите поврзани со нив, а помалку се елаборира низ текстови кои директно се фокусирани на нив.

5. Од дневните весници, најголем број текстови со неутрален став кон современите морални предизвици има кај информативните жанрови 110 текстови, со негативен став 40 текстови, 13 текстови се со позитивен став, кај 2 од текстовите неможе да се утврди ставот, кај аналитичките текстови неутралниот став е присутен со 25 текстови, негативен став е изразен во 15 од текстовите, со позитивен став се 5 текста, додека во 3 од текстовите ставот неможе да се одреди.

Битно е да се нагласи дека при изразувањето на генералниот став на текстот кај медиумите можат да се забележат многу нијанси: од екстремно изразен негативен став што провејува низ целиот текст до неутрален став во кој имплицитно, само со една или две реченици, се искажува негативен однос кон одредена појава. Поради обемноста на темата, ваквите нијанси не можеа да бидат подлабински анализирани, односно во текстовите со негативен став се групирани и оние кај кои целиот контекст е негативен и оние кај кои негативниот став е изразен само со една реченица.

Од аспект на новинарскиот жанр, негативен или позитивен став најлесно може да се идентификува во коментарот, статијата или репортажата. Кај извештајот и новинарската вест, ставот се идентификува како негативен или позитивен, доколку медиумот, известувајќи за фактите, употребува и квалификации, атрибути или други вредносни категории. Кај интервјуто тој се утврдува врз основа на конструкцијата на прашањата и контекстот во кој е објавено. Оттаму, логично беше да се очекува дека, доколку медиумот застапувал негативен или позитивен генерален став кон некои од современите морални

предизвици, тој најмногу треба да бил изразен во коментарите, статиите или репортажите.

Ваквиот теориско-методолошки приод произлегува од самата цел на истражувањето: да се утврди на кој начин медиумите известувале за современите морални предизвици, а не каков бил можниот ефект од објавените текстови врз популацијата. Затоа, битно е да се нагласи дека, доколку медиумите (особено во извештаите и вестите) известувале неутрално за голем обем негативни настани тие едноставно ги регистрирале реалните случувања кои, самите по себе, веројатно имаат големо негативно влијание врз современите морални предизвици. Она што треба да се очекува од медиумот, доколку конзистентно застапува неутрален или позитивен став е, кога има такви настани, во континуитет и критички да се осврнува врз нивното негативно значење во однос на правото на избор, и почитување на човековите права.

6.Во третирањето на проблематиката за современите морални предизвици, кај сите весници, во огромен број информативни и аналитички жанрови, се сведуваат на релација морални предизвици, човекови права и религијата. Голем е и бројот на појавени содржини во кои се елаборираат теми за третманот на моралните предизвици во светот. За одредени теми (на пример, за абортусот повеќето текстови алармираат за зголемување на бројот на абортуси, за одредени измени во законската регулатива, легализација на хомосексуалноста и хомосексуалните бракови во одредени земји, ставот на црквата за современите морални предизвици и др.).

7. Што се однесува до уредувачката политика на сите весници, како потрајна определба, во однос на современите морални предизвици (абортус, клонирање, евтаназија, хомосексуалност), таа се потпира на општоприфатените принципи и вредности, човековите права, за почитување на законите, за европските стандарди и критериуми во оваа сфера. Оценката за уредувачката политика на печатените медиуми во однос на соврмените морални предизвици може да се извлече врз основа на повеќе аспекти. Прво, таа се разликува од аспект на жанровската карактеристика на текстовите. Во контекст на известувањето за

настаните во информативните жанрови, печатените медиуми најчесто се труделе да се придржуваат кон професионалните барања за неутралност, додека во аналитичкото новинарство не успеале до крај да ја запазат конзистентноста и доследноста на неутрален критички набљудувач на процесите и настаните. Имено, во редакциското третирање на овие прашања, печатените медиуми не успеваат секогаш да го воспостават потребниот суптилен баланс меѓу потребата од критички став спрема нетранспарентното однесување на власта во овој процес, од една страна, и некритичното отклонување кон интересите на граѓанските здруженија од друга.

Кога пак уредувачката политика се остварува во практичното исполнување на функциите на медиумите, односно на анализираните весници, се добива пореална слика и различни резултати. Истражувањето покажува дека печатените медиуми без исклучок се задржуваат на статистички податоци, што се пријавени и официјално потврдени, иако ги афирмираат и тврдењата на стручните лица дека тие бројки не се реални (односно дека веројатно објективно се поголеми).

# ШЕСТИ ДЕЛ

# СТАВОВИТЕ И УЛОГАТА НА ГРАЃАНСКИТЕ ЗДРУЖЕНИЈА ЗА ИЗВЕСТУВАЊАТА НА ПЕЧАТЕНИТЕ МЕДИУМИ ЗА СОВРЕМЕНИТЕ МОРАЛНИ ПРЕДИЗВИЦИ

## Резултати од интервјуата со претставници на граѓанските здруженија

Во поглед на информирањето за современите морални предизвици, беа спроведени полуструктурирани интервјуа со претставниците на граѓанските здруженија, **МАССО (Македонска асоцијација за слободна сексуална ориентација) и ХЕРА (Асоцијација за здравствена асоцијација и истражување).**

Основна цел беше да се презентираат нивните мислења и искуства во врска со тоа колку и на кој начин печатените медиуми известуваат за современите морални предизвици. Од нив беше побарано да ја оценат сопствената работа во поглед на информирањето за современите морални предизвици, со кои проблеми вообичаено се соочуваат, да го изнесат нивното мислење и сугестии за етичките аспекти во известувањето, како и за тоа како во иднина медиумскиот третман на овие прашања би можел да се подобри, односно да стане поефикасен.

**1.Што мислите за степенот на зачестеност на информации за современите морални предизвици во печатените медиуми?**

За степенот на зачестеност на информациите поврзани со современите морални предизвици во медиумите, во квантитативна смисла, овие организации оценуваат дека не е доволен, дека се информира кампањски, нередовно, главно на Денот на човековите права или по некој друг повод и предлагаат тоа информирање да биде почесто.

Речиси и двете граѓански организации (МАССО –Македонска асоцијација за слободна сексуална ориентација и ХЕРА- Асоцијација ) што работат на превенција на абортусот, против стигматизација на хомосексуалците, оценуваат дека

печатените медиуми во Република Македонија за современите морални предизвици известуваат (или воопшто ги третираат) само кога има некаков повод, пред и околу Денот на човековите права (1 декември), или кога има некој инцидент поврзан со нив.

Значи, информирањето, според нив, е кампањско, нередовно, непостојано и не соодветствува на тежината на проблемот. Оценка е дека, сепак, повеќе се информира во последниве 10 години, во однос на порано, откако Граѓанските здруженија презедоа поагресивна кампања. Информирањето се иницира главно од нив.

**2.Во кои рубрики најчесто се пласираат темите поврзани со современите морални предизивици?**

Дел од граѓанските здруженија се изјаснуваат дека кај печатените медиуми, за современите морални предизвици почесто пишуваат дневните весници Дневник, Утрински весник и Вечер, а потоа и некои списанија специјализирани за жени. Содржините за современите морални предизвици во весниците, според НВО, се пласираат или во рубриките за здравство или во криминал.

Од другите медиуми, најчесто се спомнуваат брошурите и материјалите (флаери, плакати) што специјално ги објавуваат НВО, понекогаш има билборди на тема абортус, хомосексуалност, а поретко се наведуваат Интернет и рекламни кампањи.

**3.Дали се користи соодветна терминологија за одредени теми?**

Информирањето, во најширока смисла на зборот, со соодветна терминологија за современите морални предизвици се уште не е на најзавидно ниво и најквалитетно. Дел од медиумите успешно известуваат за зголемување на бројот на абортуси, особено кај младата популација, потоа за одржување на геј парада, но сепак има потреба од посистематско известување.

НВО им забележуваат на медиумите за непрецизното користење на терминот ризични групи, наместо групи со ризично однесување, иако се констатира дека дел од новинарите коректно известуваат во овој поглед. Мислење е

на НВО дека медиумите како потенцијални инфицирани од ХИВ/СИДА почесто ги спомнуваат хомосексуалците, во однос на жените инволвирани во проституција, во трговија со луѓе, лицата кои практикуваат секс без заштита или кои често го менуваат сексуалниот партнер. Медиумите не го нагласуваат фактот дека потенцијално секој може да се инфицира. Од организациите МАССО – Македонска асоцијација за слободна сексуална ориентација и ХЕРА, што работат на теми поврзани со современите морални предизвици, за медиумите го препорачуваат и следново:

- истражувачко новинарство за абортусот, хомосексуалноста, евтаназијата, клонирањето, како поширока проблематика во општеството, социјалните, етичките и културни аспекти, здравствените и правни димензии.
- организирање обуки за новинарите во поглед на најшироките аспекти за современите морални предизвици,
- инсистирање од новинарите за овој проблем често да се изјаснува и Министерството за здравство, и други институции кои се надлежни за истите.
- за современите морални предизвици да не се известува сензационалистички,
- при известувањето да се обрнува внимание на проблемот на стигматизацијата на луѓето (хомосексуалци).

**4.Каква е соработката помеѓу медиумите и граѓанските здруженија?**

Организациите и телата што работат на теми кои ги третираат современите морални предизвици ја оценуваат својата соработка со медиумите како добра, иако очекуваат од новинарите поголема иницијатива и препознавање на податлива материја за медиумски третман во она што овие НВО го имаат, го знаат и можат да го понудат.

Соработката меѓу новинарите од печатените медиуми во врска со современите морални предизвици овие граѓански здруженија ја оценуваат слоевито. Во врска со тоа можат да се извлечат следниве заклучоци:

- Соработката е добра и коректна, но мора да биде посодржајна и почеста,

- Медиумите главно одговараат на повик на граѓанските здруженија, а не се самоиницијативни и не ги ползуваат сознанијата, активностите и потенцијалите на овие организации и тела,
- Се случило неосновано граѓанските здруженија да бидат обвинети за ˊперење париˋ,
- Граѓанските здруженија се обидуваат да ги заинтересираат медиумите,
- Според граѓанските здруженија многу е позитивна соработката со Македонската информативна агенција (МИА), со цел потребните информации да стигнуваат до сите медиуми.

**5.Колку од идеите на граѓанските здруженија се полезни, креативни и применливи?**

Многуте идеи од граѓанските здруженија во однос на медиумите се полезни, креативни и применливи. И граѓанските здруженија и медиумите/новинарите, низ заедничкото дејствување ќе ги остваруваат како општите цели и интереси така и нивните потреби, цели и програмски задачи.

Повеќе од очигледно е дека Невладиниот сектор, или попрецизно, организациите и телата што работат на теми поврзани со современите морални предизвици во Република Македонија се нагласено заинтересирани за соработка со медиумите/новинарите и за тоа нудат богати и продуктивни идеи. Такви се:

- "...секоја недела да имаме средби и оваа проблематика да ја доближиме до граѓаните, со заеднички акции...",
- "...континуирано да ја третираат материјата, а не само кога има актуелен проблем...",
- "...да има повеќе посебни страници во весниците, специјализирани ...",
- "...концепциски да се осмисли со утврдени цели, ставови и постапки...".

## ЗАКЛУЧОК

Значењето на ова истражување е сомерливо со оправданоста од воочувањето на зачестеноста и природата на комуникациско-информациските содржини за социолошките феномени на моралната паника. Благодарение на таа дескриптивна база и фактографско богатство на медиумското информирање, се дојде до правилна пресуда за тоа дали медиумите кај нас ја исполнија новата улога на моралотворители која им ја дава технизацијата и телеобјективизацијата на модерното општествено живеење.

Сите овие теми се сеуште баук во поголемиот дел од светот, но се почесто може да се налета на некоја полиберална држава, која легализирала хомосексуални бракови, евтаназија...или одвреме навреме ќе прочитаме текст, некој истражувачки труд за економската полезност на легализацијата на било кои од претходно наведените. Нормално дека сите се контраверзни и многу зрели за дискусија и за изнаоѓање на модуси, преку кои тие би можеле да се интегрираат во современото општество.

10 Декември е ден на човековите права, ден на Универзалната декларација за човекови права и ден кога луѓето и официјално се обединиле околу идејата дека сите човечки суштества се раѓаат еднакви по достоинство и права. Нашите медиуми не само што не мислат дека треба посебно да го спомнат и одбележат овој ден (иако се многу силни кога треба да се повикуваат на членот 19 од Универзалната декларација со која се прокламира слободата на изразување), туку немаат намера ниту да ги пренесат обидите на другите да направат нешто во оваа сфера.

Информирањето и едукацијата преку медиумите треба да е составен дел на една поширока општествена акција за информирање на младите во училиштата и во рамките на семејството, при што акцентот треба да се стави на превенцијата и на облиците на заштита. Исто така, медиумите треба да ги отвораат прашањата за односот на општеството кон современите моралните предизвици. Самите медиуми

треба попродлабочено да се зафатат со обработување на овие теми, а не да чекаат одредени поводи или акции на невладините организации да информираат.

Редовни рубрики во весниците, посебни печатени брошури и изданија. Особено се нагласува потребата од координирана акција, на медиумите, училиштата и невладините организации. Во печатените медиуми треба да има редовна рубрика во која ќе се пласираат барем основни информации за абортус и последиците по неговото извршување, најнови показатели за состојбата во земјава и светот, ќе се даваат совети за начините на заштита и сл.

Исто така, препорачливо е, во рамките на ваквите рубрики да се изнесуваат, анонимно или отворено, сведоштва на луѓе (на пример, жени кои абортирале, лица со различна сексуална ориентација) кои се соочиле со такво искуство, да се отвораат дебати во кои ќе учествуваат и стручни лица од соодветната област.

Глобално говорејќи, може да се констатира дека, квантитативно, бројот на прилози и други новинарски продукти кои ги третираат современите морални предизвици во печатените медиуми во Република Македонија, во периодот од 2002 до 2007 година, не е на задоволително ниво, односно не соодветствува на тежината на проблематиката и на потребите на граѓаните/публиката од таков вид содржини.

Ова тврдење се засновува врз фактите за соодносот меѓу вкупно објавените содржини во весниците, од една страна, и постојните (а неискористени) можности на медиумите да ја третираат оваа вредна медиумска материја понагласено и со поголем квалитет од друга.

Сепак, постојат вредни обиди, главно преку искажувањата на експертите, подлабоко да се третираат и психолошките и општествените аспект на феноменот на современите морални предизвици. Соодносот помеѓу претежно информативните содржини (прилози) и аналитичко истражувачките текстови е речиси 7 спрема 3.

За поголема слабост во известувањето на печатените медиуми за современите морални предизвици може да се смета некомплетноста на информациите (на пример, во врска со абортусот, на кои начини можат да се заштитат од несакана бременост). Се наведуваат само некои од начините (таблети, кондом), а недостасува систематско известување.

Во Република Македонија, главно низ акциите на организациите и телата што работат на право на избор на сексуалната ориентација има подготвено, објавено и дистрибуирано содржински богати материјали (брошури, анализи, флаери) кои на соодветен начин информираат за сите релевантни прашања за хомосексуалноста.

Поголем дел од новинарите го употребуваат поимот „ризични групи„ иако е поточно да се употребува формулацијата „групи со ризично однесување„. Во кусите информации ги преземаат зборовите од претставниците на Граѓанските здруженија и со тоа, практично, се изразуваат прецизно, додека во интервјуата, понекогаш новинарите не се прецизни, но најстручно и најправилно се изразуваат нивните соговорници (експерти) со што се добива, всушност квалитетна порака.

Новинарската практика покажува дека новинарите, обидувајќи се темата да ја доближат што повеќе до публиката, често користат сопствени „популарни„ термини за она за што известуваат. Речиси сите медиуми во Република Македонија, во прилозите и во текстовите во кои го допираат овој проблем, ја подржуваат борбата против стигматизацијата на хомосексуалците. Но, кога ќе се погледне фактот дека нецелосно, нередовно и сензационално пренесуваат и дека често a priori, некои групи луѓе ги прогласуваат за „ризични„ тие всушност практично не помагаат во елиминирањето на стигматизацијата и дискриминацијата на луѓето кои се хомосексуалци.

Според искажувањата на претставниците на граѓанските здруженија од невладиниот сектор, повеќе самите здруженија им нудат на медиумите информации, отколку што медиумите систематски, аналитички и креативно покренуваат иницијативи за ползување на нивните активности, проекти, идеи како извори на информации. Тоа го потврдуваат и искажувањата на самите граѓански здруженија.

Освен тоа, потребен е поодговорен пристап од страна на надлежните институции, да се ангажираат експерти од поразвиените земји кои можат да пренесат дел од искуствата, што побрзо да се изготви Национална стратегија, да се направат одредени промени во законската регулатива, да продолжат кампањите на Граѓанските центри.

Медиумите преку искажувањето на големиот број на случувања, идеи, ставови и организации во општеството, треба да имаат поучно влијание, за да и сигнализираат на публиката дека постојат луѓе со слични интереси и идеи, дека има организации кои можат да им послужат на еден или друг начин, дека има причини за да се организираат нови организации и кориснички групи за цели кои се движат од банални до значајни. Медиумите се израз на карактерот на цивилното општество што постои во општеството, како и негови воспитувачи.

Ќе истакнам еден заклучок за медиумите во Америка кој го даде Рене Каплан: Нормално медиумите во САД се водат од профитот. За нив и нивните продуценти важно е што сака публиката да слушне, види и прочита. За нив перфектно функционира формулата повеќе гледачи=повеќе профит. Во САД абортусот е политичка тема. Па така, иако сум продуцент на CNN, не можев никако да објавам нешто што е поврзано со абортусот. CNN се плаши да не ги загуби демократите или републиканците како гледачи во зависност од тоа каков пристап ќе се има во извештајот на тема абортус.

Практична цел на оваа дисертација е да се добијат сознанија кои би биле во функција на понатамошните истражувања за овие теми, но и да се сугерира на медиумите како би требало да информираат за овие процеси.

Младата македонска социолошка наука верувам ќе добие една мала, но значителна помош во севкупното објаснување и разбирање на улогата на медиумите во нашата општествена реалност, особено нивниот пристап кон современите морални расправи.

## КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА


Aguero,Jorge., Bloch,Ernst. 1984. "The Relationships Among Sexual Beliefs, Attitudes, Experience and Homophobia". *Journal of Homosexuality*, vol. 10.

Altheide,David.2002. *Creating Fear: News and the Construction of Crisis.* Aldine de Gruyter.New York.

Almagor,Raphael. 2001.*The right to die with dignity: an argument in ethics, medicine and law*. New Brunswick, N.J: Rutgers University Press.

Ang,Ien. 1996. *Living Room Wars, Rethinking Media Audiences for a Postmodern World,* London and New York: Routledge.

Андревски, Живко. 1995. *Живот со мас-медиумите*. Скопје: ИП Љуботен.

Baker, Edwin.1994*Advertising and a Democratic Press*. Princeton University Press.

Bal,Fransis.1999. *Moc media*.Beograd: Clio.

Barrett,Peter.2004. *Science and Theology: The search for Understanding*. London: T&TClark International.

Bateman-Novaes, Simone.1991. *Biomédeicine et devenir de la personne*. Paris: Seuil.

Beck,Ulrich.1992. *Risk Society*. prev.M.Ritter. London: Sage.

Becker, Howard.1963. *Outsiders*. tr.fr. J.-M. Chapoulie.1985. Paris: A.-M.Métailié.

Berger, Pete., Luckmann, Thomas.1987. *La construction sociale de là réalité.* tr.fr.P.Taminiaux, 1987. Paris: Méridiens-Klincksieck.

Berzon, Betty.1996.*Setting Them Straight: You Can Do Something about Bigotry and Homophobia in Your Life*. New York: Penguin.

Besnard, Philippe.1987. *L'anomie, ses usages et ses fonctions dans la théorie sociologique depuis Durkheim.* Paris: PUF.

Blumer, Herbert.1969. *Symbolic Interactionnis.* Englewood Cliffs: Prentice Hall.

Blumenfeld, Warren.1992. *Homophobia: How We All Pay the Price*. Boston: Beacon Press.

Boonin, David.2003. *A Defense of Abortion.* Cambridge Studies in Philosophy and Public Policy. Boulder: University of Colorado.

Bopp,J.-Burtchaell,J.1988. "Report of the Human Fetal Tissue Research Panel". Vol.1. *US Government Printing Office*: Washington.

Burley, Justine.1999. *The Genetic Revolution and Human Rights*. Oxford: Oxford UP

Cibelli,Jose.,Lanza,Robert.,West,Michael.2007 "The First Human Cloned Embryo". *Scientific American*. New York: Doubleday.

Cohen, Stanley.1980. *Folk Devils and Moral Panics: the Creation of the Mods and Rockers*. London: MacGibon&Kee.

Colson, Charles.2004. *Human Dignity in the Biotech Century: A Christian Vision for Public Policy*. Illinois: Downers Grove.

Crompton, Louis.2003. *Homosexuality and Civilization*.Cambridge.Mass: Belknap Press of Harvard University Press.

Crow, James.2004."Assessing population subdivision". *In Evolutionary Theory and Processes: Modern Horizons*. Ed.by S.P.Wasser. Kluber Academic Publishers.

Devine.,Carol., Wilde,Ralph.1999. *Human rights: The essential reference*. Orux Press: Phoenix.

Derek Humphry, Ann Wickett.1986. *The rights to die: understanding euthanasia*. San Francisko: Harper&Row.

Dilthey, Wilhelm.1911. "Le monde de l`esprit". *tr.fr.M.Remy*, 1947, 2 vol, Paris: Aubier.

Dijk, Van. 1991 година. *Расизмот и печатот.* London: Routledge.

Donohue, John; Levitt, Steven. 2006. *Measurment error, legalized abortion and the decline in crime*. University of Chicago.

Dworkin,Ronald.1994. *Life`s Dominion-An Argument About Abortion, Euthanasia, and Individual Freedo.* New York.

Ezekiel, Emanuel.2004. "The history of euthanasia debates in the United States and Britain" in *Death and dying*: a reader, edited by T.A.Shannon. Lanham, MD: Rowman & Littlefield Publishers.

Farhana, Hossain., Werschkul Ben.2007. "The Presidental Candidates on Abortion". New York Times.

Festinger, Leon.1957. "A theory of cognitive dissonance". *Stanford, CA*: Stanford University Press.

Fletcher, Joseph F.1954. *Morals and medicine; the moral problems of: the patient`s right to know the truth, contraception, artificial insemination, sterilization, euthanasia.* Princeton, N.J.K.: Princeton University Press.

Gagnon, John.,William Simon.1968. "Homosexuality: The Formulation of a Sociological Perspective", во: M. Lefton, J. Skipper, C. McCaghy (ur.), *Approaches to Deviance*. New York: Appleton Century Crofts.

Garfield, Stan.1994. *The End of Innocence*. London: Faber.

Garfinkel, Harold.1967.*Studies in Ethnomethodolog.* Cambridge: Polity Press.

Genard, Jean-Louis.1992. *Sociologie de lèthique*. Paris: L'Harmattan.

Gifreu,Josep.1996. "Linguistic oreder and spaces of communications in post Maastricht Europe". *Media Culture&Society*. Vol.18.

Gjorgjevic,Toma.1989.*Teorija masovnih komunikacija*. Belgrad.

Glassner,Barry.1999.*The Culture of Fear:Why Americans Afraid of the Wrong Things*.Basic Books.New York.

Goldhagen, Jonah.1996. *Les bourreaux volontaires de Hitler, les Allemands ordinaries et l`Holocauste*. tr.fr. P.Martin.1997. Paris: Seuil.

Gostin,Lawrence.2002.*Public Health Law and Ethics*. University of California Press.

Greenberg, Anna.2000."The Church and the revitalization of Politics and Commutity". *Political Science Quarterly* 115 (3).

Greenberg, David.1988.*The Construction of Homosexuality. Chicago: University of Chicago Press.*

Greif, Tatjana.2002."Zakonske promjene u vezi s istopolnim partnerstva i obitelj u Sloveniji". *Kruh i ruze*.br.18. Zagreb: Zenska Infoteka.

Груевски, Томе.1999. *Историја на новинарството*.НИП Студентски збор. Скопје.

Gurvitch, Georges.1937. *Morale théorique et sciences des mśurs*. Paris: Alcan.

Habermas, Jürgen, 2001. *L`avenir de la nature humaine. Vers un eugénisme liberal*?, tr.fr.CBouchindhomme.2002. Paris: Galimard.

Hacking, Ian.1999. *The Social Construction of What*?, Harvard: UP.

Hall, Stuart. 1992. *The west and the rest: discourse and power*. Polity press: Cambridge.

Hallin, Daniel., Mancini, Paolo. 2004.*Campaning Media Systems*, Cambridge University Press.

Halloran, James.1970. *Demonstrations and Communications: A case study.* Harmondsworth: Penguin.

Harris, John.1999a.*Clones, Genes and Human Rights*.Burley

__________.2001b.*Bioethics*. Oxford: Oxford University Press.

Howard, Kaye.1997. The Socialmeaning of Modern Biology From Social Darwinism to Sociobiology. New Brunswick: Transaction Publishers.

Hunt, Morton. 1977. *Gay: What You Should Know about Homosexuality.* New York: Simon and Schuster.

Isambert François-André. 1986. "Le "désenchantement" du monde: non-sens ou renouveau du sens". *Archives de sciences socials des religions.* No61/1.

James, Tully., Daniel M. Weinstock.1995. ed., *Philosophy in an Age of Pluralism: The Philosophy of Charles Taylor in Question.* Cambridge: Cambridge University Press.

James Sears., Walter L. Williams.1997.(eds.). *Overcoming Heterosexism and Homophobia: Strategies That Work (Between Men--Between Women).* New York: Columbia Universiti Press.

Jennifer, Terry.1999. *An American obsession: science, medicine and homosexuality in modern societies.* Routledge.

Jonas, Hans.1979. *The Imperative of Responsibility: In Search of Ethics for the Technological Age* (trans. of *Das Prinzip Verantwortung*). University of Chicago Press.

Jones,David.1994.*The Human Embryo in the Christian tradition.*New York: Paulist Press

Kalicanin,Predrag.1999.*Medicinska etika i medicinsko pravo.* Beograd: Institut za mentalno zdravje.

Kass,Leon.,Wilson James.1998."The Ethics of Human Cloning". *New York Times.*

Keane,John.1992.*Mediji in democracija.*Ljubljana: Znanstveno na publicisticno sredisce.

Kennedy Institute of Ethics Journal.1988. *The Moral Status of the Embryo* (u: Treat Me Right-Essays) in Medical Law and Ethics: London.

Kevles,Daniel.1985. *In the Name of Eugenics. Genetics and the Uses of Human Heredity.* Harvard UP: Cambridge Mass.

Korni, Daniel.1997.*Etika informisanje*.Clio:Beograd.

Корубин, Јован.1994. *Масмедиумите и правото.* Скопје.

Кунчик,Михаел.,Ципфел,Астрид.1998. *Вовед во науката за публицистика и комуникации*.Фондација:Фридрих Еберт.Скопје

Ladriere, Paul.2001. *Pour une sociologie de l`éthique*. Paris: PUF.

Latour, Bruno., Woolgar, Steve.1979. *La vie de laboratoire*. tr.fr. M.Biezunski,1988. Paris: La Découverte.

Lee,Patrick. 1996. *Abortion and Unborn Human Life*. Catholic University of America Press.

Levine,J.Robert.1996. *Research Involving Children as Subject, in: Birth to Dead-Science and Bioetics*. ur.Thomasma, D.C.-Kushner,T. Cambridge.

Lichtenberg, Judith.1990. *Democracy and the masmedia.* Cambridge University Press: Cambridge.

Luhmann, Niklas.2000. *The Reality of the Mass Media*, Polity Press:Cambridge.

Лукиќ, Радомир.1974. *Социологија морала.* Београд: Српска академија наука и уметности.

Magnusson, Roger. 1997. “The sanctity of life and the right to die: social and jurisprudential aspects of the euthanasia debate in Australia and the United States”. in *Pacific Rim Law & Policy Journal* (6:1).

Мателар, Арман и Мишел. 2003. *Историја на теориите на комуникација.*Еин-Соф: Алеф.Скопје.

Матевски, Зоран. 2000. *Масмедиумите и наставата.* Здружение на социолозите на Р.Македонија. Скопје.

McNaron, Toni. 1997. *Poisoned Ivy: Lesbian and Gay Academics Confronting Homophobia.* Philadelphia: Temple University Press.

McKvejl, Denis.1994. *Stari kontinent-novi mediji.* Beograd: Nova.

McLuhan,Marshal.1994.,,Understanding Media,,.*The MIT Press*:London.

Merton, Robert K. (a). 1938. “Social Structure and Anomy”. *American Sociological Review*,3 (5).

_______________.(b). 1957. *Social Theory and Social structure.* New York: Free press.

Milosavjević, Ratko. 1965. *Šta su društvene pojave i društvene svesti.* Beograd: Naućna knjiga.

Moore, Keith.1998. *Developing Human, Clinically Oriented Embryology.* 6th Edition, Philadelphia: W.B.Sanders.

Moss,Vladimir. 2006.*The True Church in the Last Times.* Moscow.

Mrsevic, Zorica.1997."Prava lezbejki i homoseksualaca su ljudska prava", *prevzemeno od zenski studii.* Belgrad: Institut za kriminolosko i socioloski istrazivanja.

McMahan, Jeff.2002. *The Ethics of Killing: Problems at the Margings of Life, Ohford Ethics Series, New York*: Ohford University Press.

Meulemann, Heiner.2009.*MassMedia Research.* Federal Ministry of Education and Research.

Nagel,Thomas.1991. *Equality and Partiality.* Oxgord University Press.

Nathanson, Bernard.1996. *The hand of God.* Washington: Regnery Pub.

Nichols, Jack.1996. *The Gay Agenda: Talking Back to the Fundamenalists.* New York: Prometheus.

Orec, Mate. 1977. *Osnovi sistema informisanje.* Belgrad: Privredni pogled.

Павичевиќ, Вуко. 1974. *Основи етике.* Београд.

Palmer, Michael.1991.*Moral Problems.*Cambridge: Lutterworth Press.

Parsons, Talcott, Edward A.Shils.1951. "Values, Motives and Systems of Action" in T.Parsons, E.A.Shils (ed). *Toward a General Theory of action.* New York: Harper and Row, p.47-278.

Paterson, Craig. 2008. *Assisted Suicise and Euthanasia: an Natural Law Ethics Approach.* Hampshire: Ashgate.

Peterson K. Jean.1996. *Health Care for Lesbians and Gay Men: Confronting Homophobia and Heterosexism.* New York: Harrington Park Press.

Polsek, Darko.2004.*Sudbina odabranih, Eugenicko nasljedze u vreme genske tehnologije*.Zagreb:ArTresor.

Питерс,Дирем,Џон.2003.*Говорење во етерот*. Скопје: Магор.

Rachels, James.1986.*The End of Life: Euthanasia and Morality*. New York: Oxford University Press.

Rawls, John.1993. *Libéralisme politique*. tr.fr. G.Audard. 1995. Paris: PUF.

Riceur, Paul.2001. *La Sémantique de l`action*. Paris: CNRS Editions.

Riddle,John.1997.*Eve`s Herbs: A History of Contraception and Abortion in the West. Cambridge*. MA: Harvard University Press.

Saviotti,Pier.Paolo. 2003. „Applied Evolutionary Economics: New Empirical Methods and Simulation Techniques„.*Edward Elgar.Chaltenham*.UK.

Schwarz,Siegfried. 1990. *The Moral Question of Abortion*. Chicago: Loyola University Press.

Simone Bateman-Novaes.1997. *Raison pratique et sociologie de l`ethique*. CNRS Editions.

Simmel, Georg.1906. *Sociologie*. tr.fr. L.Deroche-Gurcel. 1999. Paris: PUF.

Simonson, Peter.2002. *Bioethics and the Rituals of Media Journal article*. The Hastings Center Report, Vol. 32.

Stanley, Milgram.1974. *La soumission à l`autorité,tr.fr.E.Molinié*,Paris:Calmann-Lévy.

O`Sullivan, Tim., Hartley, John., Saunders,Danny., Montgomery,Martin., Jonh. Fiske. 1995. *Key Concepts in Communication and Cultural Studies*. Routledge: London and New York.

Сурожски,Антониј.2002. *Православниот христијански брак*. Скопје: Повардарска епархија.

Tompson, Kenet. 2003. *Moralna panika*. Beograd: Clio.

Thornton, Sara.1995. *Club culters: Music, Media and Subcultural Capital.* Cambridge: Polity Press.

Weeks, Jeffrey.1983. *Coming Out: Homosexual Politics in Britain, from the 19$^{th}$ Century to the Present*. London: Quartet Books.

Weinberg, George.1972. *Society and the Healthy Homosexual, Garden Sity*. New York: Anchor Press Doubleday&Co.

Wellings,Kaye.1994. *Sexual Behavior in Britain: The National Survey of Sexual Attitudes and Lifestyles*.London UK: Penguin Books.

Williams, Frederick.1988.*Research Methods and the New Media*. New York: Free press.

Wockner, Rex.1997.*Same-sex marriage.* Nordic-style.

Шопар, Весна.2003. Демократијата и младите. Детски парламент на Македонија.